Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 300 1 јуни 2022 година

јуни 2022 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област економика на претпријатијата и економика на јавни служби на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 3
**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научна област урологија (30303) ..... 23
**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области фармацевтска хемија и биоорганска хемија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 40
**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области македонистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 50
**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област деловно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 68
**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор за наставно-научната област фармакогенетика на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 92
**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор за наставно-научната област дерматовенерологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 101

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ЕКОНОМИКА НА ЈАВНИ СЛУЖБИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2102-77/6 од 25.3.2022 година донесена на 263. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 25.3.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област економика на претпријатијата и економика на јавни служби на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 17.3.2022 година и во предвидениот рок се пријави д-р Снежана Бардарова, насловен доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Снежана Бардарова** е родена на 24.5.1982 година во Штип. Основно образование завршува во ООУ „Ванчо Прќе” во Штип. Средно образование со одличен успех завршува во Гимназијата „Славчо Стојменски” (природно–математичка насока) во Штип.

Своето образование го продолжува на Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што дипломира во 2005 година и се стекнува со стручниот назив дипломиран правник. Во 2014 година дипломира и на Факултетот за економија и организација на претприемништвото, насока Менаџмент на организација на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин” во Свети Николе, каде што предвидените испити ги положува со просек 8.9 и успешно го одбранува дипломскиот труд на тема „*Менаџмент на цените и пропагандата како елементи на маркетинг-миксот на претпријатието*” и се стекнува и со стручниот назив дипломиран економист, област менаџмент.

Со академскиот степен магистер на правни науки, област европско право и право на ЕУ, се стекнува на Правниот факултет при Универзитет ФОН во Скопје, каде што предвидените испити ги положува со просек 8.13 и на 7.7.2010 година го одбранува магистерскиот труд на тема *„Влијанието на меѓународните организации врз меѓународното право”*.

Со научниот степен доктор на економски науки се стекнува на 7.12.2016 година на Економскиот институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј” во Скопје, каде што со успех ја одбранува докторската дисертација на тема *„Можности за унапредување на економичноста во работењето на претпријатијата во Република Македонија, со посебен осврт на претпријатијата од секторот хотели и ресторани”*.

Кандидатката има работно искуство во образованието и во стопанството. Во периодот од 1.3.2002 до 9.6.2008 година има работено во меѓународни шпедиции каде што работела на царинење на секаков вид на стока.

Во академската 2010/2011 година кандидатката е ангажирана како волонтер на Факултетот за туризам и бизнис логистика и согласно со договорите за волонтерска работа со Универзитет „Гоце Делчев” – Штип успешно ги извршува сите поставени административно-наставни задачи, покажувајќи солидни комуникациски вештини и способност за организирање и реализирање на оперативните задачи на факултетот.

Од 3.10.2011 година кандидатката е вработена на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, каде што со Одлука бр.2602-224/3 од 3.10.2011 година е избрана во соработничко звање помлад асистент и засновува работен однос на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип каде што била ангажирана на повеќе предмети од сите насоки на факултетот.

Од 1.10.2014 година кандидатката работи како технички секретар на единиците при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, каде што професионално и одговорно ги извршува сите административни и правно-технички задолженија.

Во 2017 година со Одлука бр.2102-463/4 од 4.10.2017 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип кандидатката е избрана за наставник во насловно звање - доцент за наставно-научната област економика на претпријатија и економика на јавни служби.

Од 2018 година кандидатката е избрана за секретар на Музичка, Ликовна и Филмска академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што успешно и одговорно ги извршува сите административно-правни обврски.

Кандидатката во периодот од изборот во насловно звање - доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика и секретар на уметничките академии, успешно ги извршува и наставните и административно-правните обврски. Активно е вклучена во наставата и во научноистражувачката дејност преку објавување на скрипти и практикуми од областа, подготовка на презентации и интерни материјали за реализација на наставата. Кандидатката истовремено е автор и коавтор на повеќе научни трудови кои се објавени во меѓународни списанија и во зборници на трудови од научни конференции кои се достапни на репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, што упатува на нејзиниот интерес и желба за научноистражувачка работа. Активно учествува на бројни домашни и меѓународни конференции и обуки со желба да го усоврши своето знаење и вештини. Кандидатката од изборот во насловен доцент е член во меѓународниот уредувачки одбор на меѓународното научно списание „Poslovna izvrsnost - Business Excellence» на Економскиот факултет во Загреб, Хрватска, член е во Меѓународниот одбор за рецензија на меѓународното научно списание International Journal of Sustainable Economies Management (IJSEM)-IGI Global во Романија, рецензент е на трудови во меѓународното научно списание „Tourism Management - Elsevier Journal“, а паралелно е вклучена и во универзитетските и факултетските комисии.

Од приложената документација, кандидатката д-р Снежана Бардарова ги исполнува законските (општи и посебни) услови за избор во звање вонреден професор и одлично го владее англискиот јазик за што достави Cambridge English Certificate (B1).

***- Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:***

**- Општи услови за избор:**

1. **Просечен успех:** Д-р Снежана Бардарова има просечен успех од 8,9 на прв циклус и 8,13 на втор циклус студии.

2. **Научен степен**: Д-р Снежана Бардарова е доктор на економски науки. Докторската дисертација на тема „Можности за унапредување на економичноста во работењето на претпријатијата во Република Македонија, со посебен осврт на претпријатијата од секторот хотели и ресторани” е одбранета на 7.12.2016 година на Економски институт - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

3. **Претходен избор во звање:** Со Одлука бр .2102-463/4 од 4.10.2017 година д-р Снежана Бардарова е избрана за насловен доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област економика на претпријатија и економика на јавни служби.

4. **Објавени најмалку пет научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години:** Д-р Снежана Бардарова во периодот 2017-2022 година има објавено вкупно 20 научни трудови, од кои 13 труда се објавени во меѓународни научни списанија и 7 труда се објавени во зборници од меѓународни научни конференции и има објавено 2 научни помагала (рецензирана скрипта и рецензиран практикум).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Bardarova Snezana** Serafimova Mimoza | The role of the principle of economics in business operation of the enterprises | Knowledge - International Journal,Scientific Papers, 38 (1). pp. 245-250. ISSN 2545-4439, ISSN 1857-923X | 2020 |
| 2 | **Bardarova Snezana** Magdinceva Sopova Marija Ristovska Andrijana Durkalic Danijela | Creation jobs in the real sector: case of the Republic of North Macedonia | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 34 (1). pp. 55-61. ISSN 2545-4439 | 2019 |
| 3 | **Bardarova Snezana** Serafimova Mimoza Atanasoski Drasko | The role of measures for support of SMEs on employment in the Republic of Macedonia | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 30 (1). pp. 73-80. ISSN 2545-4439 | 2019 |
| 4 | **Bardarova Snezana** Magdinceva Sopova Marija Markovska Monika Milenkovski Bozidar | The impact and the role of the small and medium enterprises on the employment in the Republic of Macedonia | Knowledge-International Journal, Scientific Papers, 28 (1). pp. 105-110. ISSN 2545-4439 | 2018 |
| 5. | **Bardarova Snezana** Serafimova Mimoza Cackov Oliver | The role of active employment policies and the economic effects on the unemployment of young people in Macedonia | Knowledge-International Journal, Scientific Papers, 28 (5). pp. 1467-1476. ISSN 2545-4439 | 2018 |
| 6. | Mitrasevic Mirela **Bardarova Snezana** | Measuring the risk of lending to small and medium-sized enterprises in the Republic of Serbia in light of modern banking regulations | Ekonomski horizonti, Volumen 22,Issue 3, pp.263 – 277. ISSN: 1450-863 X | 2020 |
| 7. | Mitrasevic Mirela **Bardarova Snezana** | Causes of non-payment of mortgage loans: theoretical and practical aspects. | UTMS Journal of Economics, 11 (2). pp. 138-150. ISSN Print ISSN: 1857-6974 Electronic ISSN: 1857-6982 (DOAJ, ProQuest,EBSCO, EconBiz,Econis,EconLit, GoogleScholar,IDEAS, Index Copernicus International,Open J-Gate,EconStor) | 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Serafimova Mimoza **Bardarova Snezana** | Supply of the labor market with labor force - Condition in Macedonia | International Journal of Business and Management Invention (IJBMI) ISSN (Online) 2319-8028, ISSN (Print):2319-801X Volume 9 Issue 6 Ser. III pp 36-44 (EBSCO, ProQuest, Cabell's Directories, Ulrichs Web, Google Scholar) IF: 4,72 | 2020 |

5. **Познавање од англиски јазик** кое кандидатката го докажува со потврда за познавање на јазикот преку Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English) - (B1).

6. **Способност за изведување на високообразовна дејност**: Кандидатката д-р Снежана Бардарова е вработена на Универзитет „Гоце Делчев"– Штип од 2011 година, почнувајќи како помлад асистент, насловен доцент и административен службеник (технички секретар и секретар). Активно е вклучена во вршењето на наставно-образовните и административно-правните задолженија на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Соработува со наставниците на Факултетот за туризам и бизнис логистика во доменот на научноистражувачката работа и одржувањето на наставата, како и со студентите во доменот на обезбедување на литература и подготовка на испитите и проширување на нивното знаење. Кандидатката е автор и коавтор на скрипти и практикуми од обласа за предметите за кои е ангажирана и истите се користат како интерни материјали на факултетот и е член на универзитетски и факултетски комисии.

**Посебни услови:**

**1. Рецензирана скрипта и практикум:** Кандидатката д-р Снежана Бардарова има издадено е-скрипта и е-практикум за предметот Економика во јавен сектор кои се достапни на е-репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Josheski,Dushko and **Bardarova, Snezana** (2018) *Основи на економика на јавни служби (избрани теми) - скрипта*. ISBN978-608-244-561-8.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21104

Josheski,Dushko and **Bardarova, Snezana** (2018) *Основи на економика на јавни служби (избрани теми) - практикум*. ISBN 978-608-244-560-1.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21111

**2. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето:** Кандидатката д-р Снежана Бардарова го има остварено потребниот број на поени (минимум 75) кои се однесуваат на целокупната актива**.**

(НО)=30; (НИ)= 193; (САОР)=32,5 или вкупно 255,5 поени (детали во табелата).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Снежана Бардарова во учебната 2010/2011 година со договори за волонтерство од 1.3.2010 година до 30.6.2011 година волонтира на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија, на Катедрата за бизнис логистика и туризам при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Со Одлука бр.2602-224/3 од 3.10.2011 година е избрана во соработничко звање помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев» – Штип. Во периодот од октомври 2011 година до октомври 2014 година како помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев» – Штип, активно и професионално учествува во наставата преку реализација на вежби на прв циклус студии на студиските програми Бизнис логистика и Туризам во наставните центри Гевгелија и Скопје по предметите: Економика на претпријатија, Трговско право, Основи на економика, Меѓународна трговија, Менаџмент на мал и среден бизнис, Производствен

менаџмент, Царинска тарифа и царинска управна постапка, Осигурување од одговорност, Мрежен систем на продажба, Внатрешна трговија и логистика, Претприемништво, Основи на логистика, Договор за меѓународен промет, Организациско однесување, Меѓународен транспорт и шпедиција, Вовед во осигурување, Проценка и надомест на штета, Економика на туризмот, Економија на угостителство, Истражување на туристичкиот пазар, Основи на туризмот, Термален (бањски) туризам, Сообраќај во туризмот, Туристичка картографија и Истражување на туристичкиот пазар.

Во 2017 година, д-р Снежана Бардарова со Одлука бр.2102-463/4 од 4.10.2017 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип е избрана за наставник во ***насловно звање доцент за наставно-научната област економика на претпријатија и економика на јавни служби***.

Од изборот во насловно звање доцент, со одлуки на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика за ангажирање на наставници и соработници на прв циклус студии за учебните 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 година, кандидатката д-р Снежана Бардарова е ангажирана за предметен наставник на предметите:

- **Производствен процес во угостителството** (2018/2019, студиска програма Бизнис логистика, V зимски семестар, часови 2+1+1 во Скопје);
- **Симулација во донесување на одлуки** (2018/2019, студиска програма Бизнис логистика, II летен семестар, часови 2+1+1 во Штип);
- **Царински систем и политика** (2019/2020, студиска програма Бизнис логистика, V зимски семестар, часови 3+2+2 во Штип);
- **Производствен процес во угостителството** (2019/2020, студиска програма бизнис логистика, V зимски семестар, часови:2+2+1 во Скопје) – комисиски;
- **Економика на претпријатијата** (2019/2020, студиска програма Бизнис логистика и бизнис администрација, II летен семестар, часови 2+2+1 во Штип);
- **Симулација во донесување на одлуки** (2019/2020, Студиска програма Бизнис логистика, II летен семестар, часови 2+1+1 во Штип - комисиски);
- **Производствен менаџмент** (2020/2021, Студиска програма Бизнис логистика и бизнис администрација, I зимски семестар, часови 2+1+1 во Штип, Скопје и Гевгелија);
- **Економика на претпријатијата** (2020/2021, студиска програма Бизнис логистика и бизнис администрација, II летен семестар, часови 2+2+1 во Штип);
- **Производствен менаџмент** (2020/2021, студиска програма Бизнис администрација, V зимски семестар, часови 2+1+1 во Штип и Скопје.

Кандидатката д-р Снежана Бардарова како насловен доцент успешно и навремено ги извршува работните активности и активно учествува во наставно-образовната дејност преку одржување на предавања и вежби за предметите за кои е ангажирана, спроведување на испити и колоквиуми, прегледување и оценување на семинарски работи, давање информации и појаснувања на студените во врска со одржувањето на наставата, испитите, вежбите, колоквиумите, редовно внесување податоци за студентите во електронскиот индекс, подготвување на интерни скрипти и практикуми за предавања на студентите, изработка на презентации за предавања и вежби, редовно одржување консултации со студентите и активно е вклучена во научноистражувачката дејност со објавување на научни помагала и на научни трудови во релевантни списанија и учествува на научно-стручни конференции.

Научноистражувачка дејност на кандидатката д-р Снежана Бардарова во периодот за кој се изготвува овој реферат се објавени во меѓународни научни списанија, зборници на научни конференции и конгреси во странство, како и научни и стручни учебни помагала. Трудовите на кои е направена научната евалуација уредно се прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и се споделени на следниов линк:https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Bardarova=3ASnezana=3A=3A.html.

Кандидатката во извештајниот период е автор и коавтор на повеќе скрипти и практикуми, како и на научни трудови објавени во референтни научни публикации.

Во продолжение следува приказ и научна евалуација на научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Снежана Бардарова.

**Позитивно рецензирана скрипта**

Josheski,Dushko and **Bardarova,Snezana** (2018) ***Основи на економика на јавни служби (избрани теми)-Скрипта.*** ISBN978-608-244-561-8.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21104

Скриптата „Основи на економика на јавни служби" е напишана за потребите на студентите по предметот Економика во јавен сектор на додипломските студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Скриптата опфаќа широкиот опсег на теми кои ги вклучуваат: Даночната инциденца, Оптималното оданочување и теоријата на јавни добра. Оданочувањето е централна област на оваа наука. Скриптата содржи десет тематски поглавја: Вовед во оданочување, Даночна инциденца, Однаочување и економска ефикасност, Оптимално оданочување, Оданочување на капитал, Ефикасност и праведност, Јавните добра и јавно обезбедените добра, Екстерналиите и животната средина, Здравствена грижа и Социјално осигурување.

**Позитивно рецензиран практикум**

Josheski,Dushko and **Bardarova,Snezana** (2018) ***Основи на економика на јавни служби (избрани теми)-Практикум.*** ISBN 978-608-244-560-1.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21111

Практикумот „Основи на економика на јавни служби" е напишан за потребите на студентите по предметот Економика во јавен сектор на додипломските студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Практикумот се состои од 35 решени задачи и 2 задачи кои се состојат од одговор на зададените прашања. Задачите кои се решени се од следниве теми: Хиксова и Маршалијанска функција на побарувачка, Оптимално оданочување на доходот, Оданочување на стоки, Оданочување на капитал, Влијанието на даноците врз каматните стапки и доходот, понатаму Еквилибриумот во загадување, Парето оптимално оданочување на доходот, Корективно оданочување на Пигу, Оптимално линеарно оданочување, Јавни добра, Даночни приходи и даночна инциденца, Даноците на Пигу загадувањето и работните места, Втората фундаментална теорема на економијата на благосостојбата и нејзините претпоставки, Интензивната реакција на понудата на труд на даноците, Екстензивната реакција на понудата на труд на даноците, Нееднаквост на доходот и редистрибуција, Прогресивно оданочување на доходот, Побарувачката за здравствени услуги и здравственото осигурување, Оптимално социјално осигурување, Даночна инциденца и вкупна загуба од воведувањето на даноците, Првата и втората фундаментална теорема на економијата на благосостојбата и оданочувањето, Ефектот на владините субвенции и др.

**Нерецензирана скрипта**

- **Бардарова Снежана** (2020) ***Основи на економика на претпријатијата – интерна скрипта***

Скриптата „**Основи на економика на претпријатијата**" се користи како интерен материјал и е изработена за потребите на студентите кои го изучуваат предметот Економика на претпријатија на додипломските студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Скриптата обработува 10 теми кои се однесуваат на изучувањето на современото претпријатие како основен економски субјект, неговата деловна активност и функциите кои се од интерес за студентите од економска ориентација и управување Скриптата ги обработува следните тематски поглавја: Економиката на претпријатијата како научна дисциплина, Претпријатието како основен стопански субјект на пазарното работење, Основање, локација и големина на претпријатието, Диференцирање на претпријатијата, Управување со средствата на претпријатието, Управување со работната сила - труд и плаќање на трудот, Управување и калкулација на трошоците на претпријатието, Управување со ефикасноста и ефективноста на претпријатието, Основни економски принципи на работењето – управување со квалитетот на економијата на претпријатието и Приходи и расходи на претпријатието-управување со резултатите од работењето на претпријатието.

**Нерецензиран практикум**

- **Бардарова Снежана** (2020) ***Основи на економика на претпријатијата – интерен практикум***

Практикумот „**Основи на економика на претпријатијата**" се користи како интерен материјал и е изработен за потребите на студентите кои го изучуваат предметот Економика на претпријатија на додипломските студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Практикумот опфаќа контролни прашања за десет тематски единици и 33 решени задачи од наставната област на предметот-пресметки на набавна и сегашна вредност на основно средство, пресметка на просечно ангажираните средства на претпријатието, пресметка на амортизационата стапка, годишниот износ на амортизација, вкупниот износ на амортизација и сегашна вредност, пресметка на обртни средства, коефициент на обрт на средства и траењето на обртот, пресметки на трошоците и на коефициентот на реагибилност на разните видови трошоци при промена на обемот на производството.

**Нерецензирана скрипта**

- **Бардарова Снежана** (2019) ***Царински систем и политика - интерна скрипта***

Ракописот **„Царински систем и политика"** е нерецензирана е-скрипта наменета и е изработена за потребите на студентите кои го изучуваат предметот Царински систем и политика на додипломските студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Скриптата обработува 11 теми кои се однесуваат на царинскиот систем и царинската политика во Република Македонија и тоа: Царинската политика како елемент на трговската политика, Инструменти на царинската политика, Царински режими, Општи разгледувања за царинскиот систем, Основни институти на царинскиот систем, Царински долг, Царински надзор и контрола, Царинска вредност и пресметување на царинските давачки, Царинска тарифа, Потеклото на стоките и Организација на Царинската служба на Република Македонија.

- **Нерецензирана скрипта**

**Бардарова Снежана** (2020) ***Производствен и оперативен менаџмент-интерна скрипта***

Ракописот „**Производствен и оперативен менаџмент**" е нерецензирана е-скрипта која се користи како интерен материјал и е изработена за потребите на студентите кои го изучуваат предметот Производствен менаџмент на додипломските студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Скриптата обработува 12 теми кои се однесуваат на изучувањето на основниот концепт на производствениот менаџмент или управување со производството како што е производството, историска еволуција на производството и управувањето со операции, управување со средствата како фактор за производство,работната сила како фактор за производство, појавни облици на резултатите од производството, основни концепти на производствениот менаџмент(дефинирање, цели и основи на производствениот менаџмент), поим и видови на производствени системи, варијабли на производствениот систем, параметри во производството, планирање на производството, контрола на производство и работењето, управување и контрола на залихи и многу повеќе.

**Трудови објавени во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на Конкурсот**

***Трудови објавени во меѓународно научно списание опфатено со SCI/CA:***

**3. Bardarova, Snezana** and Serafimova, Mimoza (2020) ***The role of the principle of economics in business operation of the enterprises*** Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38 (1). pp. 245-250. ISSN 2545-4439, ISSN 1857-923X (EBSCO) IF:1,822 (2017)

**Евалуација на трудот:** Во трудот се обработува и анализира економичноста како основен економски принцип на работење на претпријатијата. Основна цел на секое претпријатие е да биде успешно, финансиски стабилно и да обезбеди долгорочност на бизнисот. Оттука, заедничко за сите претпријатија и претприемачи е нивниот стремеж

да бидат ефикасни на пазарот, конкурентни и да остваруваат добивка. Со цел да се види степенот на постигнување на овие цели, неопходно е да се измерат основните индикатори кои укажуваат прво, на остварување добивка на краткорочен рок, а потоа и обезбедување на можноста за одржување на профитабилен долгорочен бизнис. Во трудот се дава акцент на теоретските аспекти на економичноста, а потоа и на начините на мерењето на економичноста и на економската анализа, за на крајот да се утврди улогата и значењето на економичноста врз деловното работење на претпријатијата.

**4. Bardarova, Snezana** and Magdinceva Sopova, Marija and Ristovska, Andrijana and Durkalic,Danijela (2019) ***Creation jobs in the real sector: case of the Republic of North Macedonia.*** Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 34 (1). pp. 55-61. ISSN 2545-4439 (EBSCO) IF:1,822 (2017)

**Евалуација на трудот:** Во трудот се анализира улогата на секторот на мали и средни претпријатија во создавањето на одржливи работни места и зголемување на продуктивноста. Направена е анализа на активните претпријатија во Р.М по големина, по сектори и според бројот на вработените во периодот од 2011 до 2017година, како и анализа на  растот на економијата (БДП) во периодот од 2011 до 2016 година.Од извршената анализа се констатира дека е забележан тренд на постојан пораст на бројот на регистрирани претпријатија од кои најголемиот дел спаѓаат во категоријата на мали претпријатија. Се забележува и тренд на постојан пораст на стапката на вработеност. Врз ваквата состојба на пазарот на трудот голема улога имаат активните владини политики и голем број на стратегии кои нудат програми за вработување, помеѓу кои е и Стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Р.М 2010-2020 година, чија цел е создавање на позитивна бизнис клима и на одредени механизми на пазарот на труд се со цел да се даде поттик на домашните и странски инвеститори да инвестираат и со тоа да создадат нови работни места, како и да се подобрат условите и можностите за вработување и намалување на невработеноста во РМ.

**5. Bardarova,Snezana** and Serafimova,Mimoza and Atanasoski,Drasko (2019) ***The role of measures for support of SMEs on employment in the Republic of Macedonia***. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 30 (1). pp.73-80. ISSN 2545-4439 (EBSCO) IF:1,822 (2017)

**Евалуација на трудот:** Предметот на истражување во трудот е фокусиран кон анализа на мерките за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија во Република Македонија со посебен акцент на вработувањето. Се анализира структурата на МСП од македонското стопанство, нивниот профил и улога врз вработеноста во Македонија. Направен е преглед и се обработени политиките за развој на малите и средни претпријатија и е извршена анализа на вработеноста во микро, малите и средни претпријатија во Македонија. Целта на трудот е да ја утврди улогата на мерките за поддршка на МСП врз решавањето на прашањата со кои се соочуваат претпријатијата во Македонија во поглед на креирањето на нови работни места. На крајот се заклучува дека реалниот сектор има несомнено значајна улога во националната економија. Неговиот позитивниот придонес првенствено се согледува во формирањето на БДП. Растот на додадената вредност кај сите дејности од домашниот реален сектор е евидентен во целиот набљудуван период. Ваквата појава позитивно влијание и придонесува за позитивни промени на конкурентската способност на реалниот сектор кој има позитивен придонес за движењата на пазарот на трудот, придонесувајќи за формирање на расположливиот доход на населението преку растот на бројот на вработените и просечната месечна исплатена плата. Од направената анализа во последните години се забележува тренд на пад на невработеноста, кое се должи активните мерки и мерките на пазарот на труд против сивата економија. Континуираната примена на ваквите активни мерки на пазарот на трудот и во иднина ќе резултира со поефикасно пополнување на слободните работни места, за што е важно да се обезбеди соодветен одговор на понудата и побарувачката на вештини што се остварува со доволна флексибилност на платите преку активности и занимања.

**Bardarova,Snezana** and MagdincevaSopova,Marija and Markovska, Monika and Milenkovski, Bozidar (2018) ***The impact and the role of the small and medium enterprises on the employment in the Republic of Macedonia.*** Knowledge-International

Journal, Scientific Papers, 28(1). pp.105-110. ISSN 2545-4439 (EBSCO) IF:1,822 (2017)

**Евалуација на трудот:** Предметот на истражување во трудот е фокусиран кон спроведување на анализа на активните претпријатија во Република Македонија по големина, по сектори и според бројот на вработени, како и анализа на активноста на населението и вработеноста по сектори и по видот на сопственоста на претпријатието во периодот од 2013 до 2017 година. Активностите во рамките на малите претпријатија, се насочени кон интензивирање на резултатите од работењето со постигнување на рамнотежа меѓу објективните можности и добрите принципи на работењето. Набљудувањето на малото претпријатие,низ призмата на неговото влијание врз стопанскиот раст и развој, го отфрла традиционалното гледање за малите претпријатија како чувари на конкуренцијата. Секторот на мали и средни претпријатија претставува двигател на инклузивниот економски раст во Македонија и во создавањето на одржливи работни места и зголемување на продуктивноста.Авторите не се сложуваат со сфаќањето дека малите претпријатија се економски неефикасни организми. Тие сметаат дека малите претпријатија се носители на иновативноста и претприемништво и се способни брзо да реагираат на промените во окружувањето. Република Македонија со години station наназад се соочува со висока стапка на општа невработеност која останува да биде клучен предизвик за стабилизирање на економскиот и социјалниот развој на земјата.

**Bardarova, Snezana** and Serafimova, Mimoza and Cackov, Oliver (2018) ***The role of active employment policies and the economic effects on the unemployment of young people in Macedonia.*** Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 28 (5). pp. 1467-1476. ISSN 2545-4439 (EBSCO) IF:1,822 (2017)

**Евалуација на трудот:** Во трудот се обработуваат активните политики за вработување во Македонија и се анализира нивната улога и економски ефект врз невработеноста на младите лица во Република Македонија. Невработеноста и недоволната вработеност на младите лица претставуваат голем трошок за македонското стопанство и е причина за активна миграција на младото население. За ваквата состојба голема улога имаат влијанието на општествено-политичките случувања во државата, така и меѓународната политика. Благодарение на активните мерки на државата и на влијанието на Европската Унија преку финансирање и давање на насоки за дејствување на државата во поглед на регулацијата и давањето на можности за самовработување како и олеснувањата на деловните субјекти во поглед на креирањето на нови работни места Македонија во последните години бележи благо намалување на невработеноста на младите лица. Во прилог на трудот се дискутираат направените анализи на активните политики на пазарот на труд во поглед на поттикнувањето на вработеноста на младите лица и се обработени статистички податоци за стапките на движење на активноста, вработеноста и невработеноста на младото население, клучните показатели за пазарот на трудот според возраст и структура на вработеноста и невработеноста на младите лица според нивото на образование. На крајот е понуден заклучок за економските ефекти на државната политика со насоки за дејствување во поглед на зголемување на вработувањето на младите лица во Македонија и сузбивањето на младинската невработеноста.

**6.** Mitrasevic, Mirela and **Bardarova, Snezana** (2020) ***Measuring the risk of lending to small and medium-sized enterprises in the Republic of Serbia in light of modern banking regulations***. Ekonomski horizonti, Septembar - Decembar 2020, Volumen 22,Issue 3, pp.263 – 277, ISSN: 1450-863 X (SCOPUS, EconLit, EBSCO, DOAJ, Cabell's Directories, ProQuest ABIINFORM, Index Copernicus, Ulrichs Web, SCIndex)

**Евалуација на трудот:** Во трудот се врши мерење на ризикот од кредитирање на мали и средни претпријатија од аспект на постојната банкарска регулатива. Тргнувајќи од хипотезата дека зголемувањето на транспарентноста на процесот на мерење на кредитниот ризик би овозможило навремено откривање на проблемите и оставање простор за неопходни дејствија на раководството на малите и средни претпријатија, како и на сите доверители, и ќе обезбеди можност за малите и средните претпријатија да обезбедат повеќе поволни извори на финансирање.Се користи добро познатиот модел на Altman Z-Score за да се процени веројатноста за неисполнување на обврските и да рангира компанијата. Резултатите од моделот укажуваат дека до одреден степен тие можат да откријат компании чиј банкрот

може да дојде во следните две години од проценката, но дека тие не можат да се сметаат за сигурни за проценка на веројатноста за банкрот на малите и средни претпријатија во Република Србија. На крајот трудот дава насоки за понатамошно истражување кои се насочени кон развој на моделот на кредитно бодување прилагоден на пазарот на мали и средни претпријатија во Република Србија.

**7.** Mitrasevic Mirela and **Bardarova, Snezana** (2020) ***Causes of non-payment of mortgage loans: theoretical and practical aspects.*** UTMS Journal of Economics, 11 (2). pp. 138-150. ISSN Print ISSN: 1857-6974 Electronic ISSN: 1857-6982 (DOAJ, ProQuest,EBSCO,EconBiz, Econis,EconLit, Google Scholar,IDEAS,Index Copernicus International,Open J-Gate,EconStor)

**Евалуација на трудот:** Целта на трудот е да прикаже истражување кое се занимава со причините за неисполнување на хипотекарните кредити и влијанието на стандардите за кредитирање врз намалувањето на системскиот ризик. Поради значителното учество на хипотекарните заеми во структурата на портфолиото на голем број деловни банки, следењето на способноста на секторот домаќинства за отплата на долговите е многу важно за финансиската стабилност. Бидејќи акумулацијата на нефункционалните кредити во билансите на банките е значително под влијание на падот на цените на недвижностите, во трудот се објаснети факторите кои влијаат на циклусите на пазарот на недвижности. Во период на криза предизвикана од различни владини мерки за борба против пандемијата COVID-19, соодветните стандарди за кредитирање стануваат уште поважни. Посебно внимание во трудот е посветено на влијанието на рациите на ЛТВ, каматната стапка по која е одобрен заемот и рокот на доспевање на заемот врз веројатноста за појава на статус на неисполнување на обврските. Трудот дава основа за понатамошно истражување кое би вклучило до кој степен примената на одредени стандарди за кредитирање би придонела за намалување на доцнењата во плаќањата во специфичните деловни услови кои се предизвикани од актуелната пандемија.

**8.** Serafimova, Mimoza and **Bardarova, Snezana** (2020) ***Supply of the labor market with labor force - Condition in Macedonia.*** International Journal of Business and Management Invention (IJBMI) ISSN (Online): 2319-8028, ISSN (Print):2319-801X Volume 9 Issue 6 Ser. III || June 2020 || PP 36-44 (EBSCO, ProQuest, Cabell's Directories, Ulrichs Web,Google Scholar) IF 4,72

**Евалуација на трудот:** Трудот се осврнува на прашањето каква е постојната состојба на снабдување на пазарот на труд во Македонија со работна сила, анализирајќи го аспектот на состојбата на пазарот на трудот како земја која тежи кон интеграција на пристапувачката економија во европскиот економски простор. Се дискутираат успесите и неуспесите на напорите за реформи на пазарот на трудот на новите земји-членки за да се дадат некои понатамошни насоки за дискусија. На крај се дискутира и неусогласувањето на понудата и побарувачката на вештини на барателите на работа, како аспект на процесот на реформи и последната област на дискусија во трудот е развојот и имплементацијата на активните политики на пазарот на трудот кои гарантираат правична и ефикасна употреба на владините ресурси со оглед на стилизираните факти за невработеноста во Македонија.

**Bardarova,Snezana** and Postolov,Kiril (2019) ***Implementation and financing of modern technologies in the production process.*** Novi Ekonomist: Journal of Economic Theory and Practice (25). pp. 90-95. ISSN 1840-2313 (Print) 2566-333X (Online), Vol 13(1)

**Евалуација на трудот:** Трудот има за цел да ја обработи и демонстрира имплементацијата на современите производствени технологии и нивното финансирање. Во трудот се земат предвид сите технолошки достигнувања од последната деценија и е утврдено дека новите, модерни технологии навлегле во секоја сфера од нашето постоење, менувајќи го начинот на кој комуницираме, учиме и работиме. Технолошките достигнувања не го заобиколија производството. Денес, процесот на производство не може да се замисли без автоматизирани машини кои брзо и ефикасно ја извршуваат работата. Тие го скратуваат времето на циклусот од влезот на суровини и материјали до излезот како готов производ. Понатаму, основната компонента полека станува Интернетот и сите можности што ги нуди што се однесува до целосната координација на фабриката со сите нивоа на управување. Но, имплементацијата на современи технологии е условена од финансирање, односно инвестиции кои треба да ги направат производствените компании.

Иако понекогаш современите технологии можат значително да го намалат буџетот на компанијата, тие се главниот водич за борба против конкуренцијата. Без нив, не може да се смета на зголемување на продуктивноста и ефикасноста во работењето. Ова ги прави современите технологии неизбежен дел од револуцијата во производството на денешното време за кое се свесни и производителите и потрошувачите.

Postolov,Kiril and **Bardarova,Snezana** and Ristovska,Andrijana (2019) ***Organizational structures based on information technology.*** Novi Ekonomist: Journal of Economic Theory and Practice. pp. 89-93. ISSN 1840-2313 (Print) 2566-333X (Online)

**Евалуација на трудот:** Во трудот се анализираат новите организациски структури кои се засноваат на информатиката и се нови организациски модели кои користат технологија за динамично поврзување на луѓето, ресурсите и идеите. Се анализира влијанието на информатичката технологија врз организациската структура преку воведување на виртуелна организација. Затоа, неопходно е да се разберат принципите и легитимноста на функционирањето на виртуелната организација. Суштината на виртуелната организациска структура е во тоа што компанијата ги врши само оние активности во кои е лидер, додека активностите во кои не функционира добро се протегаат и на други претпријатија. Од направеното истражување е утврдено дека, јадрото на мрежата на претпријатијата, која ги создава можностите и ризиците на производите и услугите, а таквата посветеност на виртуелната организација нема граници. За успех на концептот потребно е: меѓусебна доверба, висока технологија, како и стремеж кон одлични перформанси и совршено задоволување на потребите на клиентите. Денес, компаниите не можат да си дозволат да работат за себе, и на овој начин добиваат можност да се ориентираат на нивната основна стратегија и нејзино комбинирање со основните стратегии на другите компании. Потребен е систем кој треба да ги поддржува државните структури во Република Северна Македонија, особено во правното регулирање на склучувањето договори и следењето на спроведувањето на договорот во виртуелна организација, што е негов најважен дел.

**9.** Postolov, Kiril and **Bardarova, Snezana** and Magdinceva Sopova,Marija and Ristovska, Andrijana (2019) ***Challenges in managing your own career development.*** Journal “Economic Outlook“, 21 (1). ISSN 1450-7951 /2334-7570

**Евалуација на трудот:** Во трудот предмет на истражување е кариерниот развој и се анализираат предизвиците во управувањето со кариерниот развој. Современите организации, во рамките на функционирањето на менаџментот на човечки ресурси, се повеќе се занимаваат со проблемот на развој на кариерата. Модерните концепции за кариера го набљудуваат развојот на кариера низ призмата на фактор кој најмногу придонесува за усогласување на поединецот и организациски потреби и интереси. Создавањето услови за кариерни можности и развој на вработените во организацијата го зголемуваат квалитетот на нивната работа и ги прошируваат нивните знаења и вештини.Со тоа се зголемува и проширува конкурентноста на организацијата и се обезбедува успех на сите субјекти - вработените, менаџерот и организација. Во текот на процесот на развој на кариерата, луѓето се соочуваат со голем број проблеми и предизвици поврзани со аспектите на работата и животот. Балансот помеѓу работата и животот е клучен фактор што доведува до поголема организациска продуктивност. Да се најде вистинската работа е филозофијата на процесот на управување со кариерата. Модерните концепции за кариера го набљудуваат преку призма на фактор кој најмногу придонесува за усогласување на поединецот и организациски потреби и интереси.Поаѓајќи од фактот дека Република Северна Македонија се соочува со недостаток на можности за наоѓање работа, или недоволни можности за вработување по професија, овој труд има за цел да идентификува одредени предлози за подобрување. Доколку не се создаде соодветна стратегија и не се преземат сериозни мерки, постои фрустрација, непотизам и одлив на мозоци од државата.

Postolov,Kiril and MagdincevaSopova,Marija and **Bardarova,Snezana** and Ristovska, Andrijana (2019) ***American business culture: an overview of the national culture and organizational cultural dimensions in the USA.*** Knowledge-International Journal, Scientific Papers, 30 (1). pp. 17-23. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Трудот го елаборира прашањето за важноста на националните културни вредности и организациската култура, преку анализа и објаснување на

американската работничка култура во организациското опкружување, набљудувано низ призмата на културните димензии на Хофстед во САД/набљудувано преку примената на Хофстедовите модел во контекст на САД. Во таа насока, лидерството во американските компании се смета и како процес кој е значајно детерминиран од националните и организациските културни влијанија, преку споредување на американскиот и јапонскиот стил на управување, но и преку согледување на улогата на жената во менаџментот во оваа земја, односно прашањето за концептот „стаклен таван“. Наодите од културната анализа на американските работници покажаа дека нивната култура се карактеризира со висок степен на флексибилност и неформалност во однос на односот менаџер-вработен, како и во другите аспекти на работата; висок степен на индивидуализам кој се согледува преку силно вреднување на постигнувањето на индивидуалната иницијатива и достигнување, самопочит, автономија и независност; тенденција за постигнување големи успеси; како и слободата на изразување и толеранцијата кон други идеи или мислења. Во исто време, нивниот стил на управување не се заснова на премногу ригидни норми и правила на однесување. Во однос на застапеноста на жените во менаџментот, иако тие сè повеќе напредуваат и стануваат дел од раководниот кадар, нивниот број и влијание сè уште значително варираат.

Magdinceva, Sopova Marija and Ristevska Jovanovska, Snezana and **Bardarova, Snezana** (2019) ***Social media and development of small enterprises in the Republic of Macedonia.*** Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Предметот на истражување на трудот е насочен кон согледување на важноста и влијанието на социјалните медиуми врз развојот на малите претпријатија во Република Македонија. За таа цел спроведено е практично истражување. Изразените промени на глобализацијата и високиот степен на дигитализација се секојдневие во современото работење кои предизвикуваат промени во работењето на претпријатијата, без разлика на големината и видот на дејноста што ја врши. Во таа насока, интернетот како информативен медиум е дел од секојдневниот живот, а донесувањето на одредена одлука за идната деловна активност е поврзано со разгледување на различни социјални медиуми социјалните медиуми се моќен медиум за комуникација, но и алатка за споделување информации за бизнисот. Преку социјалните медиуми, бизнисите имаат можност да ги следат најновите трендови, можности и анализи и активно да учествуваат во деловното опкружување каде што клиентите се присутни и меѓусебно поврзани. Од содржински аспект, трудот ги објаснува карактеристиките на социјалните медиуми, разликите помеѓу традиционалните и социјалните медиуми како маркетинг алатки и факторите кои придонесуваат за зголемена употреба на социјалните медиуми во секојдневната работа. Спроведената анализа на опкружувањето и резултатите од спроведеното истражување ги потврдуваат утврдените хипотези дека социјалните медиуми претставуваат реална потреба за сите претпријатија и на претприемачите им е потребна едукација за да стекнат знаење за можностите што ги нудат социјалните медиуми. Врз основа на добиените резултати од спроведеното истражување се дадени сугестии и насоки за ефикасно искористување на можностите на социјалните медиуми и подобрување на перформансите на претпријатијата со цел прилагодување на современите процеси.

- ***Трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции***

**Bardarova,Snezana** and Serafimova,Mimoza (2020) ***The impact of price management on business operation of the enterprise: theoretical aspect.*** In:The 3th International Scientific Conference “Challenges of tourism and business logistics in the 21 st century” ISCTBL, 13 Nov 2020, Stip, Republic of North Macedonia.

**Евалуација на трудот:** Во трудот се анализира теоретскиот аспект и модел што укажува на влијанијата на управувањето со цените (политиката на цени и ценовните стратегии) врз деловното работење на претпријатието. Цените се клучни за ефикасното работење на компанијата. Менаџерите имаат потреба од насоки за тоа кои организациски лостови треба да се активираат за да се зголеми ефикасноста на ценовните програми на нивните фирми. Стратешкото утврдување на цените бара посилна врска помеѓу маркетингот и другите сектори на компанијата. Со цел да се подобрат економските и финансиските перформанси на компаниите, ценовните политики треба да се дефинираат според нивните

внатрешни капацитети и врз основното систематско разбирање на потребите и желбите на нивните клиенти, покрај условите на пазарот, како што се економските услови и степенот на конкуренција.

**10.** **Bardarova,Snezana** and Durkalic,Danijela and Risto,Elenov (2019) ***Analysis of employment in tourism and hospitality SME's: the case of the Republic of North Macedonia***. In: The 2nd International Scientific Conference-Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, 13 Sept 2019, Stip, Macedonia

**Евалуација на трудот:** Предмет на истражување во трудот е вработувањето во малите и средни претпријатија, фокусирано на инвестициите во човечките ресурси во туристичките и угостителските претпријатија. Целта на трудот е да се укаже на влијанието кое го имаат малите и средни претпријатија од секторот туризам и угостителство врз вработувањето во Република Северна Македонија. Во трудот на почетокот е извршена теоретска анализа на улогата на туризмот и на туристичките и угостителските мали и средни претпријатија врз вработеноста, за потоа да се направи истражување на структурата на претпријатијата од секторот туризам и угостителство во Република Северна Македонија, како и анализа на вработеноста во секторот хотели и ресторани во Република Северна Македонија во периодот од 2013 до 2017 година и се дава општ развоен преглед на угостителската трговија и услуги. Од направеното истражување е утврдено дека пазарот на труд во туризмот има динамична природа и има голем потенцијал за создавање вработувања (директни и индиректни). Врз основа на презентираните податоци за учеството на малите и средни туристички претпријатија во вработувањето на луѓето, може да се заклучи дека овие претпријатија имаат огромно значење за македонската економија и за нејзиниот економски развој. Затоа, неопходно е да се преземат мерки и активности за понатамошен развој на овие претпријатија како што се: воведување стимулации за поттикнување инвестиции во туристички капацитети, инвестирање во туристички производ (во повеќе видови туризам), едукација на вработените во областа на туризмот, поттикнување други гранки кои го стимулираат туризмот и обратно, и стручно (универзитетско) образование за менаџерите и другите вработени во туризмот што ќе го обезбеди потребното ниво на квалитет во понудата на туризмот и угостителските услуги.

**Bardarova,Snezana** and Simic,Ivana (2019) ***Managers' role in achieving balance between people and organization.*** In:Contemporary economic trends: Technological development and challenges of competitiveness. ISSN ISBN: 978-86-6139-193-4

**Евалуација на трудот:** Во фокусот на трудот е менаџерот и неговата улога во постигнување рамнотежа помеѓу луѓето(вработените) и организацијата. Поради важноста на човечкиот потсистем за организација, проблемот на взаемна рамнотежа меѓу луѓето (вработените) и организацијата, нивните потреби, барања и очекувања, стануваат се повеќе значајни. Луѓето и организациите се незаменливи едни на други. Сетот на индивидуални и организациски очекувања, потребите и барањата, ја создаваат содржината на т.н. психолошки договор. Во трудот се утврдува психолошкиот договор кој постои помеѓу менаџерот и вработениот и неговата содржина и се прецизира улогата што ја имаат менаџерите во неговата реализација и во воспоставување рамнотежа помеѓу луѓето и организацијата. Успешната интеграција на луѓето во нивната организација е еден од предусловите за триумф на менаџментот и просперитет на организацијата. Механизмот кој го овозможува тоа подразбира балансирање помеѓу потребите, барањата и очекувањата на вработените и потребите, барањата и очекувањата на нивните организации. Менаџерот е одговорен за нивно усогласување. Нивното успешно совпаѓање вклучува не само добро разбирање на формалната организација, но и одлично разбирање на карактерот на луѓето, нивното однесување и клучните фактори кои го предизвикуваат. Реализација на оваа менаџерска задача ги става човечките или интерперсоналните менаџерски вештини во преден план. Највисоко ниво во манифестацијата на човечките менаџерски вештини е способноста на менаџерите да го насочуваат, надгледуваат или контролираат однесувањето на членовите на организацијата. Менаџерот мора да биде способен соодветно да го “канализира” однесувањето на вработените и да го приспособи на барањата, потребите и очекувањата на организацијата.

**11.**Serafimova,Mimoza and **Bardarova,Snezana** and Atanasovski,Drasko (2019) ***Comparative analysis of employment and self-employment in North Macedonia and Western Balkans.*** In: The 2nd International Scientific Conference-Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, 13 Sept 2019, Stip, Macedonia. (In Press)

**Евалуација на трудот:** Во трудот се анализира трендот на развој на пазарот на труд и пазарните движења на трудот во шесте земји од Западен Балкан, во кој спаѓа и Македонија. Врз основа на анализата на податоци за индикаторите на пазарот на трудот за Југоисточна Европа (ЈИЕ) е извршена компарацијата со Македонија. Целта на трудот е да ги потенцира податоците за општата состојба на пазарот на труд во Македонија и да даде упатства за тоа како се развивале пазарите на трудот во Западен Балкан во текот на изминатата година, односно вработувањето и самовработувањето, со фокус на пазарот на труд во Македонија. Невработеноста достигна историски падови во повеќето земји од Западен Балкан, но сепак остана повисока отколку во земји од ЕУ. Невработеноста продолжува да има тренд на опаѓање, а регионот забележува значителен пад на долгорочната невработеност од 1,5 милиони во 2011 година на 776.000 лица, или 10,5 проценти од работната сила, во вториот квартал на 2018 година. Сепак, невработеноста и самовработувањето останаа значаен предизвик во Западен Балкан, каде нивоата беа два до три пати повисоки отколку во односните земји на ЕУ. Резултатите од пазарот на труд се разликуваат низ земјите од Западен Балкан, но има и значителна варијација во земјите. Македонија покажа најголеми регионални разлики во однос на стапката на вработеност и невработеност.

Serafimova, Mimoza and **Bardarova, Snezana** (2018) ***<u>Contemporary entrepreneurial approaches for the needs of the labor market-a review of experiential knowledge in Macedonia and several European countries.</u>*** ICON BEST2018"Global Education,Skills and Competencies:How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs" 15-16 October 2018. ISSN ISBN 978-608-4593-38-6!

**Евалуација на трудот:** Во трудот се анализираат системите за валидација на неформалното и формалното учење во неколку европски земји и концептот на такви системи. Целта на анализата е да придонесе кон развојот на процесот VNFIL- Валидација на неформално и формално учење во Македонија преку нудење на целна компаративна анализа на заеднички европски VNFIL модели и практики со фокус на земјите од ЕУ. Исто така трудот нуди посебен осврт на македонскиот валидациски контекст со фокус на користењето на локалните потенцијали и евентуалната улога на Центарот за образование на возрасни во овој процес. Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ постојано и значајно напредува кон усогласување на своето образование со европските образовни политики и стандарди. Ова вклучува релативно нов развој, имено валидација на неформалното и формалното учење претставува нов процес кој во моментов го подготвуваат Македонскиот центар за образование на возрасни и Европската фондација за обука, кои заеднички со други релевантни чинители го креираат развојот за валидација на формалното и неформалното учење во Македонија. Министерството за образование и наука управува и активно учествува во голем број поврзани законодавни, стратешки и оперативни иницијативи, како што е развојот на македонската рамка за квалификации и неговото упатување кон Европската квалификациска рамка. Македонија постојано напредува кон усогласување на своето образование со европските стандарди и упатства. Таа го заврши процесот на упатување на Националната рамка на квалификации кон Европската квалификациска рамка и го започна процесот на партиципативен дизајн на Валидација на неформално и формално учење VNFIL, кој е предводен од Центарот за образование на возрасни и Европската фондација за обука и целосно се заснова на европските упатства и стандарди.

**Bardarova, Snezana** and Serafimova, Mimoza (2018) ***Labour market and Labour relations;the case od Macedonia.*** 6th Biennial International scientific congress for Business, Economy, Sport and Tourism ICON BEST 2018 "Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs". ISSN ISBN 978-608-4593-38-6!

**Евалуација на трудот:** Во трудот се анализираат активните политики на пазарот на трудот, како од аспект на општиот пристап кон вработувањето и невработеноста во

Македонија, така и од пристапот на родовата застапеност и дава заклучоци и препораки за решавање на невработеноста како главен проблем за македонската економија. Како земја со релативно млада економија и со долг транзициски период, невработеноста е една од главните грижи во македонската економија. Состојбата на пазарната регулатива е поле во кое земјата инвестира и настојува да обезбеди поддршка за населението со релевантна легислатива, која се препознава преку регулативните промени кои влијаат на деловниот и работниот животен циклус. Македонија се соочува со тешка економска ситуација и несоодветно економско владеење, кое, меѓу другото, резултира со слаби резултати на пазарот на трудот. Покрај слабите резултати од пазарот на трудот и социо-економските прашања што произлегуваат како резултат на тоа, политиките за пазарот на трудот сѐ уште се недоволно развиени во Македонија и имаат ограничени ефекти врз подобрувањето на пазарот на трудот. Ова е особено важно за активните политики на пазарот на трудот, кои се признаени како еден од најважните инструменти на политиката во борбата против невработеноста, во ублажување на нерамнотежата на пазарот на труд и придонесуваат кон долгорочни подобрувања. Од направеното истражување се забележува постепен тренд на намалување на невработеноста во последните години, и покрај влијанијата од глобалната криза, што се должи на повеќе фактори, вклучувајќи ги активните мерки на пазарот на трудот (АПП), мерките против сивата економија, отворањето нови работни места во нови компании со странски капитал како и постепено економско закрепнување на државата.

Magdinceva Sopova, Marija and **Bardarova, Snezana** and Stojanovska Stefanova, Aneta (2017) ***The role of the entrepreneur in managing the professional stress of the employees.*** First Internattional Scientific Conference, ISCTBL, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonija. ISSN 978-608-244-465-9

**Евалуација на трудот:** Во трудот се укажува на улогата и влијанието на претприемачот во креирањето и имплементирањето на стратегија за управување со стресот на работа, препознавање и откривање на причините за појава на стресот и намалување на влијанието на стресот кај вработените. Ефективното и ефикасното управување со претпријатијата подразбира имплементирање на стратегија за управување со стресот кај вработените која се состои од препознавање на стресот, откривање на предизвикувачите на стрес и отстранување на нивното влијание. Во рамки на трудот е направено истражување со цел да се согледа состојбата од аспект на информираноста на претприемачот за влијанието на стресот во работата и користењето на одредени механизми за откривање и контролирање на стресот кај вработените. Ефикасноста во управувањето со стресот кај вработените се состои во способноста на претприемачот за откривање и отстранување на изворите на стресни состојби.Според добиените резултати се констатира дека претприемачите немаат обезбедено организациски услови за намалување на изворите на стрес на работа, дека тие имаат централно влијание во креирањето на стратегија и имплементирање на организациски услови за справување со стресот во претпријатието и примена на конкретни механизми или програми за препознавање и управување со стресот на работа и надвор од работа. Добиените резултати упатуваат дека успешното справување со стресот може да се надмине преку имплементирање на соодветен бизнис модел за менаџирање со стресот и примена на превентивна стратегија за управување со стресот.Добиените резултати од истражувањето претставуваат основа за креирање на модел и препораки за претприемачите во создавањето на стратегија за управување со стресот.

Кандидатката д-р Снежана Бардарова во извештајниот период е член во меѓународниот уредувачки одбор на меѓународното научно списание “Poslovna izvrsnost-Business Excellence” на Економскиот факултет во Загреб, Хрватска кое е индексирано во conLit, ProQuest ABI/Inform, ProQuestSocial Science Premium Collection, CAB Abstracts, Directory of Open Access Journals (DOAJ), Hrčak - Portal of scientific journals in Croatia, RePEc. Списанието е достапно на следниот линк https://businessexcellence.net.efzg.hr/eng/editorial. **[23]**

Во периодот за кој се изготвува извештајот кандидатката е член и во меѓународниот одбор за рецензија на меѓународното списание International Journal of Sustainable Economies Management(IJSEM)-IGI Global во Романија, кое е индексирано во RePEc, Google Scholar, Cabell’sDirectories, InspecJournalTOCs, Ulrich’sPeriodicalsDirectory, MediaFinder

и е достапно на следниот линк https: //www.igiglobal.com/journal/international-journal-sustainable-economies-management/52609. **[24]**

Кандидатката од април 2019 година до објавување на конкурсот е рецензент на четири трудови во меѓународното научно списание Tourism Management-Elsevier Journals https://www.journals.elsevier.com/tourism-management **[25]**

Рецензентската комисија констатира дека д-р Снежана Бардарова со својата научноистражувачка работа остварува извонредни резултати кои придонесуваат во областите економика на претпријатијата и економика на јавни служби. Кандидатката е автор и коавтор на вкупно 20 научни трудови од кои: 13 труда се објавени во меѓународни научни списанија и 7 труда се објавени во зборници од меѓународни научни конференции, од кои на 10 трудови кандидатката е прв автор, на 8 трудови е втор автор и на 2 труда е трет автор. Кандидатката има објавено 2 рецензирани учебни помагала: скрипта и практикум од соодветната област и има изработено повеќе скрипти и практикум од соодветните наставно-научни области кои се користат за реализација на наставата. Кандидатката е член во меѓународниот уреднички одбор на две научни списанија и е рецензент на четири научни трудови во меѓународно научно списание. Во рамките на наставно-образовната дејност кандидатката била ангажирана за настава по повеќе предмети на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

- ***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Снежана Бардарова покрај научноистражувачката работа пројавува и особен интерес и активности во стручно-апликативната дејност во насока на примена на научните сознанија во наставата и практиката и понатамошно продлабочување на стручните и научни сознанија. Кандидатката паралелно е вклучена и во универзитетските и факултетските комисии и се има стекнато со повеќе сертификати и потврди.

- **Член на факултетски и универзитетски органи и комисии:**

1. Член на Универзитетската пописна комисија на Ликовна и Филмска академија за 2018 година; **[26]**
2. Претседател на Универзитетската пописна комисија за спроведување на попис на Музичка академија за 2021 година. (Одлука бр.0201-641/38 од 1.11.2021 год. за формирање Комисија за спроведување на попис на Универзитет „Гоце Делчев"-Штип за 2021година); **[27]**
3. Претседател на Конкурсна комисија за реализација на уписите на прв циклус на студии на Ликовна академија при УГД за студиската 2019/2020 година. (Одлука бр. 2402-61/3 од 25.6.2019 год.); **[28]**
4. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови од Филмска академија во Сенатот на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. (Одлука бр.2502-48/4 од 26.3.2019 год); **[29]**
5. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови од редот на студентите во Комисијата за самоевалуација на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (Одлука бр.2502-50/3 од 10.4.2019 год); **[30]**
6. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови од редот на студентите во Комисијата за самоевалуација на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (Одлука бр.2402-52/3 од 15.4.2019 год); **[31]**
7. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови од Ликовна академија во Сенатот на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (Одлука бр.2402-50/4 од 25.3.2019 год); **[32]**
8. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови од редот на студентите во Комисијата за самоевалуација на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (Одлука бр.1402-64/3 од 15.4.2019 год); **[33]**
9. Член на Комисија за проверка на документи по интерен конкурс, изготвување на извештај и поднесување предлог за избор на демонстратор на Музичка академија при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Одлука бр.1402-110/11 од 29.10.2018 год); **[34]**

10. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови од редот на студентите во Комисијата за самоевалуација на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (Одлука бр.2502-48/5 од 26.8.2021 год); **[35]**
11. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови од редот на студентите во Комисијата за самоевалуација на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.(Одлука бр.2402-58/4 од 30.8.2021 год); **[36]**
12. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови од редот на студентите во Комисијата за самоевалуација на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (Одлука бр.1402-92/4 од 27.8.2021 год); **[37]**

Кандидатката во извештајниот период се стекнала со повеќе сертификати и потврди за учество на меѓународни и домашни научни и стручни конференции, конгреси и семинари.

- **Сертификати за учество на меѓународни научни конференции**:

1. The Second International Scientific Conference-Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, 13 Sept 2019, Stip, Macedonia; **[38]**
2. The 50th International Scientific Conference-Contemporary economic trends: Technological development and challenges of competitiveness,Faculty of Economics,18 October 2018, Nis,Serbia; **[39]**
3. The XXII nd International Scientific Conference THE POWER OF KNOWLEDGE, 10-13.10.2019, Kavala, Greece; **[40]**
4. Седмом интернационалном научном скупу ЕконБиз-Економија и бизнис"Изазови глобалне економије у свјетлу четврте индустријске револуције", Факултет пословне економије-Бијељина, 20-21 јуна2019, Бијељина; **[41]**
5. The XXth International Scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS,29 – 31.03.2019, Vrnjacka Banja,Serbia; **[42]**
6. International Scientific Conference, The role of the lawers profession for rule of law and it's implementation in the practice,Institute of Lagal Economic Research and Education-Juridica Prima, 1-3 March 2019,Strumica; **[43]**
7. The XIX th International Scientific Conference KNOWLEDGE IN PRACTICE,14 – 16.12.2018, Bansko, Bulgaria; **[44]**
8. The 6th Biennial International Scientific Congress ICON BEST 2018: Global Education,Skills and Competencies:" How to deliver high quality business education in accordance with the market needs", 15.10.2018-Skopje; **[45]**
9. The First International Scientific Conference-Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, 24-24 October 2017, Gevgelija, Macedonia **[46].**

Кандидатката се стекнала и со **други потврди и сертификати**, и тоа:

- Certificate for *Introductory Speaker* on The XXth International Scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, 29–31.03.2019,Vrnjacka Banja,Serbia (2019); **[47]**
- Certificate for *Moderator of Thematic session* on The XXth International Scientific ConferenceKNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, 29–31.03.2019, Vrnjacka Banja,Serbia(2019); **[48]**
- Certificate of publication a scientific paper The role of the principle of economics in business operation of the enterprises, Knowledge-International Journal, Scientific Papers, vol.38 (2020); **[49]**
- Certificate of publication a scientific paper Creation jobs in the real sector: case of the Republic of North Macedonia, Knowledge-International Journal, Scientific Papers, vol.34 (2019); **[50]**

Certificate of publication a scientific paper The role of measures for support of SMEs on employment in the Republic of Macedonia,.Knowledge-International Journal, Scientific Papers, vol.30 (2019); **[51]**

Certificate of publication a scientific paper Social media and development of small enterprises in the Republic of Macedonia,. Knowledge-International Journal, Scientific Papers, vol.30 (2019); **[52]**

Certificate of publication a scientific paper American business culture: an overview of the national culture and organizational cultural dimensions in the USA,. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, vol.30 (2019); **[53]**

Certificate of publication a scientific paper The impact and the role of the small and medium enterprises on the employment in the Republic of Macedonia,.Knowledge- International Journal, Scientific Papers, vol. 28 (2018); **[54]**

Certificate of publication a scientific paper The role of active employment policies and the economic effects on the unemployment of young people in Macedonia, Knowledge -International Journal, Scientific Papers, vol. 28 (2018); **[55]**

- Certificate of Reviewing the paper to the Tourism Management journal, Elsiver (2019); **[56]**
- Уверение за посетување на задолжителна обука на избирачките одбори, Општинска изборна комисија, Република Северна Македонија (2019); **[57]**
- Сертификат за учество на обука на тема: Европски кодекс за добро административно однесување и македонски кодекс за административните службеници, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (2017); **[58]**
- Сертификат за завршена на обука на тема: Специфики, актуелности и новини во новиот Закон за високо образование (2018); **[59]**
- Сертификат за учество на 78-ма Средба на правници (2018); **[60]**
- Сертификат за учество на 82-ра Средба на правници (2021); **[61]**

Во извештајниот период кандидатката д-р Снежана Бардарова работи на работната позиција секретар и има техничко унапредување за секретар на три единици на Универзитетот „Гоце Делчев"–Штип, и тоа:

1. одлука бр.1402-75/7 од 14.05.2018 година за избор на секретар на Музичка академија; **[62]**
2. одлука бр.2502-50/6 од 03.05.2018 година за избор на секретар на Филмска академија; **[63]**
3. одлука бр.2402-58/3 од 21.05.2018 година за избор на секретар на Ликовна академија. **[64].**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека единствениот пријавен кандидат д-р Снежана Бардарова (насловен доцент) ги исполнува сите услови за избор во насловно звање - насловен вонреден професор за наставно-научната област економика на претпријатијата и економика на јавни служби и согласно табелата со која се бодуваат целокупните активности на кандидатот за избор во звање ги постигнува следните резултати: наставно-образовна дејност (НО)=30 поени; научноистражувачка дејност (НИ)=193 поени; стручно-апликативна и организациско-развојна(САОР)=32,5 поени, или вкупно (НО+НИ+САОР)=255,5 поени, со што го надминува потребниот број на предвидени минимум (75) поени за избор во звање вонреден професор.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа и позитивната оценка од самоевалуацијата, д-р Снежана Бардарова има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **кандидатката д-р Снежана Бардарова да биде избрана во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област економика на претпријатијата и економика на јавни служби на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Митре Аврамоски, редовен професор во пензија - претседател, с.р.**
Факултет за туризам и угостителство – Охрид
Универзитет „Св. Климент Охридски» – Битола
**Д-р Марија Таковска, редовен професор - член, с.р.**
Економски институт – Скопје
Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје
**Д-р Татјана Бошков, вонреден професор - член, с.р.**
Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Избор во звање доцент | 30 | | | | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Монографија или научна книга<br>Реф. 1, 2 | 2 | 10 | | | 20 |
| | Труд со оргинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/ останати)<br>Реф.3,4,5,6,7,11 (прв автор)<br>Реф 8,9,10,12,13 (втор автор)<br>Реф 14,15 (трет автор) | | | 6<br>5<br>2 | 9<br>6<br>3 | 54<br>30<br>6 |
| | Труд со оргинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Реф 16,17,18,19,20,21,22 | | | 7 | 3 | 21 |
| | Учество на научен собир со реферат(постер/ усно)<br>Реф 38-56 | | | 19 | 2 | 38 |
| | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | 4 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание<br>Реф 23, 24 | | | 2 | 2 | 4 |
| | Рецензент на научен труд<br>Реф 25 | | | 4 | 2 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **193** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Учество на стручен собир<br>Реф 57,58.59,60,61 | 5 | 0,5 | | | 2,5 |
| | Техничко унапредување<br>Реф 62,63,64 | 3 | 2 | | | 6 |
| | Член на факултетски орган/комисија<br>Реф. 26-37 | 12 | 2 | | | 24 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **32,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **255,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ УРОЛОГИЈА (30303)**

Со Одлука бр. 2002-110/12 од 5.4.2022 година донесена на 276. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев» во Штип, одржана на 5.4.2022 година, формирана е комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научна област урологија (30303) - 1 извршител, во следниот состав:
– академик д-р Живко Попов, редовен професор во пензија, претседател;
– проф. д-р Јован Ивчев, вонреден професор, член;
– проф. д-р Александар Митевски, вонреден професор, член.

Конкурсот за избор за наставник во сите звања беше објавен на 17 март 2022 година во весниците „Слободен печат“ и „Коха“, и во предвидениот рок се пријави следниот кандидат:

**1. д-р Маја Софрониевска-Главинов.**

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека документите на кандидатката се навреме доставени во архивата на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатката **д-р Маја Андреја Софрониевска-Главинов** е родена на 8.8.1972 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во родното место. Дипломира на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Р. Македонија, во период од 1991 до 23.9.1997 година со среден успех (9.22) и се здобива со степен високо образование (VII/1) и стекнува право на стручен назив доктор на медицина.

Работното искуство и започнува во 1998 година на позиција лекар секундарец на Оддел за детска хирургија во Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје.

Во период од 2001 до 2005 година е специјализант по општа хирургија на Оддел за детска хирургија во Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје. Во април 2005 година кандидатката го положува специјалистичкиот испит по општа хирургија. Во период од 2005 до 2016 година работи како општ хирург на Оддел за урологија во Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје. Во декември 2016 година кандидатката го положува специјалистичкиот испит по урологија. Во период од 2016 г. до денес работи како хирург уролог во Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

Постдипломски студии - магистратура од областа на управување со кризи и заштита и спасување завршува во 2016 година на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје, придружна членка со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Кризен менаџмент во здравствениот сектор – Стандардизација на подготвеноста на болниците за кризен менаџмент преку евалуација на Планот за подготвеност за вонредни/кризни состојби на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски – Скопје“, со што се стекнува со научно звање магистер по менаџмент со одбранбено безбедносни ресурси во областа на управување со кризи и заштита и спасување.

Во септември 2016 година се запишува на докторски студии од областа на базична и клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ -

Штип и на 25 декември 2020 година ја брани докторската дисертација под наслов „Меѓусебна корелација на несаканите дејства во рамките на пост 5α редуктаза инхибитори синдромот кај пациентите кои се на медикаментозен третман за бенигна простатична хиперплазија“ и се стекнува со научно звање доктор на медицински науки.

Научниот и професионалниот развој на кандидатката Маја Софрониевска-Главинов започнува уште во 2008 година кога со на XV редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицински факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ е избрана за помлад асистент на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, по предметот Хирургија. Во 2011 година на VIII седница на Наставно-научниот совет на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ е избрана за асистент на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, по предметот Хирургија.

Во 2020 година на XXXI седница на Наставно-научниот совет на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ е избрана во соработничко звање асистент на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, по предметот Хирургија.

Во период од 2008 до 2020 година кандидатката редовно се ангажира за практична настава и вежби според студиската програма Општа медицина, по предметите: Хирургија, Ургентна медицина, Хирургија клиничка пракса урологија, Клиничко испитување 1, Клиничко испитување 2 и според студиската програма тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт по предметот Хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, и се ангажира за изведување практична настава и вежби по предметот Општа хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Согласно со Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина учествувала во едукациите за избрани лекари организирани од Министерството за здравство во областа урологија.

Кандидатката Маја Софрониевска-Главинов е номинирана од страна на Министерството за здравство на Република Македонија да учествува на обуката „Индекс на безбедност на болниците“ во Тирана, Р. Албанија, во организација на Светска здравствена организација, регионална канцеларија за Европа. По реализација на обуката, кандидатката е ангажирана како обучувач за „Индекс на безбедност во болниците“ во Поранешната Југословенска Република Македонија, во соработка со Министерството за здравство. Како дел од тимот евалуатори учествува во проектот на Светска здравствена организација за евалуација на „Индексот на безбедност на болниците“ во осум болници во државата. По завршување на проектот учествува во изготвување на експертизи со препораки за подобрување на индексот за безбедност на болниците.

Кандидатката е учесник во научен проект „European network of multidisciplinary research to improve the urinary stents”, (ENIUS), COST/CA16217, кој е дел од програмата Хоризонт 2020, во рамките на кој учествува со свои презентации, публикации и предавања.

Редовно континуирано се едуцира на платформата Web of Science Academy, каде што до сега завршува три обуки за рецензија на трудови кои се објавуваат во базата на „Web of Science” и една на академијата „Publons».

Член е на повеќе здруженија и асоцијации како во земјава така и во странство.

Кандидатката активно се служи и има познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

***Општи услови за избор во наставно-научно звање***

Просечниот успех на кандидатката Маја Софрониевска Главинов изнесува:

- **прв циклус студии (9.22).**
- **втор циклус студии - магистратура (10.00).**

**<u>Интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус (9.61)</u>**

Кандидатката Маја Софрониевска-Главинов поседува научен степен доктор на медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Кампус 3, Медицински науки, Факултетот за медицински науки на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината, одбранет во декември 2021 година.

Кандидатката Маја Софрониевска-Главинов има објавено:

- **2 (два) научни труда** во меѓународно научно списание со импакт фактор и
- **5 (пет) научни труда** во меѓународни научни списанија (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of science, Journal Citation reports, SCImago, Journal Rank) без импакт фактор односно во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните 5 (пет) години пред објавување на конкурсот за избор;

**2 (два) научни труда во меѓународно научно списание со импакт фактор**

| **Број** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **ИМПАКТ ФАКТОР** | **Година на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **M. S. Glavinov**, M. Kochubovski | "Impact of social status on the severity of Lower urinary tract symptoms in patients with benign prostatic hyperplasia" | **Journal of Environmental Protection and Ecology (JEPE), Public health** section, Vol. 23 (1). pp. 360-365; **(2022)** ISSN: 1311-5065 | **Science Citation Index (SCI):** Impact Factor (2020) = 0.577 5-Year **Impact Factor** (2020) = 0.598 Scimago Journal Rank (SJR): **Impact Factor** (2019) = 0.263 H Index (2019) = 19 | **Start year: 2006** Abstracting and Indexing in: a) Thomson Reuters Science Citation Index (SCI): Web of Science |
| **2** | S Ristovski, **M. Sofronievska**, D. Mladenovic, M. Sosholcheva, M. Kochubovski. | "Bladder Explosion during Bipolar Transurethral Resection of Prostate – Potential Hazard in Operating Theatre", | **Journal of Environmental Protection and Ecology (JEPE), Public health section,** Vol. 18 (1). pp. 386-389; **(2017)** ISSN: 1311-5065 | **Science Citation Index (SCI):** Impact Factor (2019) = 0.692 5-Year **Impact Factor** (2019) = 0.657 Scimago Journal Rank (SJR): **Impact Factor** (2019) = 0.263 H Index (2019) = 19 | **Start year: 2006** Abstracting and Indexing in: a) Thomson Reuters Science Citation Index (SCI): Web of Science |

**5 (пет) научни труда во меѓународни научни списанија**

(Ebsco, Emerald, Scopus, Web of science, Journal Citation reports, SCImago, Journal Rank) без импакт фактор односно во референтна научна публикација

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of science, Journal Citation reports, SCImago, Journal Rank)** | **Година на излегување на списанието, публикацијата** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Ristovski S., **Sofronievska Glavinov M**., Shosholcheva M. | "Prostate cancer after surgery for benign prostatic hyperplasia" | Macedonian Journal of Anaesthesia, Vol.5 (23). pp. 11-19 (**2021**) ISSN: 2545-4366 **(Journal Rank)** | Key features: Abstracted and Indexed, Refereed, Peer-reviewed Start year: **2017** |
| **2**. | **M. Sofronievska, Glavinov** | "The role of dehydroepiandrosterone sulphate and testosterone in erectile dysfunction in patients treated with 5 alpha reductase inhibitors", | **Knowledge - International Journal (KIJ)** Content type: Academic/ Scholary ISSN: 1857-923X (Online) ISSN: 2545-4439 (Printed) Vol 46 (4). pp. 505-510 (**2021**) **(Journal Rank)** | Key features: Abstracted and Indexed, Refereed, Peer-reviewed **Start year: 2009** |
| **3.** | **M. Sofronievska Glavinov** | "Correlation between post 5 ARI syndrome and dehidroepianderosterone levels in patients with BPH", | **Knowledge - International Journal (KIJ)** Content type: Academic/ Scholary ISSN: 1857-923X (Online) ISSN: 2545-4439 (Printed) Vol 38 (4). pp. 663-669 (**2020**) **(Journal Rank)** | Key features: Abstracted and Indexed, Refereed, Peer-reviewed **Start year: 2009** |
| **4.** | **M. Sofronievska Glavinov**, S. Jovevska, M. Kocubovski | "Quality of life assesment in patients treated with medicaments for benign prostatic hyperplasia", | **Archives of Public Health** Vol 11 (1). pp. 89 – 94 (2**019**) **(Journal Rank)** | The first number of the International Medical Journal Medicus (IMJM) was published in **2008** |
| **5.** | **M. Sofronievska Glavinov**, S. Jovevska, M. Kocubovski | " Occurrence of post 5ARI syndrome in the treatment of benign prostatic hyperplasia with 5 alpha reductase inhibitors ", | **International Medical Journal Medicus (IMJM)** ISSN 1409-6366 Vol 24 (1). pp. 17 - 23 (**2019**) UDC 61 **(Journal Rank)** | The first number of the International Medical Journal Medicus (IMJM) was published in **2004** |

Кандидатката има уверение за познавање на англискиот јазик издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ и покажала дека познавањето на англискиот јазик одговара на **ниво Ц1** според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). **(акт број 03-544/2 од 11.3.2022 година).**

***Посебни услови за избор во наставно-научно звање***

Кандидатката д-р Маја Софрониевска-Главинов има 2 (две) препораки од 2 (двајца) професори од област урологија (проф. д-р Оливер Станков и вон. проф. д-р Сотир Ставридис).

Кандидатката д-р Маја Софрониевска-Главинов има остварено минимум поени (вкупно 209.4) кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот Маја Софрониевска-Главинов.

**I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Кандидатката Маја Софрониевска-Главинов од 1998 год. е вработена на Универзитетската клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски" - Скопје. Од доставените биографски и библиографски податоци на кандидатката, очигледно е дека таа учествувала активно на голем број обуки, работилници, конгреси и семинари од областа на хирургијата и урологијата, одржани во и надвор од нашата земја. Притоа, кандидатката се стекнала со искуство и вештини за примена на здобиените практични знаења.

Како специјалист по општа хирургија и специјалист по урологија редовно и активно е вклучена како научен соработник и едукатор на студенти и специјализанти по хирургија, при што покажува методичност и систематичност во совладувањето на поставените обврски.

Согласно со Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина учествувала во едукациите за избрани лекари организирани од Министерството за здравство во областа урологија.

Кандидатката Маја Софрониевска-Главинов учествува во домашни и меѓународни проекти, како и во изготвување на експертизи, презентации, публикации и предавања.

Во времето на академскиот ангажман како помлад асистент и асистент кандидатката има остварено успешна научноистражувачка дејност која ја остварил преку: учество во научен труд со импакт фактор; научни трудови објавени во меѓународни научни списанија (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of science, Journal Citation reports, SCImago, Journal Rank), учесник на меѓународни научноистражувачки проект со номинација од COST националниот координатор од Министерството за образование и наука; студиски престој во странство; одбранет докторски труд; одбранет магистерски труд и положени специјалистички испити.

Автор и коавтор е на бројни трудови објавени во референтни научни списанија, како и трудови презентирани на научни и стручни собири во земјава и во странство.

Член е на медицински организации во земјава и во странство и член на меѓународен уредувачки одбор.

Кандидатката д-р Маја Софрониевска-Главинов од 2008 година до денес три пати е избрана во соработнички звања по предметот Хирургија

[1] помлад асистент на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", по предметот Хирургија (Билтен на Медицински факултет-Скопје број 938/08) и (Одлука број 02-1459 од 23.05.2008 година).

[2] асистент на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" по предметот Хирургија (Билтен на Медицински факултет -Скопје број 1003/11) и (Одлука број 02-1153 од 21.3.2011 година).

[3] соработник асистент на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", по предметот Хирургија (Билтен на Медицински факултет-Скопје број 1227/20); (Одлука број 02-5236/75 од 30.12.2020 година).

**II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ, И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНАТА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ**

Трудот преку истражувања во литературата има за цел да се утврди вредноста и улогата на анти-канцер терапијата со користење на моноклонални антитела, како и сите нивни модификации. Со овој тип на терапија се овозможува селективно врзување на антителата за туморските клетки, со помалку несакани ефекти и понизок степен на оштетување на здравите клетки. Антителата и нивните продукти, најчесто во конјугирани облици се првите претставници на персонализираната тархет терапија која покажа успешна клиничка апликација. Најпрво е направен краток преглед на неконјугираните антитела (нивен развој, структура, механизам на дејство и терапевтска употреба), како и нивните имуноконјугати со токсини, цитотоксични лекови и радиоизотопи. Овие имуноконјугати се формулирани со цел за зголемување на терапевтскиот капацитет и зголемена испорака на лекот во туморските клетки, но во исто време намалување на резистентноста и несаканите ефекти на цитотоксичните лекови. Авторката овде дава преглед на радиоизотопите и најчесто користените радиоимуноконјугати, со посебен осврт на радиообележаните препарати на трастузумабот, кој се користи во терапија на ХЕР2 позитивен рак на дојка.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Д-р Марија Арев е член на Фармацевтска комора на РСМ, а како дел од стручно-апликативната дејност, во последните години објавила 2 труда во стручното списание „Фармацевтски информатор":

E. Drakalska, B. Angelovska, **M. Sterjova,** A. Cvetkovski – "Characterization and evaluation of nanoparticles with PLGA for controlled drug delivery", Pharmaceutical Informer (2019); 51: 35-39. ISSN 1409-8784 (https://eprints.ugd.edu.mk/21925/)

Овој стручен труд дава детален преглед на наночестичките со PLGA за успешна и контролирана испорака на лековите. Конвенционалната терапија се карактеризира со слаба биорасположливост, намалена ефективност, несакани ефекти и намалена селективност. Со цел да се надминат овие проблеми, како потенцијална стратегија е инкорпорирање на активните супстанци во наночестички. Постигнувањето на оптималната терапевтска концентрација со помош на наночестички во таргет ткивата ја налага потребата и од пониска доза на активната супстанца. Контролирањето на терапевтската концентрација на активната супстанца е од клучно значење за постигнување на оптимални резултати со минимизирани несакани ефекти.

Во трудот е ставен главен акцент на употребата на PLGA наночестичките при третман на инфламаторни заболувања на цревата, како и за испорака на лекови кои се користат

при хипертензија. Даден е и преглед на патентираните формулации на основа на PLGA за испорака на лекови. Трудот има стручно-апликативна вредност.

**M. Sterjova,** E Janevik-Ivanovska - “Monoclonal antibodies like anticancer therapy”. Pharmaceutical informer (2017); ISSN 1409-8784 (https://eprints.ugd.edu.mk/19189/)

Во овој труд со значајна стручно-апликативна вредност за фармацевтската дејност е даден краток преглед на моноклоналните антитела кои се користат како анти-канцер терапија. Особено е акцентирано значењето на слободните (неконјугирани) антитела, кои се регистрирани од страна на FDA (Агенцијата за храна и лекови). Направена е поделба на моноклоналните антитела според процентуалната застапеност на хуманиот и животинскиот фрагмент и потоа даден е детален опис на развојот, структурата, механизмот на дејство и употребата на истите.

Во рамките на научноистражувачката дејност во изминатите години, д-р Марија Арев е автор/коавтор научни објавени научни апстракти на трудови презентирани како усни и постер презентации на научни собири, конгреси и работилници во земјата и странство.

**M. Sterjova,** E. Janevik-Ivanovska, P. Apostolova, P. Dzodic – “Freeze dried kit formulation of trastuzumab-immunoconjugates”. In: 17th CEEPUS Symposium and Summer School on Bioanalysis, 2017 (https://eprints.ugd.edu.mk/18085/) постер.

Во овој научен труд детално е претставена постапката на лиофилизација и формулирањето на стабилни имуноконјугати. Пред лиофилизацијата направено е прочистување на трастузумабот од комерцијалниот препарат и потоа извршена е конјугација на антителото со трите различни хелатори во три различни моларни односи.

**M. Sterjova,** P Dzodic, E. Janevik-Ivanovska – “Bifunctional chelators for trastuzumab conjugation and successful labeling with radioisotopes”. In: 2nd International Scientific Conference of the Faculty of Medical Sciences, Tetovo, Macedonia, 2017 (https://eprints.ugd.edu.mk/18389/) постер.

Бифункционалните хелатори се молекули кои се од големо значење за формулирање на стабилни метални комплекси со различни биомолекули како антитела, пептиди, протеини. Хелаторите ковалентно се врзуваат за биомолекулите од една страна и од друга градат координативни врски со радиоизотопите. Изборот на хелаторот најмногу зависи од типот на изотопот кој се користи. Во овој труд е даден краток преглед на најчестите хелатори кои се користат за конјугација со трастузумабот и со кои радиоизотопи се најпогодни за употреба. Трудот има научна вредност.

**M. Sterjova,** P Dzodic, P. Makreski, T. Ruskovska, E. Janevik-I vanovska – “Physico-chemical assessment of labeled freeze dried kits of trastuzumab-immunoconjugates significant for breast cancer therapy”. ESRR’18 – 19th European Symposium on Radiopharmacy and Radiopharmaceuticals, Groningen Netherland, 2018 (https://eprints.ugd.edu.mk/20911/) постер.

Во овој труд се прикажува физичко-хемиската карактеризација на лиофилизираните имуноконјугати на трастузумабот со трите хелатора во моларен однос 1:20 и нерадиоактивното обележување на истите. Оваа карактеризација е правена со помош на три техники, електрофореза во редуцирачки услови, ИР и Раман спектроскопија. Прикажаните резултати се позитивни кои потврдуваат задржана секундарна структура на трастузумабот и покажуваат успешна конјугација и успешно обележување. Трудот има научна и апликативна вредност.

**M. Sterjova,** P Dzodic, P. Makreski, E. Janevik-Ivanovska – “ATR-IR and Raman spectroscopic characterization of p-SCN-Bn-DTPA and p-SCN-Bn-1B4M-DTPA trastuzumab conjugates”. 7$^{th}$ Balkan Congress of Nuclear Medicine, Sarajevo, 2018 (https://eprints.ugd.edu.mk/20913/) постер.

Во овој труд се врши испитување на имуноконјугатите на трастузумабот со ацикличните хелатори во моларен однос 1:10 и 1:50. Како техника од избор се користи вибрационата спектроскопја (ИР и Раман спектроскопија). Резултатите покажуваат присуство на карактеристичните амидни траки во добиените спектри, кои потврдуваат задржување на секундарната структура на трастузумабот. Трудот има научна и апликативна вредност.

**M. Sterjova,** P. Dzodic, P. Apostolova, E. Drakalska, S. Ilieva, E. Janevik-Ivanovska – “SDS-PAGE electrophoresis – technique for integrity examination of antibodies”. 1$^{st}$ Congress of Medical Students, Stip, Macedonia, 2018

(https://eprints.ugd.edu.mk/21639/) постер.

Моноклоналните антитела претставуваат исклучително важни терапевтски агенси при третман на канцер. Нивниот ефект значително се подобрува со врзување на радиоизотопи, цитостатици во форма на стабилен конјугат, што предизвикува зголемување на специфичноста и селективноста на истите преку зголемена акумулација во таргет клетките. Трудот дава краток преглед на важноста на електрофорезата за испитување на задржаната секундарна структура на антителата после нивна конјугација. Трудот има научна вредност.

E. Drakalska, B. Angelovska, **M. Sterjova,** T. Stefanovska – "Antitumoral activity of resveratrol incorporated in solid lipid nanoparticals". 1st Congress of Medical Students, Stip, Macedonia, 2018 (https://eprints.ugd.edu.mk/20092/) постер.

Во трудот е презентирана антиоксидативната моќ на ресвератрол инкорпориран во наночестички со цел да се оптимизираат физичко-хемиските особини и да се подобри растворливоста. Трудот има научна вредност и е изработен со детална евалуација на примарна, секундарна и терциерна литература. Трудот има научна вредност.

E. Drakalska, B. Angelovska, **M. Sterjova,** A. Cvetkovski – "Formulation and characterization of platforms for topical delivery of antioxidants". VII Serbian Congress of Pharmacy with international partipation, Belgrade, Serbia, 2018 (https://eprints.ugd.edu.mk/20613/) постер.

Во овој труд е направен детален преглед на примарна, секундарна и терциерна литература за наночестички како потенцијални кандидати за топикална апликација на антиоксиданти и добиените податоци табеларно и графички се презентирани на постерот. Трудот има научна вредност.

**M. Sterjova,** P. Džodić, P. Makreski, E. Janevik-Ivanovska – "Cold labeled trastuzumab-p-SCN-Bn-DTPA and trastuzumab-p-SCN-Bn-1B4M-DTPA conjugates – preparation and spectroscopic analysis". VII Serbian Congress of Pharmacy with international partipation, Belgrade, Serbia, 2018 (https://eprints.ugd.edu.mk/20914/) постер.

Во овој труд е прикажана физичко-хемиската карактеризација на нерадиоактивно обележаните имуноконјугати со $YCL_3$ и $LuCl_3$, преку ацикличните хелатори во моларен однос од 1:10 и 1:50. Испитувањето е направено со помош на двете вибрациони техники (ИР и Раман спектроскопија). Добиените резултати покажуваат задржана секундарна структура на антителото, поради присуството на карактеристичните амидни ленти. Трудот има научна и апликативна вредност.

**M. Sterjova,** E. Janevik-Ivanovska, K. Smilkov, M. Darkovska-Serafimovska, The role of radiopharmaceuticals in individualized diagnostic and therapy. In: 3rd International Scientific Conference of the Faculty of Medical Science, Ohrid, Macedonija, 2018 (https://eprints.ugd.edu.mk/20998/) усна презентација.

Авторката дава краток преглед на радиофармацевтиците кои се користат во терапија и дијагностика на различни типови канцер. Објаснето е значењето на дизајнирање и развој на нови молекули кои имаат зголемена селективност на врзување за канцер клетките и намалена токсичност. Трудот има стручна и научна вредност.

E. Drakalska, B. Angelovska, **M. Sterjova,** A Ucok, Pharmaceutical and cosmetic use of hyaluronic acid preparations. In: International Congress on Natural, Health Sciences and Technology, Tetovo, Macedonia, 2019 (https://eprints.ugd.edu.mk/22112/) усна презентација.

Во трудот се детално евалуирани препаратите со хијалуронска киселина наменети за медицински и козметички цели. Исто така, направен е детален преглед на иновативни препарати, како наночестички во кои истата е инкорпорирана. Трудот има стручна и научна вредност.

A. Ucok, E. Drakalska, B. Angelovska, **M. Sterjova,** M. Petrova, Hyaluronic acid preparations for cosmetic and medical purposes. In: 2nd Congress of Medical Students, Stip, Macedonia, 2019 (https://eprints.ugd.edu.mk/22025/) постер.

Во овој труд се презентирани својствата на хијалуронската киселина и препаратите со истата и нивната примена за козметички и медицински цели. Изработен е анкетен прашалник за познавањето на препаратите со хијалуронска киселина, потрошувачката на истите и примената на оваа активна супстанција во медицината. Трудот има стручна и научна вредност.

**M. Sterjova**, P. Dzodic, P. Makreski, E. Janevik-Ivanovska, p-SCN-Bn-DOTA-Trastuzumab immunoconjugates and vibrational spectroscopy examination. The Third Congress of Pharmacists of Montenegro with International Participation, Budva, Becici, Crna Gora, 2019 (https://eprints.ugd.edu.mk/22102/) постер.

Во трудот е испитувана секундарната структура на Tr-DOTA имуноконјугатите со помош на ИР и Раман спектроскопијата. Резултатите покажуваат присуство на карактеристичните амидни ленти во добиените спектри. Со тоа се потврдува задржување на нативната структура на антителото после неговото врзување со хелаторот и лиофилизацијата на имуноконјугатите. Трудот има научна и апликативна вредност.

Z. Rustemi, **M. Sterjova,** P. Apostolova, Paulina K. Delipetreva, E. Janevik-Ivanovska, Prediction of human pharmacokinetics for radiopharmaceuticals based on pharmacokinetics in pre-clinical animal models. In: International congress of natural, health sciences and technology, Tetovo, Macedonia, 2019 (https://eprints.ugd.edu.mk/22108/) усна презентација.

Податоците презентирани во овој труд можат да потврдат дека со алометриското зголемување на клиренсот на лекот во зависност од тежината на претклиничките животински модел, може успешно да се користат во предвидување на дозата на радиофармацевтиците кои се користат во дијагностички и терапевтски цели. Трудот има апликативна и научна вредност.

E. Drakalska Sersemova, B. Angelovska, **M. Sterjova,** Antitumor activity of resveratrol loaded solid ipid nanoparticles. In: IV International Pharmaceutical Congress, Saraevo, Bosnia, 2019 (https://eprints.ugd.edu.mk/23109/) постер.

Во трудот е презентирана антиоксидативната моќ на ресвератрол инкорпориран во наночестички со цел да се оптимизираат физичко-хемиските особини и да се подобри растворливоста. Трудот има научна вредност и е изработен со детална евалуација на примарна, секундарна и терциерна литература. Трудот има стручна и научна вредност.

**M. Sterjova Arev,** P. Džodić, P. Makreski, S. Vranješ-Đurić, D. Janković, M. Mirković, M. Radović, E Janevik-Ivanovska. Preparation and examination of $^{177}$Lu- and $^{90}$Y-labeled immunoconjugates of Trastuzumab, ISTR, Viena, 2019 (https://eprints.ugd.edu.mk/22967/) постер.

Во овој труд е направен комплетен преглед на целокупниот процес на формулација на радиоимуноконјугатите на трастузумабот. Детално се објаснети патиштата на прочистување на антителото, конјугацијата со трите хелатора и нивна лиофилизација. Прикажана е физичко-хемиската карактеризација на имуноконјугатите со употреба на електрофореза во редуцирачки услови и вибрационите техники. Просечниот број на хелатори врзани за молекул антитело е испитуван со употреба на МАЛДИ-ТОФ МС. Прикажаните резултати од радиоактивното обележување со $^{90}$Y и $^{177}$Lu и испитувањето на приносот на обележување на истите, како и ITLC испитувањето на стабилноста на радиоимуноконјугатите, покажуваат добивање на стабилни радиоимуноконјугати со висок принос на обележување и прифатлива стабилност. Трудот има научна и апликативна важност.

**M. Sterjova Arev,** P. Džodić, A. Dimovski, K. Davalieva, Sanja Kiprijanovska, E. Drakalska, E. Janevik-Ivanovska. Determination of average number of chelators conjugated totrastuzumab using a MALDI-TOF MS. In: VII Congress of Pharmacy with International Participation, Borovec, Bulgaria, 2019 (https://eprints.ugd.edu.mk/22968/) постер.

Во трудот е презентирана важноста на конјугација на трастузумабот со различни бифункционални хелатори во различен моларен соодност (1:10, 1:20 и 1:50). Успешно радиообележување може да се постигне со конјугација на трастузумабот со оптимално 4-5 бифункционални хелатори. Резултатите добиени во трудот ги потврдуваат теоретските податоди и може да се заклучи дека е направена успешна конјугација која ќе овозможи понатамошно успешно радиообележување. Трудот има научна и стручна вредност.

P. Apostolova, **M. Arev,** M. Ristova, E. Janevik-Ivanovska. Trastuzumab radioimmunoconjugates – promising strategy for selective anticancer therapy. Adaptation of the tumor and its ecosystem to radiotherapies. Mechanisms, imaging and therapeutic approaches, France, 2021 (https://eprints.ugd.edu.mk/29470/) усна презентација.

Во трудот е направен преглед на сите техники кои се користени во процесот на формулација на радиоимуноконјугатите на трастузумабот. Објаснета е важноста на сите методи употребени во карактеризација на лиофилизираните имуноконјугати и испитувањето на квалитетот и стабилноста на финалниот производ – радиоимуноконјугатот. Трудот има научна вредност.

Кандидатката д-р Марија Арев има позитивни препораки од три професори кои се врвни стручњаци и препознатливи имиња во научната и истражувачката дејност во земјата и странство, цитирани, релевантни и респектабилни.

Целокупната научноистражувачка дејност во кои учествувала кандидатот како автор/коавтор е дадена на линковите на е-репозиториум:

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Sterjova=3AMarija=3A=3A.html
http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Sterjova_Arev=3AMarija=3A=3A.html
http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Arev=3AMarija=3A=3A.html

Кандидатката д-р Марија Арев е член на универзитетски или факултетски комисии:

- Член на универзитетска уписна комисија (4 уписни години);
- Член на комисија за спроведување на попис;
- Учествува во изработка на елаборати за студиските програми Фармација.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, насловни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и врз основа на сите наведени податоци во извештајот и оценките за научноистражувачката и стручната дејност, кандидатката д-р Марија Арев, доктор по медицински науки – фармација, ги исполнува правните, формалните и суштинските критериуми за избор во наставно-научно звање доцент во наставно-научните области фармацевтска хемија и биоорганска хемија.

Согледувајќи ја нејзината целокупна активност и искуството стекнато во наставната дејност и научноистражувачката работа како учесник во проекти и соработки, а што е видливо и препознатливо од објавените научни и стручни трудови и учество во научни конференции, Рецензентската комисија констатира дека истата во целост го исполнува условот за избор во звање доцент во наставно-научните области фармацевтска хемија и биоорганска хемија.

Д-р Марија Арев има способност теоретските знаења да ги преточи во видлива апликативна дејност, а резултатите од научно истражувачката работа ги објасни со видлив мултидисциплинарен приод покажувајќи способност за научна комуникација и тимска работа.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип кандидатката **д-р Марија Арев да биде избрана во наставно-научно звање доцент во наставно-научните области фармацевтска хемија и биоорганска хемија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д–р Емилија Јаневиќ-Ивановска, претседател, с.р.**
**Проф. д–р Љубица Шутуркова, член, с.р.**
**Проф. д–р Биљана Ѓоргеска, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | / |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Научен труд објавен во списание со фактор на влијание<br>Прв автор (1,2)<br>Втор автор (3) | | | 2<br>1 | 15<br>10 | 30<br>10 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор (4,5) | | | 2 | 9 | 18 |
| 3 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно)<br>Во земјата – постер (9,12,13,18)<br>Во земјата – усно (16,17,20)<br>Во странство – постер (8,10,11,14,15,19,21,22,23)<br>Во странство – усна (24) | 4<br>3 | 1<br>1.5 | 9<br>1 | 1.5<br>2 | 24 |
| 4 | Учесник во научен проект<br>Во земјата<br>Во странство | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **87** |
| | | | | | | |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Труд во стручно (научно-популарно списание) (6,7) | 2 | 2 | | | **4** |
| 2 | Елаборати и експертизи | 2 | 2 | | | **4** |
| 3 | Член на факултетски орган, комисија | 4 | 2 | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **16** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **103** |

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МАКЕДОНИСТИКА И ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА, СИНТАКСА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-67/8 од 6.4.2022 година донесена на 244. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип одржана на 6.4.2022 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области македонистика (64000) и граматика, семантика, семиотика, синтакса (64018) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- д-р Игор Станојоски, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
- д-р Гоце Цветановски, научен советник/редовен професор во Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член;
- д-р Ранко Младеноски, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 17 март 2022 година и во предвидениот рок за конкурирање се пријави само еден кандидат: д-р Марија Гркова-Беадер, асистент на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на деталното разгледување на приложената комплетна документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Марија Гркова-Беадер е родена на 14.11.1987 година во Штип. Основно и средно образование завршува во родниот град. Образованието го продолжува на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, каде што дипломира во 2010 година и се стекнува со стручен назив дипломиран професор по одделенска настава. Своето образование го продолжува истата година кога се запишува на постдипломски студии од областа на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2011 година ја пријавува темата за магистерски труд под менторство на проф. д-р Лидија Тантуровска. На 10.2.2014 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје пред Комисијата во состав проф. д-р Лидија Тантуровска (ментор), проф. д-р Искра Пановска-Димкова (претседател) и проф. д-р Татјана Гочкова-Стојановска (член) го одбрани магистерскиот труд на тема *Усвојување на граматичките категории кај именките во македонскиот јазик како странски* и се стекна со научен назив магистер по филолошки науки од областа на македонскиот јазик. Во април 2016 година ја пријавува својата тема за докторска дисертација под менторство на проф. д-р Лидија Тантуровска за која одобрение од Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ добива истата година. На 30.10.2018 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје пред Комисијата во состав проф. д-р Лидија Тантуровска (ментор), проф. д-р Стојка Бојковска (претседател), проф. д-р Искра Пановска-Димкова (член), проф. д-р Татјана Гочкова-Стојановска (член) и проф. д-р Билјана Маленко (член) ја одбрани докторската дисертација со наслов *Јазичните грешки по морфологија кај учениците во основното образование во Штипско* и се стекна со научен назив доктор по хуманистички науки – македонистика – научноистражувачки студии на македонскиот јазик. Во 2019 година д-р Марија Гркова-Беадер се вработува на

Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип каде што е избрана во соработничкото звање асистент (Универзитетски билтен бр. 236, јули 2019 година).

Работното искуство во високото образование кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер го започнува во 2010 година како волонтер на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во периодот од 2011 до 2013 година е ангажирана како предавач по Македонски јазик како странски за студентите од Турција во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а во 2013 година е и предавач по Македонски јазик на Летниот камп на Министерството за надворешни работи кој се одржа во Охрид под мотото „Ја сакам Македонија“. Во 2015 и 2016 година повторно работи како предавач по Македонски јазик како странски за студенти од Турција во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип, а во тој период истовремено е ангажирана како волонтер на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип сè до 2018 година. Во 2018 година кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер работи како предавач по Македонски јазик како странски за студентите од Турција во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип, а во студиската 2018/2019 година ангажирана е и како демонстратор на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип. Од 2019 година д-р Марија Гркова-Беадер е вработена како асистент на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип за научните области македонистика и морфологија.

***1. Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

**1.1. Научен степен доктор на науки од соодветната област:** На 30.10.2018 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје кандидатката Марија Гркова-Беадер ја одбранила докторската дисертација на тема „Јазичните грешки по морфологија кај учениците во основното образование во Штипско“ и се стекнала со научен назив доктор по хуманистички науки – македонистика – научноистражувачки студии на македонскиот јазик.

**1.2. Просечен успех од најмалку 8 на студиите на прв и на втор циклус**: Просечниот успех на д-р Марија Гркова-Беадер од прв циклус на студии е 8,84, а просечниот успех од втор циклус на студии е 9,60.

**1.3. Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација во согласност со Законот за високото образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор:**

| **ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание/ Публикација** | **Години на излегување на списанието или публикацијата** |
| 1. | Марија Гркова | Блаже Конески во наставата по предметот Македонски јазик | Палимпсест/ Palimpsest, Бр. 12, 2021 | VI |
| 2. | Марија Гркова | Множинските форми на именките од машки род во македонскиот и во српскиот јазик | Палимпсест/ Palimpsest, Бр. 11, 2021 | VI |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Марија Гркова | Контрастивна граматика за два несродни јазика | Палимпсест/ Palimpsest, Бр. 10, 2020 | V |
| 4. | Марија Гркова | Објективни тестови за мерење на постигнувањата на учениците и тестирањето во наставата | Палимпсест/ Palimpsest, Бр. 9, 2020 | V |
| 5. | Марија Гркова | Усвоеноста на глаголскиот систем во предметната настава (кај учениците во Штипско) | Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања“, 2020 | I |
| 6. | Марија Гркова | Усвојувањето на именките во VI и во VII одделение во Штипско | Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција ФИЛКО, 2019 | IV |
| 7. | Марија Гркова | Крсте Мисирков во наставата по предметот Македонски јазик | Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Мисирков – предизвик за нови проучувања во науката“, 2019 | I |
| 8. | Марија Гркова | Дополнителната настава – чекор кон успешен почеток на студирањето на јазиците | Палимпсест/ Palimpsest, Бр. 8, 2019 | IV |

**1.4. Објавена рецензирана скрипта и објавен рецензиран практикум од соодветната научна област за која се избира кандидатот:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Издавач | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Марија Гркова | Морфологија на современиот македонски јазик (*рецензирана скрипта*) | Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип | 2020 |
| 2. | Марија Гркова | Практикум по Морфологија на современиот македонски јазик (*рецензиран практикум*) | Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип | 2020 |

**1.5. Две препораки од професори:** Во приложената документација кандидатката Гркова-Беадер има доставено препораки од двајца професори: а) препорака од проф. д-р Ранко Младеноски, редовен професор на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип; б) препорака од проф. д-р Игор Станојоски, вонреден професор на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип.

**1.6. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик издадена од овластена институција регистрирана за странски јазици:** Кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер има доставено потврда за познавање на англиски јазик издадена од соодветна овластена институција: Cambridge English Language Assessment, Part of the University of Cambridge.

*2. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

Кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер има солидно искуство и во наставно-образовната и во научноистражувачката дејност. Работното искуство во високото образование го стекнува на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а објавените научни и стручни трудови зборуваат за нејзините континуирани активности во научноистражувачката дејност.

**2.1. Наставно-образовна дејност:** Кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер има повеќегодишно искуство во наставно-образовната дејност, односно во наставата во високото образование како волонтер, предавач, демонстратор и асистент. Во студиската 2010/2011 година како волонтер Гркова-Беадер беше ангажирана на вежбите за предметот Современ македонски јазик 1 кај проф. д-р Симон Саздов на Филолошкиот факултет во Штип. При соработката со проф. д-р Толе Белчев на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер како волонтер беше ангажирана за предметот Зборообразување на СМЈ во студиската 2015/2016 година, како и за предметот Лексикологија на СМЈ во студиската 2016/2017 година. Во студиската 2018/2019 година Гркова-Беадер е ангажирана како демонстратор за предметите Македонски јазик 1 и Македонски јазик 2 на Катедрата за англиски јазик и книжевност и на Катедрата за италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип – дисперзирани студии во Струмица. Неколку години последователно кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер, преку Проектот „Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски“, се јавува и во функција на предавач по Македонски јазик како странски на странските студенти кои, главно, доаѓаат од Турција, но има работено и со студенти од Кина, па дури и од Гана, Африка. Кандидатката го дополни своето работно искуство и преку работењето со странски студенти кои доаѓаат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип преку добропознатата „Еразмус програма“ преку која има работено со студенти од Италија, Словенија, Полска и од други европски земји. Од 2019 година, како асистент на Катедрата за македонски јазик и книжевност, кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер одржува вежби по предметите Морфологија на современиот македонски јазик 1, Морфологија на современиот македонски јазик 2 и Лексикологија на современиот македонски јазик на Катедрата за македонски јазик и книжевност, како и по предметите Македонски јазик 1, Македонски јазик 2, Македонски јазик 3, Македонски јазик 4, Современ македонски јазик 1 и Современ македонски јазик 2 на другите катедри на Филолошкиот факултет во Штип (Катедра за англиски јазик и книжевност, Катедра за германски јазик и книжевност, Катедра за турски јазик и книжевност, Катедра за италијански јазик и книжевност) и на дисперзираните студии во Струмица. Освен тоа, кандидатката одржува вежби и за универзитетските изборни предмети Македонски јазик, правопис и правоговор, Македонски јазик 1 и Македонски јазик 2. Може да се заклучи дека кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер во текот на нејзиното десетгодишно ангажирање како волонтер, предавач, демонстратор и асистент на Филолошкиот факултет во Штип се стекнала со мошне солидно работно искуство во наставата во високото образование.

**2.2. Научноистражувачка дејност (оценка на научните, стручните и други остварувања на кандидатката што се релевантни за утврдување на условите за избор во звање доцент):** За научноистражувачката дејност на д-р Марија Гркова-Беадер, врз основа на приложената документација, може да се констатира дека кандидатката има изработено магистерски труд од научните области граматика, методика на наставата, македонистика и морфологија со наслов „Усвојување на граматичките категории кај именките во македонскиот јазик како странски“, докторска дисертација од научните области граматика, методика на наставата, македонистика и морфологија со наслов „Јазичните грешки по морфологија кај учениците во основното образование во Штипско“, има објавено поголем број авторски научни и стручни трудови во меѓународни научни публикации (списанија и зборници од научни конференции и собири) и во домашни научни и стручни списанија, а учествувала и на меѓународни научни конференции. Од доставените објавени научни трудови и од излагањата на научните конференции, но и од магистерскиот

труд и од докторската дисертација, очигледно е дека научниот интерес на кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер е насочен кон научните области македонистика, морфологија, граматика, семантика и методика на јазик. Освен тоа, од 2019 година кандидатката активно учествувала во подготовката на повеќе броеви од меѓународното научно списание „Палимпсест“ (што се објавува на Филолошкиот факултет во Штип) како рецензент на научни, стручни и прегледни трудови. Имено, од приложената документација може да се види дека кандидатката рецензирала (оценила) вкупно тринаесет трудови за списанието „Палимпсест“ во периодот од 2019 до 2021 година.

Во продолжение ги наведуваме научните и стручните трудови што ги објавила кандидатката во последните пет години, како и другите активности поврзани со научноистражувачката дејност, при што се врши и нивна евалуација.

**I. Трудови објавени во меѓународни научни списанија**

**1. Гркова, Марија** (2017). *Полезен турско-македонски учебник од Марија Леонтиќ*. Палимпсест, год. 2, бр. 3, стр. 273–277. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

**Евалуација на трудот**: Овој труд е приказ за учебникот „Gel Türkçeyi ve Makedoncayı Sevelim, Gel Türkçeyi ve Makedoncayı Öğrenelim! Дојди да ги сакаме турскиот и македонскиот, Дојди да ги научиме турскиот и македонскиот!“ од Марија Леонтиќ што беше објавен во 2015 година. Авторката на приказот нагласува дека станува збор за турско-македонски учебник кој ќе им послужи на сите што сакаат да го учат турскиот и/или македонскиот јазик на почетно рамниште кое одговара на рамништата А1 и А2. Делото составено од 241 страница е поделено во неколку целини. Покрај предговорот и информациите за учебникот, се среќаваат и список на симболи користени во книгата; инструкции за корисниците на книгата и десет лекции во кои е застапен комуникативниот приод. Авторката на приказот го наведува и податокот дека учебникот од професорката Марија Леонтиќ е дел од комплетот книги „Gel Türkçeyi ve Makedoncayı Sevelim, Gel Türkçeyi ve Makedoncayı Öğrenelim! Дојди да ги сакаме турскиот и македонскиот, Дојди да ги научиме турскиот и македонскиот!“ кој дополнително содржи работна тетратка, разговорник, речник и граматика. Во заклучокот од приказот се нагласува дека овој учебник „несомнено ќе стане значајно дело во областите турски јазик како странски и македонски јазик како странски на почетно рамниште, но и пошироко“.

**2. Гркова, Марија** (2017). *Првиот Речник на синоними во македонскиот јазик*. Палимпсест, год. 2, бр. 4, стр. 217–219. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

**Евалуација на трудот**: Овој стручен труд на Гркова-Беадер претставува осврт објавен во меѓународно научно списание. Станува збор за осврт кон *Речник на синоними во македонскиот јазик* од Толе Белчев и Снежана Веновска-Антевска што беше објавен во 2017 година како издание на Филолошкиот факултет во Штип. Овој *Речник*, пишува кандидатката, го сочинуваат 583 страници речнички текст, предговор, список на скратеници и користена литература. Во клучниот дел од речничкиот текст се опфатени 19,365 заглавни зборови претставени по азбучен редослед. Во *Речникот* се јавуваат повеќе од 50 илјади зборови со оглед на тоа што повеќето заглавни зборови имаат повеќе од еден синоним. Покрај ова, авторката Гркова-Беадер нагласува дека обработката на зборовите во *Речникот* прво се движела во два правца: едниот – да се наведат архаизмите, а другиот – да се наведат неологизмите. Авторите посветиле внимание и да ги вклучат зборовите кои се употребуваат со преносно значење поврзано со заглавниот збор, но и да се прикаже лексемата што е во употреба во македонскиот јазик. Како синоними на заглавните зборови авторите ги наведуваат зборовите со исто значење, слично значење, но и зборовите што ја развиле синонимијата по асоцијативен пат, а сепак се длабоко вкоренети во јазикот на македонските говорители.

**3. Гркова, Марија** (2018). *Прагматичката компетенција видена низ очите на наставниците на странски јазици*. Палимпсест, год. 3, бр. 5, стр. 331–335. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

**Евалуација на трудот:** Трудот е приказ за делото „Прагматичка компетенција кај македонските изучувачи на англискиот и на германскиот јазик“ од авторките Марија Кусевска, Билјана Ивановска и Нина Даскаловска што беше објавено во 2017 година како резултат на првата фаза од научноистражувачкиот проект „Улогата на експлицитните инструкции за стекнување прагматичка компетенција при учењето англиски и германски јазик“. Како што истакнува авторката Грков, книгата произлегува како производ од истражувањата остварени во рамките на споменатиот проект спроведен на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во периодот од речиси две години (јануари 2015 – декември 2016 година). Потоа во осврвтот се дава преглед на структурата на книгата при што се истакнува дека неа ја сочинуваат вкупно 161 страница поделени, главно, во два дела или во два наслови кои понатаму се поделени уште во неколку поднаслови. Авторките во првиот дел ги разгледуваат теориските гледишта врзани со прагматиката и со прагматичката компетенција, постапно навлегувајќи во прагматичката компетенција кај целната група (македонски изучувачи на споменатите два светски јазици). Во вториот дел се зборува за емпириските истражувања спроведени кај целната група – студентите, а врз основа на добиените резултати од нив произлезе и книгата што ја прикажуваме, вели авторката.

**4. Грков, Марија** (2019). *Усвојувањето на перфектот во македонскиот јазик како странски*. Палимпсест, год. 4, бр. 8, стр. 37–45. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

**Евалуација на трудот:** Како што е познато, македонскиот јазик се одликува со најголем број глаголски времиња, а меѓу нив е и минатото неопределено време □ перфект. Тој е застапен и во учебниците по Македонски јазик како странски на почетно ниво (ниво А2) на усвојување на јазикот. Целна група на ова истражување од кандидатката се студентите од турското говорно подрачје кои доаѓаат да студираат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Пред почетокот на студиите студентите се обврзани да следат настава/курс по Македонски јазик како странски. Истражувачка цел по овој повод е усвојувањето на перфектот од страна на споменатите студенти, а за тоа се користи официјалниот (нестандарден) тест/испит по Македонски јазик за странци за нивото А2. Во истражувачкиот дел од трудот се користат по три вежби кои се однесуваат за перфектот, а што се преземени од двете групи (група А и Б) од тестот. Целта на овој труд е преку анализата на добиените резултати од студентите од турското говорно подрачје, да се види колку го имаат усвоено перфектот (минато неопределено време).

**5. Грков, Марија** (2019). *Дополнителната настава – чекор кон успешен почеток на студирањето на јазиците*. Палимпсест, год. 4, бр. 8, стр. 187–191. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

**Евалуација на трудот:** Трудот е рецензија за делото „Дополнителната настава, подготовка за поуспешно студирање“ од авторките Нина Даскаловска, Драгана Кузмановска и Виолета Димова што е објавено во 2019 година, како резултат добиен од проектот „Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет“. Авторката на трудот нагласува дека од овој проект произлезе уште едно дело со наслов „Обработка на литературни дела во наставата по Македонски јазик“ од Марија Иванова, Нина Даскаловска, Виолета Димова и Драгана Кузмановска објавено истата година. Во овие две дела се сумирани резултатите добиени од истражувањата остварени во рамките на споменатиот проект реализиран на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во период од две години (септември 2017 – септември 2019). Првото дело го сочинуваат вкупно 182 страници кои се поделени во десет наслови од кои четири се напишани на македонски, а шест на англиски јазик. Кон нив се додаваат и прилози. Во второто дело се разгледуваат повеќе литературни текстови што е распределено на 110 страници што ја сочинуваат книгата. Во трудот се наведува дека во воведниот дел авторката Даскаловска дава краток научен пристап кон користењето на литературните текстови во наставата по јазик, најпрвин посочувајќи го вниманието на читателите кон авторите кои аргументираат *против*, а потоа и кон оние што аргументираат *за* употребата на автентични литературни текстови во оваа настава со цел оспособување на учениците да комуницираат и во секојдневието, но и во академскиот контекст.

**6. Гркова, Марија** (2020). *Објективни тестови за мерење на постигнувањата на учениците и тестирањето во наставата*. Палимпсест, год. 5, бр. 9, стр. 265–273. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува истражување во врска со објективните тестови кои служат за мерење на постигнувањата на учениците во наставата и кои се инструменти на техниката тестирање која, пак, како една од истражувачките постапки служи за собирање податоци. Авторката наведува дека постојат повеќе видови тестови и тоа во зависност од намената за која се користат добиените податоци. Така, тестовите може да послужат за мерење на постигнувањата на учениците/испитаниците, потоа тестирање на личноста и особеностите поврзани со неа, тестирање на интелигенцијата, способностите итн. Тестовите, меѓу другото, може да го мерат не само знаењето што учениците/испитаниците успеале да го стекнат при учењето туку и квалитетот и квантитетот на нивното знаење. Во трудот кандидатката Гркова-Беадер заклучува дека, иако мерните карактеристики на објективните тестови што се применуваат во наставата се нестандардизирани, сепак преку одговарање на зададените вежби, задачи, ставки и барања тестовите ги даваат неопходните податоци за тоа што се истражува.

**7. Гркова, Марија** (2020). *Контрастивна граматика за два несродни јазика („Контрастивна граматика на турскиот и на македонскиот јазик“ од Марија Леонтиќ)*. Палимпсест, год. 5, бр. 10, стр. 113–116. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

**Евалуација на трудот:** Трудот е афирмативен осврт кон учебникот „Контрастивна граматика на турскиот и на македонскиот јазик“ од Марија Леонтиќ што е објавен во 2018 година. Овој учебник е наменет за предметот Контрастивна анализа на турскиот и на македонскиот јазик којшто е задолжителен за студентите во првиот семестар на Катедрата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип. Содржината од граматиката за двата јазика е изложена на 220 страници и е поделена, главно, на три основни поглавја: Фонетика и фонологија, Морфологија и морфосинтакса и Синтакса, а на крајот од Граматиката се додадени речници за лингвистичките термини на турски – македонски – англиски јазик и на македонски – турски – англиски јазик. Во делото се застапени и содржината, предговорот, списокот на скратувања користени во учебникот, користената литература и биографијата на авторката, а секое основно поглавје понатаму се дели на повеќе суштински глави, наслови и поднаслови од областа за која се пишува.

**8. Гркова, Марија** (2021). *Множинските форми на именките од машки род во македонскиот и во српскиот јазик*. Палимпсест, год. 6, бр. 11, стр. 85–94. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

**Евалуација на трудот:** Овој труд на кандидатката е мошне солидно компаративно истражување на конкретни морфолошки особености на два словенски јазика – македонскиот и српскиот. Авторката на трудот нагласува дека во граматиките за македонскиот и за српскиот јазик е наведено дека морфемите -ов-/-ев- се носители на информацијата за родот и за бројот кај некои именки. Имајќи ја предвид различната застапеност на овие морфеми во македонскиот и во српскиот јазик, во трудот се прави преглед на множинските форми на именките од машки род, особено на тие именки што ја примаат наставката -ови/-еви во множина. Разгледано е и нејзиното потекло, употребата во постари фази од јазиците, како и промените што ги претрпува врз основа на некои дијалектни особености во македонското говорно подрачје.

**9. Гркова, Марија** (2021). *Блаже Конески во наставата по предметот Македонски јазик*. Палимпсест, год. 6, бр. 12, стр. 203–211. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.

**Евалуација на трудот:** Во „Годината на Конески“ кандидатката Гркова-Беадер посветува труд и за македонскиот врвен лингвист и книжевник Блаже Конески. Во трудот авторката потенцира дека ликот и делото на Конески наоѓа свое место и во учебниците по предметот Македонски јазик за основно и за средно образование. Во 2021 година навршуваат 100 години од неговото раѓање, па по тој повод годината е прогласена за година во чест на Блаже Конески. Во заклучокот од трудот авторката пишува дека Конески редовно се среќава и како методичка единица во образованието во Македонија. Прегледот

на наставните програми по Македонски јазик го покажа следново: името Блаже Конески како методичка единица се среќава во IX одделение во основното образование, во III и IV година – гимназиско образование и во IV година – средно стручно образование. Како методичка единица Конески во наставните програми се среќава во програмското подрачје Јазик и во рамките на програмското подрачје Литература, заклучува авторката.

**II. Трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции**

**10. Гркова Марија** (2018). *Усвојувањето на перфектот во IX одделение во Штипско*. Во: Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција „Филологија, култура, образование – ФИЛКО", стр. 109–118. Штип: Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет.

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд од кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер е да се истражи колку учениците од IX одделение во Штипско го имаат усвоено минатото неопределено време во македонскиот јазик. Граматичката категорија време, нагласува авторката, е една од најкарактеристичните глаголски категории, а, пак, македонскиот јазик се одликува со најголем број глаголски времиња. Меѓу нив е и глаголското време *минато неопределено време – перфект*, кое може да биде *свршено* и *несвршено*. Целна група на истражувањето се учениците од IX одделение во Штипско, одделението во кое се учи и се усвојува перфектот. Притоа, треба да се спомене дека вежбите што се цел на анализа, а кои се однесуваат на минато неопределено време, се издвоени од наменски составен тест по Македонски јазик. При подготовката на тестот, пишува авторката, се внимавало вежбите да бидат директно поврзани со истражувачката тема, од една страна, а од друга, да бидат земени вежби во кои нема да се прават големи измени и да бидат прилагодени кон возраста и кон нивото на способноста на тестираната група ученици. На крајот од трудот детално се претставени резултатите од анонимниот тест коишто се системски анализирани.

**11. Гркова, Марија** (2019). *Крсте Мисирков во наставата по предметот Македонски јазик*. Во: Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Мисирков – предизвик за нови проучувања во науката", стр. 102–115. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков".

**Евалуација на трудот:** Предмет на истражување во овој труд на кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер е застапеноста на Крсте Петков Мисирков во наставните планови и програми по предметот Македонски јазик во основното и во средното образование во Македонија. Авторката на трудот нагласува дека во основното образование Мисирков е застапен со посебна методска единица во IX одделение, а во средното образование во I година во тригодишното средно стручно образование, во II година во четиригодишното средно стручно образование, како и во III година во гимназиското образование во нашата држава. Во заклучокот од овој труд се нагласува дека во сите учебници во кои е застапен Мисирков и кои се во употреба во наставата по предметот Македонски јазик, се споменува и неговата книга „За македонцките работи" и тоа со посебно внимание посветено на петтата статија која носи наслов „Неколку зборои за македонцкијот литературен јазик".

**12. Гркова, Марија** (2019). *Усвојувањето на именките во VI и во VII одделение во Штипско*. Во: Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Филологија, култура, образование – ФИЛКО", стр. 76–84. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев".

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд е преку анализата на добиените резултати, вклучувајќи ги и јазичните грешки од учениците од VI и од VII одделение во Штипско, да се види колку ги имаат усвоено именките и нивните граматички категории, кои се предвидени да се усвојат токму во предметната настава во основното образование. Авторката на трудот појаснува дека при промена на формата на именката понекогаш може да дојде до појава на јазични грешки кои се предмет на истражување. Целна група на истражувањето се учениците од VI и од VII одделение во Штипско. Притоа се нагласува дека во VIII и во IX одделение од аспект на менливите зборови, учениците се запознаваат, главно, со глаголскиот систем на македонскиот јазик, па, оттука во овој труд не се опфатени учениците од овие одделенија. Водејќи сметка за методичките содржини за именките што се обработуваат во шесто и во седмо одделение според наставните програми по Македонски јазик преземени

од Бирото за развој на образованието на Република Македонија, подготвен е наменски составен тест по Македонски јазик. При подготовката на тестот се внимавало вежбите да бидат директно поврзани со истражувачката тема, како и да се применат вежби во кои нема да се вршат големи измени и да бидат приспособени кон возраста и кон нивото на способноста на тестираната група ученици.

**13. Гркова, Марија** (2020). *Усвоеноста на глаголскиот систем во предметната настава (кај учениците во Штипско)*. Во: Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања“, стр. 77-91. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката си поставила задача преку анализата на добиените резултати, вклучувајќи ги и јазичните грешки од учениците од VI до IX одделение во Штипско, да се истражи колку учениците го имаат усвоено глаголскиот систем кој е предвиден да се усвои токму во предметната настава во основното образование. Авторката нагласува дека понекогаш, при промената на формата на глаголот, може да дојде до појава на јазични грешки кои, всушност, се и предмет на истражување во трудот. Целна група на истражувањето се учениците од VI до IX одделение во Штипско. Притоа, се споменува дека единствено глаголите од менливите зборовни групи се среќаваат во наставните програми по предметот Македонски јазик за сите одделенија од предметната настава (од VI до IX одделение). Водејќи сметка за методичките содржини за глаголите што се обработуваат во споменатите одделенија според наставните програми по предметот Македонски јазик преземени од Бирото за развој на образованието на Македонија, подготвени се и наменски составени тестови по предметот Македонски јазик. Вежбите од подготвените тестови се директно поврзани со истражувачката тема, а соодветствуваат и на возраста и нивото на способноста на тестираната група ученици. Резултатите од вежбите во овој труд мошне прегледно се претставени во графикони и табеларно при што авторката се водела според точноста на одговорите (точни, неточни и неодговорени прашања), а со тестирањата се опфатени ученици и од другите националности што на трудот му дава дополнителна емпириско-истражувачка вредност.

**III. Трудови објавени во зборници од домашни научни и стручни собири**

**14. Гркова Марија** (2018). *Нешто за удвојувањето на индиректниот предмет кај учениците од IX одделение – припадници на турската заедница со наставен македонски јазик*. Во: Зборник на трудови од Деветтиот научен собир на млади македонисти, стр. 29–41. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици.

**Евалуација на трудот:** Во трудот со наслов „Нешто за удвојувањето на индиректниот предмет кај учениците од IX одделение – припадници на турската заедница со наставен македонски јазик“ авторката врши истражување во врска со морфолошката појава на удвојување на индиректниот предмет во македонскиот јазик и степенот на нејзиното усвојување кај учениците од деветто одделение коишто се припадници на турската заедница од Штип. На почетокот од трудот се наведуваат суштинските особености на удвојувањето на индиректниот предмет како специфична појава во македонскиот јазик по што се приложени и анонимните тестови со чија помош се проверуваат знаењата на учениците во врска со удвојувањето на индиректниот предмет во македонскиот јазик. Резултатите од тестовите се анализирани и елаборирани системски и прикажани со табели и графикони, а во заклучокот од трудот авторката ги сумира резултатите од истражувањето: „Од анализата на резултатите во тестовите на учениците – припадници на турската заедница во IX одделение во Штип се покажа дека: долгите заменски форми за индиректен предмет, наспроти оние за директен предмет, потешко ги препознаваат – може да се каже дека станува збор за дијалектна особеност, според која, предлогот *на* се употребува и со долгите форми за директен предмет; треба и да се нагласи дека во сите тестови каде што беше употребена кратката заменска форма *ѝ* за женски род, таа е напишана без надреден знак“.

**15. Гркова, Марија** (2018). *Усвојувањето на граматичката категорија начин (според резултати добиени од учениците од основното образование во Штипско)*. Во: Зборник на трудови од Десеттиот научен собир на млади македонисти, стр. 59–72. Скопје:

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици.

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд од кандидатката Гркова-Беадер е преку анализата на добиените резултати од учениците од VI, VIII и од IX одделение во Штипско, да се види колку го имаат усвоено глаголскиот начин, предвиден да се усвои во последните години од основното образование. Со оглед на тоа што глаголот припаѓа во менливите зборови, кај глаголот се разликуваат и повеќе граматички категории, меѓу кои е и *глаголскиот начин*. Глаголскиот начин е застапен и како методска единица во наставните програми по предметот Македонски јазик, а во согласност со нив и во актуелните учебници по предметот. Целна група на истражувањето во овој труд се учениците од VI, VIII и од IX одделение од Штипско, со оглед на тоа што во VI одделение за првпат се среќаваат со глаголскиот начин, во VIII одделение се усвојува заповедниот начин, а во IX – можниот. Вежбите што се цел на анализа, а кои се однесуваат на глаголскиот начин, се издвоени од наменски составен тест по Македонски јазик. При подготовката на тестот авторката внимавала вежбите да бидат директно поврзани со истражувачката тема, од една страна, а од друга, да бидат вежби во кои нема да се прават големи измени и да бидат приспособени кон возраста и кон нивото на способноста на тестираната група ученици.

**IV. Учество на меѓународни научни конференции и собири**

**16. Гркова, Марија** (2018). Трета меѓународна научна конференција „Филологија, култура, образование – ФИЛКО“. Штип, Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет, 26–27 април.

**Евалуација на излагањето**: На Третата меѓународна научна конференција „Филологија, култура, образование – ФИЛКО“ што беше одржана на 26 и 27 април 2018 година на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер учествуваше со излагање на тема „Усвојувањето на перфектот во IX одделение во Штипско“. Во текот на излагањето кандидатката го претстави перфектот како една од најкарактеристичните глаголски категории што е застапена и како методска единица во наставните програми по предметот Македонски јазик, а во согласност со нив и во актуелните учебници по предметот. Целна група на ова истражување се учениците од IX одделение во Штипско – одделението во кое се учи и се усвојува перфектот. Притоа, беше нагласено дека вежбите што се цел на анализа, а кои се однесуваат на минато неопределено време, се издвоени од наменски составен тест по Македонски јазик. Целта е преку анализата на добиените резултати од учениците од IX одделение во Штипско да се види колку го имаат усвоено перфектот. На крајот од излагањето се претставени и резултатите од тестирањето при што детално се анализираат и се објаснуваат најчестите грешки во врска со употребата на перфектот.

**17. Гркова, Марија** (2018). X научен собир на млади македонисти (конференција во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова). Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, 10–11 мај.

**Евалуација на излагањето:** На овој научен собир кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер учествувала со излагање на тема „Усвојувањето на граматичката категорија начин (според резултати добиени од учениците од основното образование во Штипско)“. При излагањето е извршена елаборација за глаголскиот начин кој е застапен и како методска единица во наставните програми по предметот Македонски јазик, а во согласност со нив и во актуелните учебници по предметот. Целна група на истражувањето се учениците од VI, VIII и од IX одделение од Штипско. Притоа, кандидатката потенцира дека вежбите што се цел на анализа, а кои се однесуваат на глаголскиот начин, се издвоени од наменски составен тест по Македонски јазик. Целта на истражувањето е преку анализата на добиените резултати од учениците да се види колку тие го имаат усвоено глаголскиот начин. На крајот од излагањето се презентирани резултатите и анализите при што е заклучено: „Кај *можниот начин* често се среќаваат примерите со *мош ќе* (*мош* има функција на скратена верзија од модалниот збор *можеби* во штипскиот говор); Кај *заповедниот начин*, пак, се среќаваме со поголем број јазични грешки... Сепак, најголем број грешки поврзани со

заповедниот начин се однесуваат на мешање на формите за 2 лице еднина со формите за 3 лице еднина, па наместо *нека/ да слуша*, пишувале *слушај*".

**18. Гркова, Марија** (2019). Меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања". Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", 13-14 ноември.

**Евалуација на излагањето:** Во своето излагање на меѓународната научна конференција авторката посочува дека предмет на истражувањето е усвојувањето на глаголите од страна на учениците во предметната настава (од VI до IX одделение) во Штипско. Според наставните програми по Македонски јазик, единствено глаголите од менливите зборовни групи се среќаваат во сите одделенија од предметната настава. Вежбите што послужиле за истражувањето се преземени од наменски составени тестови по Македонски јазик кои се користени и при истражувањето за докторската дисертација на тема „Јазичните грешки по морфологија кај учениците во основното образование во Штипско". Авторката споменува дека во истражувањето се земени седум вежби од наменски составените тестови по Македонски јазик. Тие вежби се од различен тип, се среќаваат главно посложени, со две или со повеќе барања, но и поедноставни - со едно барање.

**19. Гркова, Марија** (2021). Шеста меѓународна научна конференција „Филологија, култура, образование – ФИЛКО". Штип, Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет, 18–19 октомври.

**Евалуација на излагањето:** На оваа конференција којашто се одржи електронски (на далечина) преку платформата „Зум", кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер учествуваше со излагање на тема „Правописот во наставата по Македонски јазик во основното образование". Во текот на излагањето авторката потенцираше дека е извршена анализа на наставните програми и актуелните учебници по Македонски јазик, при што е констатирано следново: правописни содржини се среќаваат во наставните програми по Македонски јазик за сите одделенија од основното образование. Пристапот на нивно претставување е спирално, а тоа значи дека одредена правописна тема се започнува во одредени одделенија, се повторува и/или завршува и целосно се реализира во следните одделенија. Според авторката, во одредени учебници скудно се претставуваат законитостите од правописот, а во други се кренати на научно, речиси академско ниво, при што се задржува традиционалниот пристап на усвојување на нормираните јазични правила. Во повеќе учебници има изобилство на илустрации за кои се нагласува дека го привлекуваат вниманието на учениците, но отсуствува употребата на поголем број примери што ќе го поткрепат новоусвоеното правило. Анализите покажале дека од голема важност е бројот на вежби кои се однесуваат на правописот да се зголеми, зашто тие играат најважна улога при усвојувањето на содржината, но се и единствената форма на работа во наставната практика по Македонски јазик.

**V. Докторска дисертација на кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер**

**20. Гркова, Марија** (2018). *Јазичните грешки по морфологија кај учениците во основното образование во Штипско*. Докторска дисертација одбранета на 30.10.2018 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

**Евалуација на дисертацијата:** Докторската дисертација на кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер е структурирана во седум глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Во предговорот кандидатката нагласува дека основната цел на истражувањето во дисертацијата е да се види во која мера учениците од предметната настава во Штипско ги владеат, односно ги научиле и ги усвоиле менливите зборови во македонскиот јазик и нивните граматички категории.

Првата глава од дисертацијата со наслов „Морфологијата во лингвистичката литература" е посветена на основните дефинирања на термините *морфологија* и *морфема* низ лингвистичката литература каде што се среќаваат и релевантните научни и енциклопедиски трудови на Ивиќ, Шкиљан, Дикро, Тодоров, Кристал, Миновиќ и други. Втората глава („Местото на граматиката во наставата по македонски јазик"), третата глава („Морфологијата во методиките на наставата по македонски јазик во

основното образование“), четвртата глава („Значењето на наставата по македонски јазик во основното образование“) и петтата глава („Краток осврт кон наставните методи применети во наставата по македонски јазик во основното образование“) претставуваат, всушност, елаборација на заемната врска меѓу методиката на наставата, од една страна, и граматиката, но и конкретно морфологијата како дел од неа, од друга страна. Во овие четири глави авторката системски ги нуди теориските аспекти на методите што се применуваат во наставата поврзана со методските единици од областа на морфологијата, но и од граматиката во поопшта смисла. На пример, во четвртата глава авторката нуди панорамски преглед на најопштите дефинирања за наставата, учењето, способноста за учењето, важноста и значењето на предметот Македонски јазик па сè до конкретните задачи во наставата по предметот Македонски јазик како што се: оспособување на учениците за слушање, за говорење и за читање; пишување, усно и писмено изразување и збогатување на речникот; постапно и систематско запознавање со правилата од граматиката и од правописот на македонскиот јазик и слично.

Тестовите на знаење се предмет на анализа во шестата глава од дисертацијата на кандидатката Гркова-Беадер. Користејќи ги научните трудови од Петроска-Бешка, како и трудовите од Попоски, Клајн, Ташева, Јованова-Митковска и други, во оваа глава се почнува од историскиот преглед на почетоците на тестирањето, за да се претстават потоа планирањето и утврдените четири етапи на изработка на тестот, секако со акцент на важната улога на тестот на знаење во наставата чии резултати се користат при донесувањето на најразлични одлуки од страна на сите фактори што учествуваат во одлучувањето на сите нивоа, почнувајќи од наставниците, па сè до Министерството за образование. Особено се истакнува полезноста од тестовите на знаење (односно преку анализата на одговорите на учениците од тестовите, наставникот добива податоци за тоа дали учениците ја совладале материјата), каде што „главна улога“ имаат вежбите (барањата, задачите, прашањата и сл.) пред испитаникот од кој се бара решение, односно одговор. Шестата глава е заокружена со делот за оценувањето и за бодувањето, како завршна фаза при процесот на тестирање.

Тежиштето на дисертацијата е во седмата глава со наслов „Анонимен тест по Македонски јазик за одделенијата од предметната настава“. Уште на самиот почеток се навестува дека анонимните тестови по Македонски јазик се составени наменски за научноистражувачката работа на докторската дисертација. Граматички, анонимните тестови се направени да дадат информација за степенот на владеењето со морфосинтаксичките правила на полнозначните зборови од страна на учениците во основното образование (за шесто, седмо, осмо и деветто одделение). При нивната изработка, следејќи ги општите критериуми за подготовка на тест, авторката ги определила следниве: вежбите да се приспособени содржински кон возраста и кон нивото на интелектуална способност на учениците; вежбите да се методски приспособени кон наставните програми по предметот Македонски јазик; вежбите да се однесуваат на важен аспект од наставната содржина за која се врши истражувањето; секој тест да се состои од вкупно 12 вежби, кои се од различен вид – вежби со избирање на точен одговор или вежби со составување на одговор; во тестовите да е застапен принципот на бодување: за секој точен одговор да се добие 1 поен, а за секој одговор (неточен, делумно точен или пропуштен) да се добие 0 поени итн. Тестовите се изработени според наставните програми по Македонски јазик за основно образование, што соодветствува и на содржините на учебниците по предметот Македонски јазик, одобрени од Министерството за образование на Македонија. Акцентот на истражувањето е ставен на анализата на јазичните грешки по морфологија (конкретно поврзани со усвоеноста на менливите зборови и нивните граматички категории), направени од страна на учениците во предметната настава – Македонски јазик во основно образование. Целна група се учениците од основните училишта во Штип и во околните села, кои имаат заеднички именител „Штипско“.

Во заклучните белешки кандидатката ги прикажува детално и прегледно најчестите јазични грешки поврзани со менливите зборови за секоја зборовна група одделно (именки, придавки, заменки, броеви, глаголи) и ги открива причините за тоа, со што полесно би се надминале во иднина. Од јазичните грешки што ги има издвоено авторката може да се забележи дека голем број се поради неусвоеност на материјалот, потоа дел се како

причина од дијалектното влијание на штипскиот говор и дел се јазични грешки коишто обично се добиваат при учење на македонскиот како странски и како немајчин (на пример, за учениците припадници од турската етничка заедница). Освен тоа, кандидатката нуди и конкретни примери за најчестите грешки преземени од анализираниот материјал. На крајот од завршните белешки кандидатката дава препораки за надминување на слабостите при учењето на граматичките категории на менливите зборови преку сугестии за видот на вежбите што треба да се подготвуваат и да се применуваат при усвојувањето на морфологијата на македонскиот јазик за учениците во предметната настава во основното образование. Може да се заклучи дека станува збор за докторска дисертација со која се дава значаен придонес во унапредувањето на наставата поврзана со методските единици од областа на морфологијата и воопшто од областа на граматиката.

**VI. Д-р Марија Гркова-Беадер како рецензент на научни трудови во меѓународно научно списание**

**21. Гркова, Марија** (2019). *Рецензент на четири научни труда* во меѓународното научно списание „Палимпсест": две рецензии во седмиот (год. IV, бр. 7, 2019) и две рецензии во осмиот број на списанието (год. IV, бр. 8, 2019).

**22. Гркова, Марија** (2020). *Рецензент на четири научни труда* во меѓународното научно списание „Палимпсест": три рецензии во деветтиот (год. V, бр. 9, 2020) и една рецензија во десеттиот број на списанието (год. V, бр. 10, 2020).

**23. Гркова, Марија** (2021). *Рецензент на пет научни труда* во меѓународното научно списание „Палимпсест": три рецензии во единаесеттиот (год. VI, бр. 11, 2021) и две рецензии во дванаесеттиот број на списанието (год. VI, бр. 12, 2021).

***3. Стручно-апликативна дејност на кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер***

Кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер има искуство и во рамките на стручно-апликативната дејност. Во 2010 година Гркова-Беадер учествува на Семинарот за содржините и методите на комуникативното учење на јазикот во организација на Мировниот корпус во Македонија. Во 2011 и 2012 година е ангажирана како соработник во подготовката на Македонско-германскиот и Германско-македонскиот речник од авторите проф. д-р Билјана Ивановска и проф. д-р Толе Белчев од Филолошкиот факултет во Штип. Овој Речник е објавен во Е-библиотеката на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во 2012 година. Кандидатката д-р Марија Гркова учествува и како предавач по македонски јазик на Летниот камп по македонски јазик „Ја сакам Македонија" во Охрид во 2013 година во организација на Министерството за надворешни работи на Република Македонија. Исто така, во текот на докторските студии учествува на неколку работилници и на годишни научни конференции во периодот од 2015 до 2017 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Освен тоа, кандидатката д-р Марија Гркова учествува како млад истражувач и како соработник во два научноистражувачки проекти од 2018 година што се реализираат на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип: а) „Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката" чиј главен истражувач беше проф. д-р Марија Кусевска од Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип; б) „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование" на Филолошкиот факултет во Штип, а главен истражувач на овој проект беше проф. д-р Виолета Димова од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип. Покрај ова, кандидатката Гркова-Беадер има објавено две публикации како наставни помагала во високото образование за потребите на студентите од Филолошкиот факултет во Штип: а) рецензирана скрипта „Морфологија на современиот македонски јазик" објавена во Е-библиотека на веб-порталот од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип; б) рецензиран „Практикум по Морфологија на современиот македонски јазик", исто така, објавен во Е-библиотека на веб-порталот од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**VII. Рецензирани учебни помагала (скрипта и практикум)**

**24. Гркова, Марија** (2020). *Морфологија на современиот македонски јазик* (рецензирана скрипта). 1-68. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев". https://eprints.ugd.edu.mk/29555/; ISBN 978-608-244-760-5.

**Евалуација на трудот:** Содржината во оваа рецензирана скрипта е изложена во повеќе од триесет наслови и повеќе поднаслови: Предговор; Морфема – зборoформа – збор – зборовни групи; Именки (супстантиви); Граматички категории на именките; Придавки (адјективи); Граматички категории на придавките; Броеви; Заменки; Глаголи; Граматички категории на глаголите; Прости глаголски форми; Сегашно време (презент); Заповеден начин (императив); Минато определено свршено време (аорист); Минато определено несвршено време (имперфект); Нелични глаголски форми; Глаголска л-форма; Глаголска придавка; Глаголски прилог; Глаголска именка; Сложени глаголски форми; Минато неопределено време (перфект); Предминато време (плусквамперфект); Идно време (футур); Минато-идно време; Идно прекажано време; Можен начин (потенцијал); Глаголска конструкција има/нема; Глаголска конструкција сум; Прилози (адверби); Предлози (препозиции); Сврзници (конјункции); Честички (партикули); Извици (интерјекции); Модални зборови; Користена и консултирана литература. Од оваа богата содржина може да се види дека рецензираната скрипта „Морфологија на современиот македонски јазик" претставува методски разработен труд во кој на концизен и јасен системски начин се разгледани и теориските и практичните аспекти на морфологијата и како наставен предмет на Филолошкиот факултет во Штип. Оваа скрипта е значајна затоа што во голема мера ќе им помогне на студентите во совладувањето на сложената материја од областа на морфологијата како една од гранките на граматиката и врз чија основа студентите ќе ги надградуваат своите знаења од другите научни дисциплини поврзани со граматиката на македонскиот јазик, кои им се неопходни за натамошниот тек на студирањето.

**25. Гркова, Марија** (2020). *Практикум по Морфологија на современиот македонски јазик* (рецензиран практикум). 1-43. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев". https://eprints.ugd.edu.mk/29556/; ISBN 978-608-244-755-1.

**Евалуација на трудот**: Учебното помагало со наслов „Практикум по Морфологија на современиот македонски јазик" од кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер содржи прашања, вежби и задачи коишто се однесуваат на методските единици застапени во скриптата „Морфологија на современиот македонски јазик" од истата авторка. При составувањето на овие прашања, вежби и задачи во практикумот, авторката користела обемна литература од обласна на македонскиот стандарден јазик што е приложена на крајот од книгата. Овој „Практикум по Морфологија на современиот македонски јазик", всушност, претставува методски разработен труд во кој на концизен и јасен системски начин се понудени практичните аспекти на морфологијата и како лингвистичка област, но и како наставен предмет на Филолошкиот факултет во Штип. „Практикум по Морфологија на современиот македонски јазик" е значајно учебно помагало затоа што во голема мера ќе им помогне на студентите во изведувањето на практичните вежби по морфологија како дел од граматиката на македонскиот јазик со што ќе можат да ги утврдуваат и да ги надградат веќе стекнатите знаења поврзани со методските единици од предметот Морфологија на современиот македонски јазик.

**VIII. Учество во научни проекти**

**26. Гркова Марија – соработник, млад истражувач** (2018–2020). *Научноистражувачки и стручно-апликативен проект „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование"*. Раководител и главен истражувач на проектот: проф. д-р Виолета Димова; Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Евалуација на проектот**: Предмет на истражување на овој проект се можностите за евалуација на наставниот процес во високото образование, во наставата по јазик и книжевност. Со овој проект беа истражувани различните видови евалуациски постапки со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето кои се трансформираат во квалитативни и квантитативни промени во развојот на студентите.

Евалуацијата се одвиваше и во самиот процес на учењето, како и на крајот, како завршна фаза во процесот на наставата, односно беше спроведено формативно и сумативно оценување на постигнувањата и на студентите и на нивните наставници. Наставниците го евалуираа наставниот процес со цел да го определат нивото на успешност на својата наставна пракса и да ги споредат своите наставнички вештини со вештините на своите колеги. Со евалуација на наставата се следеше и процесот на реализација на новите курсеви по одделни студиски програми, а од студентите се добиваа непосредни информации за тоа што навистина мислат за самиот курс. Повратните информации за наставниот процес се добиваа со собирање податоци од страна на студентите и колегите наставници, а евалуацијата беше спроведена со помош на евалуациски ливчиња, анкети, структурирана групна дебата или по пат на e-mail прашалник. Имено, предмет на овој проект беа видовите евалуации и во него се дадени примери на евалуациски постапки. Проектот беше спроведен со студентите на Филолошкиот факултет од втора, трета и четврта година на студии, како и со дел од професорите што им предаваат на овие студенти.

**27. Гркова Марија – соработник, млад истражувач** (2018–2020). *Научноистражувачки и стручно-апликативен проект „Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката“*. Раководител на проектот и главен истражувач: проф. д-р Марија Кусевска; Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Евалуација на проектот**: Проектот има неколку основни научноистражувачки цели: зголемување на базата на меѓукултурни и интеркултурни прагматички проучувања и проучувања на прагматиката на меѓујазикот на изучувачите на странски јазици кои ги споредуваат прагматичките норми во македонската јазична заедница со другите јазични заедници, како и начините на кои македонските говорители воопшто, како и македонските изучувачи на странските јазици посебно, се справуваат со предизвиците на меѓукултурната и интеркултурната прагматика; развивање на современи методи за собирање и анализирање на говорен јазичен материјал кои придонесуваат за добивање валидни резултати; поврзување на прагматичките истражувања со практичните потреби во општеството. Во текот на реализацијата на проектот беа истражувани неколку значајни сегменти: а) говорни чинови, прагматички и дискурсни маркери и други јазични средства кои говорителите ги користат за пренесување на пораката и постигнување на својата комуникациска цел; јазичните средства кои се предмет на истражување се разгледуваа во рамките на целосен говорен дискурс со цел да се испита организацијата на конверзацијата и начините на преговарање и постигнување на целите; б) на кој начин изразувањето на македонските говорители на странскиот јазик се разликува од изразувањето на родените говорители на тој јазик и кои се причините за прагматичкиот неуспех; в) кои психолошки процеси учествуваат во формулирањето на пораката на странскиот јазик; г) кои методи се соодветни за собирање на јазичниот корпус за анализа на говорниот јазик и како овие методи влијаат врз добиените резултати. За таа цел се користени повеќе методи за собирање на јазичниот материјал.

**IX. Учество во факултетски органи, тела, комисии и слично**

**28. Член на Институтот за јазици** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;

**29. Член на Комисија за промовирање** на Филолошкиот факултет во Штип (2019).

***4. Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер***

Деталниот приказ и евалуацијата на резултатите што ги постигнала д-р Марија Гркова-Беадер покажува дека кандидатката има искуство и достигнувања во трите посебни дејности. Во наставно-образовната дејност Гркова стекнувала наставни вештини во високото образование како волонтер и соработник на искусни, познати и признаени професори. Одржувањето на вежбите за одредени предмети кај овие професори, предавањата по Македонски јазик што ги спроведувала со странските студенти преку Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип во текот на повеќе студиски години, како и нејзиното

работно искуство од 2019 до 2022 година како асистент на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип и на дисперзираните студии во Струмица, претставуваат мошне солидна емпириска основа за натамошниот нејзин ангажман во високообразовниот процес. Секако, тоа е поврзано и со научноистражувачката дејност на кандидатката во чии рамки е активна безмалку една деценија. Изработените и одбранети магистерски труд и докторска дисертација, научните и стручните трудови објавувани, пред сѐ, во меѓународни научни публикации, како и учеството на меѓународни научни конференции и научни собири се доволна потврда за резултатите што ги постигнала д-р Марија Гркова-Беадер на полето на научноистражувачката работа. Истиот заклучок може да се наведе и за стручно-апликативната дејност на кандидатката со оглед на нејзиното ангажирање, меѓу другите активности, и како соработник и млад истражувач во два крупни и значајни научноистражувачки проекти од Катедрата за македонски јазик и книжевност и од Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип, а тука секако се значајни и двете учебни помагала на кандидатката објавени во 2020 година – „Морфологија на современиот македонски јазик“ и „Практикум по Морфологија на современиот македонски јазик“.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените детални податоци во Извештајот за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката што произлегуваат од доставената целосна и соодветна документација, членовите на Рецензентската комисија заклучуваат дека д-р Марија Гркова-Беадер во целост ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научното звање доцент предвидени со Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 82, мај 2018) и со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник, бр. 43, септември 2019). Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер поседува квалитети и способности во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативните дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го усвои овој Извештај и кандидатката д-р Марија Гркова-Беадер да биде избрана во наставно-научното звање доцент за наставно-научните области македонистика (64000) и граматика, семантика, семиотика, синтакса (64018) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Игор Станојоски – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Гоце Цветановски – член, с.р.**
**Проф. д-р Ранко Младеноски – член, с.р.**

**ПРИЛОГ 1**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

(Табела за вреднување на активностите на д-р Марија Гркова-Беадер во периодот од март 2017 до март 2022 година, според критериумите дадени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип)

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **1.** | Избор во звање **асистент** (Универзитетски билтен бр. 236 од јули 2019 година; Одлука бр. 1902-128/11 од 18.9.2019 година од ННС на Филолошкиот факултет во Штип) | 1 | 15 | | | 15 |
| | **ВКУПНО НО** | **15** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија (еден автор) **Трудови под ред. бр. I: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9.** | 9 | 9 | | | 81 |
| **2.** | Трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции **Трудови под ред. бр. II: 10, 11, 12 и 13.** | 4 | 2 | | | 8 |
| **3.** | Трудови објавени во зборници од домашни научни и стручни собири **Трудови под ред. бр. III: 14 и 15.** | 2 | 2 | | | 4 |
| **4.** | Учество (секциско предавање) на меѓународни научни конференции **Активности под ред. бр. IV: 16, 17, 18 и 19.** | 4 | 2 | | | 8 |
| **5.** | Одбранета докторска дисертација **Активност под ред. бр. V: 20.** | 1 | 8 | | | 8 |
| **6.** | Рецензент на научни трудови во меѓународно научно списание **Активности под ред. бр. VI: 21, 22 и 23** | 13 | 1,5 | | | 19,5 |
| | **ВКУПНО НИ + СУ** | **128,5** | | | | |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Објавени рецензирани скрипта и практикум **Трудови под ред. бр. VII: 24 и 25** | 2 | 10 | | | 20 |
| **2.** | Учество во научни проекти **Активности под ред. бр. VIII: 26 и 27.** | 2 | 5 | | | 10 |
| **3.** | Член на факултетски органи и комисии **Активности под ред. бр. IX: 28 и 29.** | 2 | 2 | | | 4 |
| | **ВКУПНО СА + ОР** | **34** | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **15 (НО) + 128,5 (НИ+СУ) + 34 (СА+ОР) = 177,5** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1102-96/3 од 10.5.2022 година донесена на 223. седница на наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 10.5.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот/ците „Слободен печат” и „Коха“ на 29.4.2022 година и во предвидениот рок се пријави д-р Борка Тушевска Гавриловиќ.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Борка Тушевска Гавриловиќ е родена на 20 декември 1982 година во Гевгелија, Република Северна Македонија. Основно и средно образование завршува во Општина Богданци во училиштето „Петар Мусев“ и Гимназијата „Богданци“ од Богданци. Првиот циклус правни студии кандидатката Тушевска-Гавриловиќ го завршува со дипломирање на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, со просечна оценка 9.69, во 2006 година. На овој факултет кандидатката ги завршува и своите магистерски студии со просечна оценка десет (10) и во 2008 година го одбранува својот магистерски труд на тема „Понудата и нејзината обврзност во меѓународната продажба на стока“.

Веднаш по магистрирањето, кандидатката Тушевска-Гавриловиќ го продолжува своето образование на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, пријавувајќи докторска дисертација на тема „Шпедицијата во домашниот и меѓународниот промет на стоки“. Во ноември 2011 година таа го одбранува докторскиот труд и со тоа се стекнува со звање доктор на правни науки.

Кандидатката д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ ја започнува својата професионална кариера веднаш после дипломирањето, како практикант во Адвокатската канцеларија „Златко Кочовски“ во Скопје. По една година искуство како практикант, таа продолжува да го гради своето професионално искуство во банкарскиот сектор, преку склучување на договор за вработување со „АД Македонска банка“ - Скопје. Во овој сектор таа е ангажирани во правната служба, како дипломиран правник којшто работи на правни работи.

Во 2007 година кандидатката се вработува како помлад-асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Согласно со тогаш важечкиот Закон за високо образование и тогаш важечките акти на Универзитетот, таа го продолжува градењето на својата факултетска кариера со избор во помлад асистент и асистент, а во 2012 година ја почнува својата наставно-научна кариера како доцент во областа на деловното право на правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По истекувањето на законскиот период за којшто е избрана во звање доцент, кандидатката се стекнува со звање вонреден професор во областа на деловното право на правниот факултет при УГД во Штип.

Д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ има остварено повеќе научни и стручни престои на реномирани научни и стручни образовни институции, од кои посебно се истакнува нејзиниот престој на Универзитет во Единбург со назив - Edinburgh Napier University, Институт за транспорт, а преку стипендија обезбедена од Британски фонд за стипендирање на млади истражувачи.

Кандидатката Тушевска-Гавриловиќ е учесник во повеќе домашни и меѓународни научни и стручни проектни активности од областа на деловното право и пошироко. Во својата академска кариера има учествувано на бројни конференции, работилници, семинари во земјата и во странство. Во периодот од 2019 до 2022 г. е член на Универзитетскиот сенат на УГД. Кандидатката е и раководител на Центарот за доживотно учење при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Член е на повеќе програмски и организациски одбори на домашни и меѓународни конференции. Кандидатката во еден мандат била и продекан за настава на правниот факултет при УГД.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот при избор во звање редовен професор***

**Кандидатката д-р Борка Тушевска Гавриловиќ на распишаниот Конкурс за избор на 1 извршител во областа на деловното право има доставено следново:**

**Општи услови:**

1. Диплома од завршен Правен факултет „Јустинијан Први" (Универзитет „Св. Кирил и Методиј)" во Скопје, со стекнато звање „дипломиран правник" и со просек 9.69. Кандидатката има доставено и диплома од завршени постдипломски студии од областа на која е распишан конкурсот (деловно право), со просек 10.00.
2. Диплома за доктор на науки од Правниот факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", со тема на докторска дисертација „Шпедицијата во домашниот и меѓународниот промет на стоки и услуги".
3. Во 2017 година кандидатката д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ е избрана за вонреден професор во областа на деловното право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
4. Согласно со важечкиот Закон за високо образование по којшто е распишан и овој Конкурс, кандидатката д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ има објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор.

***Трудови кои претставуваат научни публикации согласно важечкиот закон за високо образовани и се законски услов за избор во звање редовен професор:***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на публикување |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Koevski G., Tushevska Gavrilovikj B., Spasevski D. | The concept of leniency in the Republic of North Macedonia | Competition law (in pandemic times): challenges and reforms, special issue, Faculty of Law, Josip Juraj, Strossmayer, University of Osjek, ECLIC, 5. | 2021 |
| **2.** | Коевски Г., Тушевска Гавриловиќ Б., Спасевски Д., | Договорот за јавно-приватно партнерство помеѓу императивните правила на законот за концесии и јавно приватно партнерство и начелото на слободата на договарање | Општествените промени во глобалниот свет - Осма Меѓународна научна конференција Штип 2021 година, 8. pp. 187-204. ISSN 978-608-244-837-4. | 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Коевски Г., Тушевска Гавриловиќ Б., Спасевски Д. | Анализа на можноста за воведување на друштво со ограничена одговорност со едно евро основна главнина врз основа на германскиот модел | Зборник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 10, ISSN 1857-8713. | 2020 |
| **4.** | Tushevska Gavrilovikj B. | Competition law in the Republic of North Macedonia (Twenty (20) years of Competition law in the Republic of North Macedonia) | Pravni vjesnik, 36 (3-4). pp. 43-68. ISSN 1849-0840 | 2020 |
| **5.** | Koevski G., Tushevska Gavrilovikj B., Spasevski D. | Twenty years after the first virtual-only annual shareholders' meeting: can the virtual-only meeting be a solution during the time of covid-19? | The Iustinianus Primus Law Review, 11 (2). pp. 1-10. | 2020 |
| **6.** | Aksamovic, D., Tushevska, B. | Reorganization and Financial restructuring of companies -Case Croatia and North Macedonia. | Balkan Social Science Review, 14 (14). pp. 7-31. ISSN 1857- 8772 | 2019 |

***Трудови кои претставуваат научни публикации согласно со важечкиот Закон за високо образование и кои се бодуваат согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев”.***

| Бр. | Автор | Наслов | Издание | Година |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Тушевска Б., Шаклева В. | Системи на контрола во јавните набавки со посебен осврт на претходната (ex-ante) контрола | Општествените промени во глобалниот свет. pp. 460-485. ISSN 978-608-244-353-9 | 2020 |
| **2.** | Коевски Г., Тушевска Гавриловиќ., Спасевски Д., | Формирање на трговско судство како алтернатива за редефинирање на судството во Република Северна Македонија | Зборник од конференција, Правен факултет, УГД, наслов: Општествените промени во глобалниот свет (6). pp. 52-63. ISSN 978-608-244-353-9 | 2019 |
| **3.** | Тушевска Б., Спасевски Д., | Шпедитерските документи низ призмата на македонската судска практика | Меѓународно списание за општествени науки International magazine for social sciences “Vizione“ Skopje, 1 (31). Pp. 131-144. ISSN 1409-8962/ 1857-9221. | 2018 |
| **4.** | Koshevaliska O., Tushevska B., Ivanova E. | Criminological aspects of pink collar crime | Balkan Social Science Review, 11 (11). pp. 51-64. ISSN 1857- 8772 | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | Tushevska B., Koshevaliska O. | Comparative legal aspects of corporate crime | Judicial reforms and anti -corruption practices: challenges, prospects and transfer of experiences, 1. pp. 75-94. ISSN 978-608-248-023-7 | 2018 |
| **6.** | Тушевска Б. | Принципот на целосна хармонизација во европското договорно право. | Петта Меѓународна научна конференција/ Fifth international scientific conference "Social change in the global world", 1 (1). pp. 113-135. ISSN 978-608-244-548-9 | 2018 |
| **7.** | Koshevaliska O., Tushevska, B. | Building Capacities for Preventing Corruption in Higher Education in Macedonia | Higher Education, corruption and whistleblowers: proceedings of the International conference on corruption in higher education held on September 11, 2018 at South East European University, Skopje, Macedonia, 1 (1). pp. 23-43. ISSN 978-608-65157-4-4 | 2018 |
| **8.** | Коевски Г., Тушевска Б., Спасевски Д. | Парадигмата во односите кај органите на надзор и органите на управување кај акционерските друштва. | Европско право (10). pp. 45-52. ISSN 1857- 842X | 2017 |
| **9.** | Тушевска Б., | Одговорност на стечајниот управник во Република Македонија | Општествените промени во глобалниот свет. pp. 27-47. ISSN 978-608-244-353-9 | 2017 |
| **10.** | Tushevska B., | The concept of leniency in European competition law | Збирка на апстракти од учество на конференција: Bratislava legal Forum | 2020 |

***Публикувани книги и поглавја од книги:***

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издание** | **година** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Тушевска Гавриловиќ Б., | Европско договорно право | Европска Унија: Право и политики, Издание – Универзитет „Гоце Делчев Штип", Центар за анализа на право и политики при УГД | 2019 |
| 2. | Кошевалиска О., Никодиновска Крстевска А., Тушевска Б., | Ромите во текот на претходните анализи на Рамковниот договор | Здружение на правата на Ромите | 2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Тушевска Б., Мишева К., Кошевалиска О. | Практичната настава на студентите во Република Македонија - Предизвици и перспективи на студентите од Правните факултети во Република Македонија | Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип | 2017 |

***Универзитетски учебници како услов за избор во редовен професор согласно важечкиот Закон за високото образование и П р а в и л н и к за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип***

| Бр. | Автор | Наслов | Издание | година |
|---|---|---|---|---|
| | **Тушевска Гавриловиќ Б.,** | **Трговско право (учебник)** | **Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип** | **2021 година** |
| | **Тушевска Гавриловиќ Б.,** | **Договорно право (учебник)** | **Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип** | **2020 година** |

5. Кандидатката д-р Борка Тушевска Гавриловиќ. има доставено потврда за познавање на странски јазик.

6. Кандидатката д-р Борка Тушевска Гавриловиќ, од изборот во доцент до моментот на распишувањето на овој конкурс, е ангажирана на повеќе предмети од обласа на деловното право, во рамки на првиот и вториот циклус на студии, има реализирано повеќе научни и стручни предавања и бројни наставни активности кои се однесуваат на едуцирањето и напредокот на студентите преку изведувањето на наставата. Како наставник е ангажирана за предавање на повеќе академски и стручни собири на студенти, каде што со своите наставнички компетенции, во рамки на проектни активности придонела за усовршување на студентите од трите циклуси на правничко образование.

**Посебни услови:**

Д-р Борка Тушевска Гавриловиќ има учествувано на повеќе научноистржувачки проекти со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати. За истакнување е придонесот во проектните активности во рамки на проектот Erasmus + project Jean Monnet Module EU Competition Law на покана на проектен тип од Правен факултет во Осиек. Како учесник се јавува и во проектот „Чувар на правата на потрошувачите“ – Зајакнување на капацитите на граѓанските организации и медиумите за мониторинг, промоција и застапување на заштитата на потрошувачите Watchdog of Consumer Justice: Strengthening Capacities of CSOs and Media to Monitor, Promote and Advocate for Consumer Protection in North Macedonia), го спроведува Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје во периодот декември 2019 – декември 2020 година. Учесник на проект: Migration and asylum policies systems (maps) Jean Monnet project University of Naples “L’Orientale” (2018 – 2021).

Од моментот кога кандидатката стекнува наставничко звање доцент, до денес, кандидатката има дадено своевиден придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници, преку вклучување во различни стручни и научни активности, рецензирање на бројни научни и стручни трудови, рецензирање на избори во повисоки звања, извор на соработници.

Кандидатката д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ е автор на 2 универзитетски учебника со наслов „Трговско право“, наменет за студентите од трета година на правни студии при УГД, објавен од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и учебник со наслов „Договорно право“, наменет за студентите од втора година, објавен од страна на

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Двата учебника се објавени на е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се задолжителна литература за подготвување на материјалот предвиден во наставната програма на предметот Трговско право и Договорно право.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ во 2012 година е избрана за доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од нејзиното наставно-научно звање доцент, до објавувањето на овој Конкурс, кандидатката активно учествува во изведувањето на наставата во трите циклуси на образование на Правниот факултет, од кои за истакнување е нејзиниот наставнички ангажман на првиот и вториот циклус на студии. Во 2012 година, со изборот во доцент таа е ангажирана на 5 задолжителни предмети, со фонд на часови (2+2+1), и 6 ЕКТС кредити. Овој распоред на предмети е во рамките на првиот циклус на студии и тоа:

Трговско право (правни студии, 2+2+1)

Договорно право (правни студии, 2+2+1)

Во рамките на модулот деловно право, кандидатката ги предава предметите:

Меѓународно трговско право (2+2+1)

Стечајно право (2+2+1)

Конкурентско право (2+2+1).

Во рамките на првиот циклус на студии, кандидатката учествува во изведувањето на наставата и на две други единици во рамки на УГД, и тоа: Економски факултет и Машински факултет, што претставува додадена вредност во нејзините наставнички компетенции и искуство со студенти од други образовни профили. На Машинскиот и Економскиот факултет, кандидатката е ангажирана по основ на нејзиниот образовен профил, искуство во наставата и компетенции од областа на деловното право. На овие две едници учествува во изведувањето на наставата по предметите: Бизнис право и Трговско право.

Кандидатката д-р Борка Тушевска Гавирловиќ активно учествува во изведувањето на наставата во рамки на вториот циклус студии. За истакнување е нејзиното учество на повеќе студиски програми и тоа со придонес во областа на деловното право, кое во одредени аспекти допира до другите области на вториот циклус на студии. Имено, кандидатката со своите наставнички компетенции и вештини, како и согласно образовниот профил од областа на деловното право, дава свој придонес во образованието, надградбата и усовршувањето на студентите од постдипломските студии по меѓународно право, граѓанско право, казнено право итн. Во сите овие програми, кандидатката се вклучува исклучиво како познавач на областа на деловното право и во одреден, поширок сегмент на граѓанското договорно право. Во оваа насока, кандидатката ги реализира следниве наставни програми во рамки на втор циклус:

Договори во промет на стоки и услуги, задолжителен предмет на програмата за правни студии (2+1+1)

Меѓународно трговско право, задолжителен предмет на програмата за правни студии (2+1+1)

Европско договорно право, задолжителен предмет на програмата за граѓанско право,европско право, деловно право, двогодишни студии;

Стечајно право, изборен предмет (2+1+1)

Европско деловно право, изборен предмет (2+1+1).

Согласно последните акредитации на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатата учествува и во наставно-научната програма на трет циклус на студии, со наслов деловно право, меѓународно право, граѓанско право, казнено право каде е ангажирана на повеќе задолжителни и изборни предмети, кои претставуваат додадена вредност на овие програми, а се во доменот на деловното право.

Исто така, кандидатката има искуство со третиот циклус на студии, како предавач програмата со наслов: Политички системи. Согласно последната поднесена акредитација, нејзиниот ангажман на третиот циклус на студии се однесува исклучиво на предмети од областа на деловното право.

***Научна евалуација на научните трудови за целиот период до изборот***
***Трудови објавени во меѓународни научни списанија:***

1. Tushevska, Borka (2014). The perspective of Rotterdam Rules in International Transport. International magazine for Social Science, Visione, 22/2014;
2. Tushevska, Borka (2015). 11(2). The Non - Discrimination Principle through the Concept of Establishment of Companies in European Union. SEEU Review the Journal of South East European University, 2015;
3. Коевски Г. Тушевска Б.,Спасевски Д., (2013). 2 (2). Општите услови на работење и нечесните договорни одредби кај договорот за осигурување. Европско право, 2013;
4. Коевски Г., Тушевска Б., Спасевски Д., (2014)., Предизвици при изработка на општите и посебните услови кај договорите за осигурување. Европско право, 22/2014;
5. Tushevska, Borka. Miseva, Kristina and Kosevaliska, Olga (2015). 24 (7). The personnel capacities and needs of small and medium trade companies seen through the traineeship in Republic of Macedonia. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 2015;
6. Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena. 2016. European versus Macedonian principles of public procurement contracts., Vizione, 26/2016;
7. Gavrilovic, N., and Tushevska, B., (2013).Koncept raskida ugovora zbog (materijalnih) nedostataka ispunjenja. Anali Pravnog fakulteta Univerziteta u Zenici (6), 2013;
8. Тушевска Б., Кошевалиска О. (2015). Правната заштита на јавните набавки низ призмата на кривичното, граѓанското и управното право, 23 (1). International magazine for social sciences “Vizione “Skopje, 2015;
9. Tushevska, B., Misheva, K., and Koshevaliska, O., 5 (8). (2016). Contemporary Trends and Prospects of Practical Training for Students in the private and public sector in the Republic of Macedonia. European Journal of Business and Social Sciences, 2016;
10. Misheva, K., Tushevska, B., Koshevaliska, O., 72 (11). (2016). Student Practical Training as part of Law Faculties through the Prism of the private and public sector in Republic of Macedonia. PONTE International Scientific Researchers Journal, 2016;
11. Veigel, Charles and Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Nikodinovska Krstevska, Ana. 20. (2016). The ‘Gazi Baba’ Reception Centre for Foreigners in Macedonia: migrants caught at the crossroad between hypocrisy and complying with the rule of law.Thnne International Journal of Human Rights, 2016;

***Меѓународни научни публикации: научни трудови презентирани на меѓународни научни академски собири:***

1. Tushevska, Borka (2014). The Piercing of the corporate veil doctrine: A comparative approach of the piercing of the corporate veil in European Union and Macedonia. In: Општествените промени во глобалниот свет Прва меѓународна научна конференција, 11-13 Sept 2014, Stip, Macedonia;
2. Тушевска Б., Нечесни договорни клаузули и нечесна деловна практика во авионскиот превоз. Општествените промени во глобалниот свет, Трета меѓународна конференција во Штип, 2016;
3. Коевски Г., Тушевска Б., Кошевалиска О., (2016). Осигурување од одговорност на членовите на органите на управување кај АД. Општествени промени во глобалниот свет. I. International scientific conference, 2016;
4. Tushevska, B., and Koshevaliska, O., (2015) The enforcement of the decision of prejudicial question. Человек в глобальном мире, материалы Международной научной конференции (Воронеж, 18–20 мая 2015 година);
5. Tushevska, Borka. (2013) Takeover as an instrument for better corporate governance. In: Organizational, financial, ethical and legal issues of corporate governance, 12 Apr 2013, Dubrovnik, Croatia, 2013;
6. Tushevska, B., and Misheva, K., Consumer protection in financial services and the demands of European consumers. In: Regulatory Implants and Local Legal Regimes in the Mediterranean Region, 20-23 March 2013, Mersin, Turkey, 2013;
7. Тушевска Б., (2015).Правниот режим на одговорноста на државата на знамето во

меѓународното транспортно право. In: Општествените промени во глобалниот свет Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, 2015.

***Меѓународни научни публикации: научни трудови во меѓународни годишници:***

1. Тушевска Б., 52. (2015). Оправданоста на англосаксонскиот концепт на обврзност на понудата во меѓународната продажба на стока. Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, 2015;

2. Тушевска Б., 4 (4). (2014) Гарантните писма наспрема коносманите во транспортното право и практики. Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип 2014;

3. Тушевска Б., Договор на обем во меѓународниот превоз на стоки според Ротердамските правила. 4 (5). Годишен зборник на Правен факултет, 2015;

4. Тушевска Б., Мишева К., Кошевалиска О., Практичната настава во Република Македонија согледано преку дисциплината и посветеноста на студентите на Правните факултети. Годишен зборник, Правен факултет, 2016.

***Учебни помагала:***

1. Тушевска Б., Скрипта по договорно право, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2016 година;

2. Тушевска Б., Практикум по договорно право, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2016 година;

3. Тушевска Б., Скрипта по трговско право, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2017 година;

4. Тушевска Б., Практикум по трговско право, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2017 година.

***Научни трудови кои се објавени во публикации од конференции што не се организирани најмалку петпати во временскиот период на избор во доцент и не се во организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, и научни трудови објавени во научни списанија што не се меѓународни во смисла на ЗВО.***

1. Tushevska, Borka (2014). 1 (2). Basic capital: Comparative aspects in European Union and Macedonia law. Втора меѓународна научна конференција Зборник на трудови „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“, 2014;

2. Tushevska, Borka (2013). Transfer of rights incorporated into a bill of lading as a type of commodity security. Balkan Social Science Review, 1 (1); Faculty of Law, University Goce Delchev - Shtip, 2013;

3. Kosevaliska, O., Tushevska, B., (2016). Crimes of Criminal Insolvency in Macedonian Legislation. Balkan Social Science Review, 7; Faculty of Law, University Goce Delchev - Shtip, 2016;

4. Tushevska, Borka (2014). Civil law versus common law concept of Freight forwarders. Balkan Social Science Review; Faculty of Law, University Goce Delchev – Shtip, 2014;

5. Gavrilovic, Nenad and Tusevska, Borka (December, 2012) Liability for material defects. Forum for civil law, Centar for South East European law School (SEELS, December 2012);

6. Gavrilovic, Nenad and Zdraveva, Neda and Tusevska, Borka.Remedies for non performance in sales contracts - damage and interest. Civil law forum, Centar for South East European law School (SEELS, December 2012); Број 191, јуни 2017;

7. Тушевска Б., (2015). Прекуграничното спојување на трговските друштва. In: Охридска правна школа: Новите предизвици во уредувањето на правните односи во духот на европските вредности, Охрид, Република Македонија, 2015;

8. Koshevaliska, O., Tushevska, B., and Nikodinovska Krstevska, Ana. (2015) Migration crisis: Macedonia on crossroads. In: International Conference on Migrations at sea: international law perspectives and regional approaches, 06 Oct 2015, Ohrid, Macedonia, 2015;

9. Tushevska, Borka (2014). 1 (2). Advantages and disadvantages of Seadocs and Bolero systems in electronic transfer bill of lading. Втора меѓународна научна конференција

Зборник на трудови „Влијанието на научно-технолошкиотразвиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“, 2014;

10. Tushevska Borka., The liability of Freight forwarder according to Macedonian and International Law, Iustinianus Primus Law Review, 4 (10). 2014.

***Трудови во стручни (научно-популарни) списанија:***

1. Тушевска Б., (2013). (249). Правната судбина на долготрајните облигации после отворањето на стечајната постапка.Стручно списание, Правник, 2013;

2. Тушевска Б.,(2014). (252).,Специфики на правните односи кај институтот асигнација. Стручно списание Правник,2014;

3. Тушевска Б., (2014).(262)., За потребата од ревидирање на Инкотермс правилата. Стручно списание: Правник, 2014;

4. Тушевска Б.,(2013). (254).,Примена на меничните правила врз товарните листови. Стручно списание Правник, 2013;

5. Тушевска Б., Спецификите на банкарската гаранција како инструмент за обезбедување на побарување, Правоматика, (2)., Скопје, 2017 година;

***Кратка научната евалуација на научните трудови и активности од изборот во вонреден професор, кои не се бодувани во претходен избор***

1. Koevski G., Tushevska Gavrilovikj B., Spasevski D. *The concept of leniency in the Republic of North Macedonia, Competition law (in pandemic times): challenges and reforms, special issue*, Faculty of Law, Josip Juraj, Strossmayer, University of Osjek, ECLIC, 5.2021 година;
2. Коевски г., Тушевска Гавриловиќ Б., Спасевски Д. *Договорот за јавно-приватно партнерство помеѓу императивните правила на законот за концесии и јавно приватно партнерство и начелото на слободата на договарање,* Општествените промени во глобалниот свет - Осма Меѓународна научна конференција Штип 2021 година, 8. pp. 187-204. ISSN 978-608-244-837-4, 2021 година;

Горан Коевски, Тушевска Борка, Спасевски Дарко., (2021) *Анализа на можноста за воведување наДруштво со ограничена одговорност со едно евро основна главнина според Германскиот модел*. Годишен зборник на Правен факултет, 10 (10). pp. 85-91. ISSN 1857-7229, 2021 година;

Tushevska Gavrilovikj B., *Competition Law in the Republic of North Macedonia*. Pravni vjesnik, 36 (3-4). pp. 43-68. ISSN 1849-0840, 2020 година;

Koevski, Goran and Tusevska, Borka and Spasevski, Darko (2020) *Twenty years after the first virtual-only annual shareholders' meeting: can the virtual-only meeting be a solution during the time of covid-19?* The Iustinianus Primus Law Review, 11 (2). pp. 1-10, 2020 година;

Тушевска Гавриловиќ Борка, Шаклева Виолета, *Системи на контрола во јавните набавки со посебен осврт на претходната (ex-ante) контрола*. Општествените промени во глобалниот свет. pp. 460-485. ISSN 978-608-244-353-9, 2020 година;

Aksamovic, Dubravka and Tusevska, Borka (2019). *Reorganization and Financial restructuring of companies -Case Croatia and North Macedonia*. Balkan Social Science Review, 14 (14). pp. 7-31. ISSN 1857- 8772, 2019 година;

Tushevska, Borka (2020). *The concept of Leniency in European competition law.* In: Bratislava Legal Forum 2020, Bratislava, Slovakia, 2020 година;

Горан Коевски, Тушевска Борка, Спасевски Дарко. (2019) *Формирање на трговско судство како алтернатива за редефинирање на судството во Република Северна Македонија*. Општествените промени во глобалниот свет (6). pp. 52-63. ISSN 978-608-244-353-9, 2019 година;

Тушевска Гавриловиќ Б., Спасевски Д. *Шпедитерските документи низ призмата на македонската судска практика*. International magazine for social sciences “Vizione“ Skopje, 1 (31). pp. 131-144. ISSN 1409-8962/ 1857-9221, 2018 година;

Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Ivanova, Elena (2018) *Criminological aspects of pink collar crime*. Balkan Social Science Review, 11 (11). pp. 51-64. ISSN 1857- 8772, 2018 година;

Tushevska B., Koshevaliska O. Comparative legal aspects of corporate crime, Judicial

reforms and anti -corruption practices : challenges, prospects and transfer of experiences, 1. pp. 75-94. ISSN 978-608-248-023-7, 2018 година;

3. Tusevska, Borka (2018) Принципот на целосна хармонизација во европското договорно право. *Fifth international scientific conference “Social change in the global world”,* 1 (1). pp. 113-135. ISSN 978-608-244-548-9, 2018 година;
4. Koshevaliska, Olga and Tusxevska, Borka (2018) *Building Capacities for Preventing Corruption in Higher Education in Macedonia*. Higher Education, corruption and whistleblowers: proceedings of the International conference on corruption in higher education held on September 11, 2018 at South East European University, Skopje, Macedonia, 1 (1). pp. 23-43. ISSN 978-608-65157-4-4, 2018 година;
5. Горан Коевски, Борка Тушевска, Дарко Спасевски, *Парадигмата во односите помеѓу органите на надзор и органите на управување кај акционерските друштва*. Европско право (10). pp. 45-52. ISSN 1857- 842X, 2017 година;
6. Тушевска Гавриловиќ Б., *Одговорноста на стечајниот управник во Република Македонија,* Општествените промени во глобалниот свет. pp. 27-47. ISSN 978-608-244-353-9, 2017 година;
7. Поглавје од книга, *Европско договорно право, Европска унија, право и политики,*Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Центар за анализа на право и политики при УГД 2019 година;
8. Книга – Кошевалиска О., Никодиновска Крстевска А., Тушевска Гавриловиќ Б., Ромите во текот на претходните анализи на рамковниот договор, Здружение на правата на Ромите, 2017 година;
9. Тушевска Б., Мишева К., Кошевалиска О., Практичната настава на студентите во Република Македонија - Предизвици и перспективи на студентите од Правните факултети во Република Македонија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2017 година;
10. Тушевска Гавриловиќ Борка, Трговско право , **Универзитетски учебник,** 2021 година;
11. Тушевска Гавриловиќ Борка, **Договорно право**, Универзитетски учебник, 2020 година.
12. **Предавања: Тушевка Гавриловиќ Б.,** Comparison of the Civil law regulation and practices between North Macedonia, Poland and Lithuania (challenges and solutions). The challenges of the Competition law in North Macedonia, 2021.

**Koevski G., Tushevska Gavrilovikj B., Spasevski D.** ***The concept of leniency in the Republic of North Macedonia, Competition law (in pandemic times): challenges and reforms, special issue*****, Faculty of Law, Josip Juraj, Strossmayer, University of Osjek, ECLIC, 5.2021 година;**

**Кратка научна евалуација**:

Концептот на „попустливост“ во правото на конкуренција, или попознат како „програма за попустливост“, се покажа како исклучително важен инструмент во борбата против нелојалната конкуренција. Во Република Северна Македонија овој концепт на сузбивање или намалување на нелојалната конкуренција, повеќе или помалку, постои исклучиво како законска концепција. Во денешно време, кога ЕУ дискутира за влијанието на глобалната криза и пандемијата на коронавирус врз нивото на искористеност на „програмата за попустливост“, овој концепт сѐ уште е непознат или не е добро познат концепт за деловниот сектор во РНМ.

Главниот фокус на овој напис е „програма за попустливост“ во РНМ. Клучните прашања кои се предмет на дискусија се: дали и колку овој инструмент е предвиден во македонското право за конкуренција? Дали е предвидено само како законска категорија или има и практични импликации? Иако ова истражување се однесува на РСМ, во трудот јасно е образложена потребата од темелно проучување на „попустливост“ и истражување на европската концепција за „попустливост“. Хипотетичка рамка на истражувањето се базира на претпоставката дека применливоста на „програмата за попустливост“ во РНМ

е на најниско ниво. Понатаму, дека претпријатијата не се заинтересирани за примена на „попустливост“. Во трудот се докажува дека ваквата состојба делумно се должи на недостатокот на информации, сложеноста на постапката за аплицирање, како и други фактори кои се поврзани не само со ставот на извршната власт на претпријатијата, туку повеќе со општите економски околности, економскиот развој, пазарот, големината на стоките и услугите итн. Користејќи го аналитичко-дескриптивниот метод, компаративниот метод и методот на анализа и синтеза, во трудот се елаборира состојбата во РНМ во врска со ова прашање и се изнесени ставовите на авторите во поглед на „попустливоста програма“, и што треба да се направи за да се зголеми употребата на оваа програма во македонскиот бизнис сектор.

**Коевски Г., Тушевска Гавриловиќ Б., Спасевски Д.** ***Договорот за јавно-приватно партнерство помеѓу императивните правила на законот за концесии и јавно приватно партнерство и начелото на слободата на договарање,*** **Општествените промени во глобалниот свет - Осма Меѓународна научна конференција Штип 2021 година, 8. pp. 187-204. ISSN 978-608-244-837-4, 2021 година;**

**Кратка научна евалуација:**

Целта на овој труд е да се види степенот и обемот на применливоста на општиот правен режим на облигационото право врза договорите кои имаат специфична правната природа, односно концесиите, особено договорите за јавно приватно партнерство. Авторите во трудот се фокусираат на Законот за концесии и јавно приватно партнерство се содржани одредби со кои се уредуваат односите помеѓу јавниот партнер и приватниот партнер. Во основа се работи за императивни одредби, оттука, предмет на дискусија е и ограничената примена на начелото на автономија на волја на договорните страни. Истовремено, Законот за концесии и јавно приватно партнерство предвидува и комплементарна примена на Законот за облигационите одредби како lex generalis пропис. Конечно, целта на овој труд, е да направи анализа на степенот на слобода на договарање кај договорите за јавно-приватно партнерство. Анализата во овој труд е поставена за да биде од корист во процесот на преговарање и подготвување на конкретни договори за јавно-приватно партнерство, со што ќе им се овозможат соодветни насоки за постапување на договорите страни.

***Горан Коевски, Тушевска Борка, Спасевски Дарко., (2021) Анализа на можноста за воведување на Друштво со ограничена одговорност со едно евро основна главнина според Германскиот модел. Годишен зборник на Правен факултет, 10 (10). pp. 85-91. ISSN 1857-7229, 2021 година;***

**Кратка научна евалуација:**

Во овој труд, предмет на анализа се новопредложените измени на Законот за трговските друштва во поглед на воведување на можноста за основање на друштво со ограничена одговорност со основна главнина од едно евро. Притоа, авторите се осврнуваат на германското решение, каде во 2008 година се воведува исто така можноста за основање на друштво со ограничена одговорност со минимална основна главнина од едно евро. Ваквото решение подоцна се презема и во Хрватска.

Во трудот се анализираат и компарираат европските и светски решенија во поглед на оваа прашање од статусно правна природа. Авторите укажуваат на фактот дека сите овие трендови се мотивирани од британското решение за основање на друштво со основна главнина од една фунта. На крај, во трудот се поентира со предностите и слабостите на овие решенија во смисла на практичните резултати и однесувањето на трговците во прометот на стоки и услуги.

**Tushevska Gavrilovikj B., Competition Law in the Republic of North Macedonia. Pravni vjesnik, 36 (3-4). pp. 43-68. ISSN 1849-0840, 2020 година**

**Кратка научна евалуација:**

Во овој труд се анализира правниот режим на конкурентското право во Република Северна Македонија. Фокусот во овој труд е на правните решенија коишто забрануваат

договори меѓу конкурентите за одредување на цените, поделба на пазарите или на други начини избегнување или поткопување на пазарната конкуренција, инаку познати како закони за конкуренција. Ги истражува условите и предизвиците во имплементацијата на македонските закони за конкуренција, како и улогата на државните (регулаторни) органи, степенот до кој законите за конкуренција се усогласени со законите за конкуренција на Европската унија и конечно, степенот до кој законите за конкуренција се ефективни и корисни за македонската економија.

Правилно имплементираните закони за заштита на конкуренција претставува исклучително битно прашање, истакнува авторот во трудот. Донесувањето соодветни законски и подзаконски акти за заштита на конкуренција е фундаментално за да се постигнат придобивките од пазарната економија. Ова опфаќа економски раст, иновации, пониски цени и повисок квалитет на стоки и услуги. Дополнително важно е донесувањето на законите за конкуренција од осамостојувањето на Република Македонија.

Ова се должи на македонските обврски за исполнување на условите за влез во ЕУ. Дополнително, донесувањето на Законот за конкуренција и подзаконските акти за конкуренција во РСМ позитивно влијае на работата на органите за заштита на конкуренцијата. Преку анализа на компаративните решенија, и низ генезата на настанувањето на законските прописи, авторот истакнува дека овој натпреварувачки правен режим претставува основа за намалување на злоупотребата на државните органи и нивното некомпетентно однесување. На крајот, написот содржи заклучоци, мислења и предлози од спроведеното истражување, кои се надеваме дека ќе бидат од корист за релевантната публика. За анализа на темата за овој напис авторот се користел со аналитичко-дескриптивниот метод, компаративниот метод, методот на анализа и синтеза и методот на индукција и дедукција.

**Koevski, Goran and Tusevska, Borka and Spasevski, Darko (2020) Twenty years after the first virtual-only annual shareholders' meeting: can the virtual-only meeting be a solution during the time of covid-19? The Iustinianus Primus Law Review, 11 (2). pp. 1-10, 2020 година;**

**Кратка научна евалуација**

Во трудот, авторите даваат преглед на развојот на концептот само за виртуелно годишно собрание на акционери. Притоа, авторите ги анализираат спецификите што се одредување на патеката за развој на овој метод на организирање состаноци на акционери. Авторите на трудот, особено се фокусираат на искуствата кои произлегуваат од апликацијата на овој модел во 2020 година. Последново особено под влијание на глобалната пандемија на СОВИД-19. Поинаку, оваа мошне често се користеше како модел на организирање на собири на акционери. Авторите истакнуваат како овие надворешни околности предизвикале имплементација на овој концепт во законската регулатива која ги регулира собирите на акционери само за виртуелно. Во таа насока истакнува на кој начин и под кои услови неколку земји го изменија своето законодавство во овој поглед.

**Тушевска Гавриловиќ Борка, Шаклева Виолета, Системи на контрола во јавните набавки со посебен осврт на претходната (ex-ante) контрола. Општествените промени во глобалниот свет. pp. 460-485. ISSN 978-608-244-353-9, 2020 година;**

**Кратка научна евалуација**

Авторите во трудот ја анализираат застапеноста на корупцијата во јавните набавки коишто претставуваат еден од најкритичните сектори во економијата. Ваквата констатација може да се генерализира за речиси сите правно-економски системи. Ова од причина што не постои правен систем во којшто нема корупцијата во сферата на јавните набавки. Кога станува збор за оваа прашање, фокусот на авторите се става на ефикасноста на системите за редуцирање на просторот за злоупотреба во доделувањето на договорите за јавни набавки, односно намалување на корупцијата.

Компаративно, речиси не постои правен систем што преку имплементација на различни системи на контрола нè се обидуваа ја намали

корупцијата. Токму споменатите системи на контрола се предмет на анализа во овој труд. Со доминантна употреба на аналитичко-дескриптивниот метод, како и компаративниот метод, авторите се обиделе да направат анализа на ова проблематика, ставајќи го акцентот на „претходната контрола“ или позната како “ex-ante” контрола.

Анализирајќи релевантна легислатива, практика и теорија, авторите констатираат дека овој концепт на контрола различно се поима, интерпретира и практикува во правни системи, кои фундаментално тргнале од идентична концептуална постановка во имплементацијата на овој модел на контрола. Ни се чини тоа може да биде генератор за различни проблеми во практиката.

Оттука, главната цел на овој труд е помеѓу другото, да се определи поимот на „ex-ante“ контролата, разграничувајќи го во теоретска смисла со другите типови на контрола, и што е најбитно, укажувајќи на предностите и слабостите од погрешното уредување и практикување на истиот. Предмет на анализа се повеќе правни системи, со фокус на РСМ.

**Aksamovic, Dubravka and Tusevska, Borka (2019). Reorganization and Financial restructuring of companies -Case Croatia and North Macedonia. Balkan Social Science Review, 14 (14). pp. 7-31. ISSN 1857- 8772, 2019 година;**

**Кратка научна евалуација:**

Предмет на анализа во овој труд претставува реорганизацијата на компаниите, како светски прифатен концепт за избегнување ликвидација, се доживува како многу сложено прашање, како во академската средина, така и во кругот на практичари и владини тела.

Комплексноста на ова прашање првенствено произлегува од неговото мултидисциплинарно и мултифункционално влијание, во поширок општествен контекст. Во денешно време, реорганизацијата се смета за најсоодветен модел за зголемување на прекуграничните инвестиции, за намалување на процентот на невработени лица и за намалување на ризикот од заеми во банкарскиот сектор.

За таа цел, авторите се зафатиле со едно многу сериозно прашање, анализирајќи го во контакт на состојбата во последните десет години, а под влијание на бројни и разновидни промени на полето на несолвентното право, особено во ЕУ. Најголем дел од овие измени се однесуваат на промовирање на концептот за превентивно финансиско преструктурирање, како нов концепт за избегнување на несолвентност.

Република Хрватска и Република Северна Македонија се во центарот на вниманието на авторите. Овие земји не се исклучок во однос на овој тренд. Под влијание на политиката за несолвентност на ЕУ, земји во регионот, вклучително и РНМ направија одредени измени во нивните закони. Во овој напис, главното истражување е концептот на „реорганизација“ како воспоставен модел на избегнување ликвидација на должниците и „финансиско преструктурирање на долговите“. Фокусот ќе биде ставен на хрватското и македонското право и практика.

**Tushevska, Borka (2020). The concept of Leniency in European competition law. In: Bratislava Legal Forum 2020, Bratislava, Slovakia, 2020 година;**

**Кратка научна евалуација:**

Главна тема на ова истражување е концептот на „попустливост“ во конкурентското право, со фокус на европското законодавство. Во фокусот на истражувањето се предностите и недостатоците на „попустливост“ во процесот на борба против нелојална конкуренција, т.е. откривање на картели.„Попустливоста“ во ЕУ е плод на посебната политика на ЕУ и нејзиното спроведување е резултат на

посебна стратегија на ЕУ во борбата против фиксирање на куповните или продажна цена, услови за тргување, ограничување на производството или воспоставување продажни квоти, споделување на пазарите, да се договорат за учество на тендери, да го ограничат увозот или извозот и/или антиконкурентното однесување кон другите претпријатија - конкуренти на учесниците во картелот.

Доминантни методи на истражување ќе бидат аналитичко-дескриптивниот метод, компаративен метод и методи на дедукција и индукција. Историскиот метод,методот на синтеза, апстракција и генерализација ќе се користи во некои од анализи на поединечните

аспекти на оваа проблематика. Користење на аналитичко-дескриптивниот и компаративен метод, ќе се анализираат компаративни решенија за да се утврди генеза и развој на концептот на „попустливост", политиката на „попустливост", т.е. програма за „попустливост" во ЕУ.

Ова е последица на фактот дека во основа сите меѓународните решенија се еден вид компромис меѓу земјите-членки, во однос одредени прашања. Главната цел на оваа анкета е да се утврдат придобивките од имплементација на концептот „попустливост", анализа на релевантни теоретски податоци, студија на случај материјали, судски и арбитражни одлуки, а најсуштинските, одлуките на Европската комисија, како орган со јурисдикција за процесите на борба со нелојална конкуренција. Целото истражување е засновано на теоретска анализа, поддржано по практични случаи за сите аспекти на истражувањето. Ова истражување место посебно акцент на спроведувањето на „попустливоста" во Република Северна Македонија, како држава со мала економија, и посебни пазарни карактеристики и пазарна структура. Во овој дел посебно внимание се посветува на прашањето какви се ефектите на имплементацијата на овој концепт во македонското конкурентско право. Резултатите од истражувањата се споредуваат со компаративни решенија во одделни земји-членки и земји кои не се членки, но со слична пазарна структура и карактеристики на македонска економија.

**Горан Коевски, Тушевска Борка, Спасевски Дарко. (2019) Формирање на трговско судство како алтернатива за редефинирање на судството во Република Северна Македонија. Општествените промени во глобалниот свет (6). pp. 52-63. ISSN 978-608-244-353-9, 2019 година;**

**Кратка научна евалуација**

Во овој труд авторите ги анализираат главните трендови, меѓународни искуства и предностите од воведувањето на специјализирани трговски судови во Република Северна Македонија. Споредбената анализа ги зема предвид предностите и слабостите од воведувањето на трговските судови. Истражувањето ги анализира искуствата на земјите од англосаксонското право (САД и Велика Британија) и на земјите од континенталното право (Германија, Франција, Италија, Швајцарија и Холандија) како и на земјите од соседството. Дополнително, авторите прават и анализа на искуствата од работењето на стопанските судови во нашата држава, пред истите да бидат укинати. Како основа на истражувањето во трудот се земаат извештаите на релевантните меѓународни институции за состојбите во судството во Северна Македонија, а пред сѐ извештаите за напредокот на Европската Унија.

**Тушевска Гавриловиќ Б., Спасевски Д.** ***Шпедитерските документи низ призмата на македонската судска практика.*** **International magazine for social sciences "Vizione" Skopje, 1 (31). pp. 131-144. ISSN 1409-8962/ 1857-9221, 2018 година;**

**Кратка научна евалуација**

Предмет на истражување во овој труд претставуваат шпедитерските документи од теоретски и практичен аспект. Огромната и динамична трговија на стоки и услуги придонесе за зголемување на дилемите за правната природа на шпедитер и транспортниот документ, нивните карактеристики и обврските што ги наметнуваат. Имајќи го предвид ова, фокусот во овој труд е ставен на теоретската разработка на секој од документите за шпедитер. Методите кои доминираат во овој напис се описно-аналитички метод и компаративен метод. Главната цел во ова истражување е да се отстранат или намалат некои дилеми за документите на шпедитерот и да се утврдат постојните и идните (потенцијални) дилеми кои се однесуваат на ова прашање.

**Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Ivanova, Elena (2018)** ***Criminological aspects of pink collar crime.*** **Balkan Social Science Review, 11 (11). pp. 51-64. ISSN 1857-8772, 2018 година;**

**Кратка научна евалуација**

Во криминолошките студии на жената како сторител на криминални дејствија, од клучно значење е да се спомене нејзината постепена ескалација на застапеноста во вкупно евидентираниот криминал, глобално гледано. Истакнувајќи ја важноста од развивање доза на „феминистички" пристап во криминологијата, што не би било повеќе туку посебно проучување на жената како сторител, појдовна точка за анализа во овој труд се видовите на злосторствата што таа ги прави, применувајќи ги родово сензибилизиран знак во процесот. Авторите во трудот укажуваат дека не е можно целосно да се презентира моменталната состојба на учеството на жената во севкупниот криминал, без да го споменеме бизнис-жената и криминалните дејствија што таа може да ги направи додека работи.

Авторите образложуваат еден критички пристап, истакнувајќи дека пристапот на жените до моќни организациски структури расте, иако сѐ уште е ограничен, што е во согласност со теоријата на можности. Терминот криминал со „розова јака" се појавува како пандан на криминалот „бел јака" и го вршат жени чии канцелариски работни места може да се окарактеризираат како ниско до средно ниво. Женската инволвираност во криминалот на белата јака постои, но, како што заклучуваат авторите, значително поретко од онаа на мажот и се врши од значително пониски позиции. Оттука и насловот на трудот.

**Tushevska B., Koshevaliska O. Comparative legal aspects of corporate crime, Judicial reforms and anti -corruption practices : challenges, prospects and transfer of experiences, 1. pp. 75-94. ISSN 978-608-248-023-7, 2018 година;**

**Кратка научна евалуација**

Целта на овој труд е теоретски и практично да го проучи концептот на „корпоративен криминал" во контекст на компаративни законски решенија, теоретски концепти и практични импликации. За таа цел, авторите се користат со методот на анализа, со фокус на методот на компаративна правна анализа, која во основа треба да ни овозможи да анализираме компаративно правна решенија кои го регулираат ова прашање и нивните практични импликации.

Постојат бројни теоретски и практични истражувачки трудови на оваа тема кои вклучуваат економска, правна, социолошка, криминолошка димензија. Сепак, спецификите на ова истражувањето може да се види низ меѓусебната анализа на корпоративните и криминалните аспекти на ова издавање и ставање во служба на систематско проучување на најсовремените и најфреквентните модели на „корпоративен криминал", а во исто време ќе се потрудиме да го илустрираме потенцијални закани за извршување на корпоративен криминал во процесот на корпоративното управување и конечно ќе се потрудиме да набљудуваме дали може видот и должината на потенцијалната казна да ги потисне или намали овие злосторства.

Главниот научен поттик на авторите на трудот е подемот на „корпоративните криминал", особено преку проширувањето во создавањето транснационални компании, дневниот преземања и спојувања на компании (банки, осигурителни компании), зделки помеѓу заинтересирани забави, пријателски и непријателски трансфери на капитал, злоупотреба на процедури за јавност набавки, доделување јавни договори итн. Покрај ова, предизвикот да се проучи ова прашање произлегува од сложеноста во лоцирањето на деликти на корпоративното управување, нивната дистинкција како прекршочно однесување заедно со корпоративните кривични дела, утврдувањето на одговорност за реституција во случај на кривично дело и конечно утврдување на суштината на овие видови на кривични дела.

**Tusevska, Borka (2018) Принципот на целосна хармонизација во европското договорно право.** ***Fifth international scientific conference "Social change in the global world",*** **1 (1). pp. 113-135. ISSN 978-608-244-548-9, 2018 година;**

**Кратка научна евалуација**

Предмет на проучување во овој труд претставува принципот на „целосна хармонизација"(full harmonization) во европското договорно право. Главната идеја на оваа истражување, е да се анализираат предностите и слабостите од имплементацијата на

принципот на „целосна хармонизација“, versus принципот на „минимална хармонизација“, и истите да се доведат во врска со функционирањето на заедничкиот европски пазар, степенот на ефикасност на заштита на предвидените права, конкурентноста помеѓу трговците, и влијанието врз обемот и динамиката на прекуграничните трансакции.

Преку проучување на оваа прашање, главната идеја на авторот е да се согледа ивлијанието на овој принцип врз националните законодавства на земјите-членки, влијанието врз интерпретацијата на европското право од страна на националните судови, и конечно, да се согледа неговиот вистински капацитет во создавањето на хармонизирано европско договорно право.

Структурата на трудот е concipирана согласно предметот, целта и очекуваните резултати од истражувањето. Фокусот е на директивите во областа на европското потрошувачко право, како сфера во која доминира хармонизацијата. Во интерес на сеопфатна анализа на поставениот предмет на истражувањето, во трудот се анализираат референти пресуди на Судот на Правдата на Европската Унија.

**Koshevaliska, Olga and Tusxevska, Borka (2018) *Building Capacities for Preventing Corruption in Higher Education in Macedonia.* Higher Education, corruption and whistleblowers: proceedings of the International conference on corruption in higher education held on September 11, 2018 at South East European University, Skopje, Macedonia, 1 (1). pp. 23-43. ISSN 978-608-65157-4-4, 2018 година;**

**Кратка научна евалуација:**

Целта на овој труд е да даде краток вовед за корупцијата воопшто и за корупцијата во високото образование во Македонија. Авторите во трудот, успеваат на јасен начин да ја дефинираат феноменологија и етиологија во високото образование за да се утврди до каде сме и да можеме да дојдеме до релевантни заклучоци и да дадеме препораки за успешна борба против корупцијата во високото образование. За да бидеме сеопфатни ќе ги елабориреме релевантните закони за борба и спречување на корупцијата во високото образование и ќе се обидеме да го процениме потенцијалот на нашето законодавство за успешна борба против корупцијата во високото образование. Конечно, авторите семтаат дека имаме солидна легислатива, но нашата недела е нивната имплементација и реалната можност за спроведување на одредбите од соодветните закони. Мораме да работиме на градење капацитети особено во оние области каде често има корупција.

**Горан Коевски, Борка Тушевска, Дарко Спасевски, Парадигмата во односите помеѓу органите на надзор и органите на управување кај акционерските друштва. Европско право (10). pp. 45-52. ISSN 1857- 842X, 2017 година;**

**Кратка научна евалуација:**

Предмет на анализа во овој труд претставуваат односите помеѓу органите на надзор и управните органи кај капиталните друштва, поточно кај АД. На база на спроведеното истражување физиономијата на органите на акционерските друштва потребно е да биде структурирана на начин којшто ќе овозможи механизми за надзор и контрола помеѓу собранието на друштвото и органите на надзор и на управување. Во истражувањето на ова прашање од корпоративна правна природа авторите утврдуваат дека кај акционерските друштва е присутен предизвикот како да се спречи евентуалната отуѓеност на органот на управување наспроти другите интересовни групи (акционерите, друштвото во целина, органот на надзор). Конечно, авторите утврдуваат дека потребно е механизмите на надзор и контрола, врз делегираните овластувања, да бидат строго определени, со цел да се заштитат интересите на друштвото.

**Тушевска Гавриловиќ Б., Одговорноста на стечајниот управник во Република Македонија, Општествените промени во глобалниот свет. pp. 27-47. ISSN 978-608-244-353-9, 2017 година;**

**Кратка научна евалуација:**

Предмет на проучување во овој труд претставува концептот на граѓанско правната одговорност на стечајните управници во Република Македонија. Проблематиката предвидена како предмет на истражувањето, се проучува преку анализа на применливото материјално граѓанско право, а во одредени сегменти, за потребите на истражувањето, тематиката се анализира и низ призмата на применливото граѓанско процесно право. За авторот на трудот, предизвикот да се истражува оваа материја произлегува од бројните практични проблеми и дилеми, што го доведуваат во прашање ефикасното и законито спроведување на стечајните постапки во Република Македонија. Во насока на ова, при спроведувањето на стечајните постапки се наметнуваат прашањата за видот и обемот на одговорност на стечајниот управник, правните стандарди за утврдувањето на одговорноста на стечајниот управник, концептот на надомест на штета на стечајните доверители и доверителите на стечајната маса, правниот режим на застареност на побарувањето по основ на штета причинета од стечајниот управник итн.

При проучувањето на оваа материја, авторот ги зема предвид и решенијата предвидени во „кодексот на етиката за стечајните управници, и „професионалните стандарди за стечајна постапка.“ На овој начин, со помош на компаративно дескриптивна-анализа на законските решенија и теоретски концепти, анализа на воспоставените професионални стандарди и решенијата предвидени во етичкиот кодекс, ќе се обидеме да ги елаборираме предностите и слабостите во постојните решенија и практики, како и да укажеме на можните интервеции на ова поле, со цел отстранување на одредени недоследности и подобрување на состојбата на ова поле.

**Поглавје од книга, *Европско договорно право, Европска Унија, право и политики,* Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Центар за анализа на право и политики при УГД 2019 година;**

**Кратка научна евалуација**

Во овој труд како посебно поглавје од книгата со наслов Европска унија, право и политики се анализира европскиот правен режим во делот на договорното право. Поточно, авторот успеал преку една темелна и посеопфатна анализа да го опфати прашањето „*има ли европско договорно право*“, што опфаќа, каква е оправданоста на истото и кои се предностите и слабостите во градењето и надградувањето на една посебна гранка во делот на договорите. Авторот на почеток истакнува дека најголема унифицираност и хармонизираност, оттука и реално постоење на европско договорно право има во делот на потрошувачкото, каде што се донесени најголем број на регулативи и директиви. Оваа поглавје претставува темелна анализа, вклучува бројни и хетерогени анализи, и конечно, во голема мерка, како систематизиран материјал на оваа проблематика, придонесува кон разјаснување на одредени прашања од оваа проблематика.

**Книга – Кошевалиска О., Никодиновска Крстевска А., Тушевска Гавриловиќ Б., Ромите во текот на претходните анализи на рамковниот договор, Здружение на правата на Ромите, 2017 година;**

**Кратка научна евалуација**

Оваа коавторска книга претставува своевидно претставување на податоците од претходно спроведени проектни активности во рамки на проект со наслов: Мрежа на ромски граѓански организации, под раководство на Здружението на правата на Ромите - Штип. Користејќи веќе објавени податоци и податоци од спроведените проектни активности, авторите успеале во целта што ја поставиле, а тоа е да ја претставуваат состојбата на Ромите во последните децении, укажувајќи на перспективите за нивно подобро инкорпорирање во секојдневните општествено економски збиднувања.

**Тушевска Б., Мишева К., Кошевалиска О., Практичната настава на студентите во Република Македонија - Предизвици и перспективи на студентите од Правните факултети во Република Македонија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2017 година;**

**Кратка научна евалуација**

Монографијата насловена како „Практичната настава на студентите во Република Македонија - предизвици и перспективи на студентите од правните факултети“ е плод на повеќегодишна научно истражувачка работа на авторите на трудот. Монографијата е изработена во рамки на проектот насловен како „Кадровскиот капацитет, потребите и развојните потенцијали на малите и средни бизниси во Источниот регион, базирани на знаења“. Од истражувањата спроведени во рамки на проектот, авторите проучуваат повеќе аспекти на практичната настава, од кои како најсуштинските ги издвојуваат четири посебни глави на овој научно истражувачки труд.

Монографијата претставува издание во кое е содржана материја што се однесува на практичната настава во Република Македонија, со фокус на практичната настава на студентите од правните факултети. Содржината и структурата на монографијата е адаптирана на потребите на релевантните субјекти од јавниот и приватниот сектор, каде прашањето за практичната настава честопати е предмет на бројни теоретски делиберации и практични анализи. Ова првенствено се однесува на Универзитетите, каде прашањето за квалитетот на спроведувањето на практичната настава има битно значење, и суштински влијае врз нивото на квалитет на целокупниот наставно-образовен процес.

**Тушевска Гавриловиќ Борка, Трговско право, универзитетски учебник, 2021 година;**

**Кратка научна евалуација**

Учебникот со наслов „Трговско право“ претставува плод на повеќегодишна научноистражувачка работа на авторот. Содржински, системски, академски и методолошки, учебникот целосно ги задоволува потребите на универзитетски учебник и е во целосна функција на реализирање на наставно-научната програма на предметот трговско право што авторот и го предава на правниот факултет при УГД. Додадена вредност на учебникот претставува бројната и хетерогена практика од домашните и странските судови, кои ги запознава студентите со практичната димензија на оваа проблематика.

**Тушевска Гавриловиќ Борка, Договорно право, универзитетски учебник, 2020 година.**

**Кратка научна евалуација**

Учебникот со наслов „Договорно право“ исто така е плод на повеќегодишна научноистражувачка работа на авторот. Содржински, системски, академски и методолошки, учебникот целосно ги задоволува потребите на универзитетски учебник. Овој учебник е во функција на реализира на наставната програма по договорно право. Материјалот, содржината целосно одговараат на потребите на програмата.

**Проектни активности на кандидатот:**

- Erasmus + project Jean Monnet Module EU Competition Law на покана на проектен тип од Правен факултет во Осјек.
- „Чувар на правата на потрошувачите“ – Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и медиумите за монитиринг, промоција и застапување на заштитата на потрошувачите Watchdog of Consumer Justice: Strengthening Capacities of CSOs and Media to Monitor, Promote and Advocate for Consumer Protection in North Macedonia), го спроведува Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје во периодот декември 2019 – декември 2020 година.
- Учесник на проект: Migration and asylum policies systems (maps) Jean Monnet project University of Naples “L’Orientale” (2018 – 2021);
- Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политики, Nikodinovska Krstevska, Ana and Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena and Todorova, Biljana and Sutova, Milica and Galeva, Jordanka and Doneva, Natasa and Zdraveva, Ana (2021).

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

По основ на повеќегодишното познавање на кандидатката д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, остварената соработка на полето на наставата, науката, научно и стручно остварените проектни активности, земајќи ги предвид остварените резултати во сите категории на рецензирање, настава, наука и стручно апликативна работа, истовремено земајќи го предвид реализираниот фонд на часови по предмети во областа на деловното право, на прв и и втор циклус, комисијата констатира дека кандидатката д-р Борка Тушевска од почетокот на академската, наставно-научната кариера, до денес, стекнала капацитети, вештини и компетенции да одговори на потребите кои ги наметнува звањето за кое конкурира на овој конкурс – редовен професор во областа на деловното право. Преку своите научни и стручни истражувања, публикувани резултати од бројни и хетерогени научни истражувања, кандидатката дава своевиден придонес во научната правна мисла од областа на деловното право. За истакнување е фактот што во рамките на својата наставно-педагошка дејност кандидатката дава придонес во едуцирањето и усовршувањето на студенти од други студиски програми на приватното, а во одредени сегменти, како надградба и на гранки од јавното право. Со тоа покажува капацитет на компетентен наставник. Стекнатото искуство и согледаните резултати од наставно-педагошката дејност, кандидатката го публикува во посебна „монографија", како коавторство.

Во делот на научноистражувачката дејност, за истакнување е широкиот корпус на трудови од областа на деловното право, кои вклучуваат: трговско право, стечајно, конкурентско право, меѓународни трговско договори итн. Токму ова претставува додадена вредност на творечкиот опус на кандидатката, која не се задржува на само една област, туку темелно работи на сите овие посебни дисциплини кои влегуваат во областа на деловното право. Од презентираните податоци во извештајот, заслужува внимание нејзиното учество на бројни конференции реализирани во земјата и во странство. Во творечкиот опус на кандидатката генерално влегуваат трудови од областа на деловното право, а за истакнување е и тоа што и во своите анализи кандидатката отвора повеќе системски прашања кои допираат и до други области. Автор е на два универзитетски учебници, кои претставуваат задолжителна литература за подготовка на материјалот по предметите на кои кандидатката е ангажирана од почетокот на нејзината кариера како помлад асистент. Во поглед на едуцирањето и усовршувањето на студентите, кандидатата имам менторирано дипломски работи на повеќе од 30 студенти, магистрирано повеќе од 20 студенти. Како член на комисија за одбрана на дипломски и магистерски, таа има учествувано во повеќе од 50 комисии.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во изборниот период, кандидатката д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ ги има реализирано следниве стручно-апликативни и организациски активности. Имено, од приложената документација се утврдува дека покрај својата научно-истражувачка дејност, таа активно ја гради и развива својата стручно апликативна дејност, а преку учество во различни комисии, универзитетски и факултетски тела, соодветно се развива и во делот на организационо-развојната дејност. Кандидатката во изборниот период, континуирано учествува во изработка на стручна анализа и извештај за состојбата на полето на јавните набавки во Република Северна Македонија, по основ на ангажман на Светска банка, за што има посебно признание од истата. Во дел од реализирани проектни активности, таа изработува стручни анализи и извештаи на темите на кои е проектот. За истакнување е изработката на 5 водичи кои претставуваат стручна анализа на полето на потрошувачкото право во Република Северна Македонија, а како дел од проектот „Чувар на правата на потрошувачите" – Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и медиумите за мониторинг, промоција и застапување на заштитата на потрошувачите Watchdog of Consumer Justice: Strengthening Capacities of CSOs and Media to Monitor, Promote and Advocate for Consumer Protection in North Macedonia), го спроведува Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје во периодот декември 2019 – декември 2020 година.

Кандидатката учествува во повеќе факултетски и универзитетски комисии, а за истакнување е нејзиниот избор за сенатор, член на Универзитетската комисија за спроведување на самоевалуација, во два мандата, учествува во изработката на програмите за акредитација од областа на деловното право и тоа во рамкии на прв, втор и трет циклус. Кадидатката има искуство и со концептот на „доживотно учење“, и тоа како раководител на центарот за доживотно учење при УГД. Кандидатката е рецензент на повеќе научни и стручни публикации, а истовременено е рецензент на кандидати по конкурс за избор во асистент во звање, и тоа од областа на деловното право, а како трет член и во областа на граѓанското право.

Се прикажуваат активностите кои се составен дел на табелите во Правилникот.

Активностите во табелата се бодирани согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Активностите се поделени во трите законски категории, кои се предвидени и во правилникот: (НО) +(НИ) +(САОР). Во табелата поените во наставно образовната дејност се базираат на ангажманот на кандидатката во рамките на прв и втор циклус, и како вонреден професор 40 поени. Во научно истражувачката дејност, претставени се првенствено 6 научни трудови, кои се законски минимум за избор во звање, и услов согласно правилникот. Понатаму, бодувани се сите други научни трудови, согласно поените предвидени во правилникот, водејќи сметка за тоа дали авторот е прв, втор или трет автор во коавторството. Бодувањето на поените во делот на трудови од зборници објавени од конференции, е согласно правилникот, водејќи сметка дали трудот, или активноста што се бодува е во списание регистирано во базата на СЦИ/ЦА/останати. Поените од учебници, книги, монографија и дел од книга, е согласно правилникот, а истите се објавени во е-библиотеката и е-базата на трудови на УГД, како отворена база на Универзитетот. Поените кои се предвидени во делот на стручно-апаликативната дејност се доделени согласно правилникот, а на база на одлуките со кои кандидатката е избрана од надлежното тела на факултетот или Универзитетот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование на Република Северна Македонија и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ ги има поднесено сите потребни документи кои се наведени во распишаниот конкурс од 29 април 2022 година од страна на Универзитетот за 1 извршител на областа деловно право и истите се правно важечки согласно со важечкото релевантно законодавство во Република Северна Македонија.

На база на приложените документи од страна на кандидатката, а и по основ на оствареното наставно, научно, стручно, апликативно и организациско творештво, кандидатката има богата наставно-образовна дејност на првиот и вториот циклуси студии на Правниот факултет при УГД, била ментор на повеќе дипломски и магистерски трудови одбранети на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и во текот на изборниот период предавала предмети кои се од областа на деловното право, односно трговско право, стечајно право, конкурентско право, меѓународни трговско договори итн.

Кандидатката за избор во редовен професор конкурира со два универзитети учебника, со една монографија, две книги, и едно поглавје од книга. Истовремено, кандидатката конкурира со 14 трудови кои претставуваат научни публикации во смисла на толкувањето на Законот за високо образование. Кандидатката конкурира со трудови објавени во меѓународни научни списанија и трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции. По основ на бодувањето од правилникот на УГД, таа ги остварува потребните поени од сите три предвидени категории на бодување.

Исто така, кандидатката има активности како истражувач во научноистражувачки проекти. Покрај тоа, кандидатката има богата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Дава голем придонес во развојот на Универзитетот преку нејзините активности како раководител на Центарот за доживотно учење, член на комисијата за спроведување на самоевалуација на Универзитетот, изработка на елаборати, член на стручни тела и други стручни комисии. Од приложените активности може да се заклучи дека кандидатот има 249.5 бодови, во согласност со табелата за бодирање на активностите од правилникот на УГД. Има богата научноистражувачка и наставно - образовна активност како вонреден професор во областа на деловното право и значајна стручно-апликативна и организациско-развојна активност.

Имено, станува збор за кандидатка со високи научни, наставни и стручни капацитети, која има дадено голем придонес во развојот на деловното право.

Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно- научниот совет на Правен факултет при УГД, да го усвои нашиот предлог, кандидатката вонреден професор д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ да ја избере во наставно-научно звање редовен професор на областа деловно право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Горан Коевски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Александар Климовски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Војо Беловски, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Избор во звање вонреден професор | | | | | 40 поени |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40 поени** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Монографија или научна книга<br>***под реден број 19 од публикуваните трудови во изборниот период** | 1 | 10 | | | 10 |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга<br>***под реден број 17 од публикуваните трудови во изборниот период** | 1 | 6 | | | 6 |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) | | | | | |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>***во 7 трудови (под реден број 1,2,3,5,7,11,15) кандидатката е втор автор, а во три труда, кандидатката е прв автор (под реден број 4,10,12) од публикуваните трудови во изборниот период** | 7<br>3 | 6 (бодување за втор автор)<br>9 (бодување за прв автор) | | | 42<br>27<br>69 |
| **5.** | Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир (***трудовите се објавени под реден број 6,8,9,13,14 од публикуваните трудови во изборниот период** | 5 | 2 | | | 10 |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | | | | |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт<br>***реден број 22 од активностите во периодот на избор** | 1 | 2 | | | 2 |
| **8.** | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | | | 1 | 1.5 | 1.5 |
| **10.** | Одбрана на докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **11.** | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | | | | |
| **12.** | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | 4 |
| **13.** | Раководител на научен проект | | | | | |
| **14.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 2 | 2 | 3 | 8 |
| **15.** | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 1 | 1 | | | 1 |
| **16.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 1 | 1 | | | 1 |
| **17.** | Уредник на зборник на трудови | | | | | |
| **18.** | Уредник на зборник на трудови од научен собир,, фестивал | | | | | |
| **19.** | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | | | | | |
| **20.** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 |
| **21.** | Основач на научна лабораторија | | | | | |
| **22.** | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | | | | | |
| **23.** | Студиски престој во странство | | | | | |
| **24.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/ останати) | 20 | 1 | | | 20 |
| **25.** | Рецензент на научен проект | | | | | |
| **26.** | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | | | | | |
| **27.** | Учество во ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело | | | | | |
| **28.** | ;Монументално ликовно дело | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **143.5** |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Книга/учебник<br>***реден број 18, 20 и 21 од публикуваните во изборниот период** | 3 | 10 | | | **30** |
| **2.** | Поглавје од книга | | | | | |
| **3.** | Речник | | | | | |
| **4.** | Стручна монографија | | | | | |
| **5.** | Труд во стручно-научно популарно списание | | | | | |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | | | | | |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир | | | | | |
| **8.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **9.** | Уредник на стручно списание | | | | | |
| **10.** | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | | | | |
| **11.** | Уредник на зборник на трудови на стручен собир | | | | | |
| **12.** | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир | | | | | |
| **13.** | Учесник на научен проект (максимум во три проекта) | | | | | |
| **14.** | Стручни награди и признанија | | | 1 | 8 | 8 |
| **15.** | Раководител на катедра, оддел, центар | 2 | 3 | | | 6 |
| **16.** | Член на Универзитетски или владини тела | 2 | 5 | | | 10 |
| **17.** | Член на факултетски орган или комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| **18.** | Класен раководител, согласно Кредит - трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | 2 | 4 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **66** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **249.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАКОГЕНЕТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-110/11 од 5.4.2022 година донесена на 276. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 5.4.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент /насловен вонреден професор за наставно-научната област фармакогенетика (30603) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– **д-р Елена Дракалска-Серсемова -** вонреден професор за наставно-научните области фармацевтска технологија и социјална фармација, вработена на Факултет за медицински на науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – претседател;
– **д-р Сотирија Дувлис**, доцент за наставно-научната област имунологија, вработена на Факултет за медицински на науки при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип - член;
– **д-р Марија Дарковска-Серафимовска**, доцент за наставно-научната област фармакологија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 17.3.2022 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

**Марија Таскова**, доктор на хемиски науки од областа на биомолекуларна хемија.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката д-р Марија Таскова, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:

- Пријава;
- Кратка биографија (4 примероци);
- Диплома за завршени додипломски студии на Фармацевтски факултет (оригинал и заверена кај нотар);
- Уверение за положени испити од додипломски студии на Фармацевтски факултет (заверена кај нотар);
- Диплома за одбранета докторска дисертација;
- Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство (еден примерок оригинал и три копии заверени кај нотар);
- Примерок од докторската дисертација;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Примерок од објавените трудови;
- Сертификат за познавање на англиски јазик;
- Еден примерок од докторската дисертација (оригинал);
- Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатката **д-р Марија Таскова** е родена на 11 август 1990 год. во Радовиш, Р. Македонија. Основно училиште завршува во ОУ „Коста Рацин”- Подареш и продолжува со средно образование (2004 до 2008 година) во гимназијата СОУ „Коста Сусинов”, Радовиш – природно математичка насока со континуиран одличен успех. На Фармацевтски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Р. Македонија, се запишува во 2008 година и дипломира на 30 мај 2013 год. со просечен успех 8,30 и освоени 300 кредити со што се стекнува со академското звање магистер по фармација. По завршување на задолжителниот стаж го полага стручниот испит во декември 2013 година и се стекнува со работна лиценца од Фармацевтската комора на Македонија. Во февруари 2014 година се запишува на магистерски студии на Факултетот за физика, хемија и фармација при Универзитетот на Јужна Данска (SDU) во Оденсе, Данска. Во февруари 2016 година се стекнува со втора магистратура по хемија и истражување на тема „Хемија на нуклеински киселини”.

Во април 2016 г. се запишува на докторски студии на Данскиот Технички Универзитет (DTU) во Копенхаген, Данска. Во мај 2019 година ја брани докторската дисертација на тема „Нови алатки за ултраспецифично таргетирање на нуклеински киселини“ и се стекнува со титулата доктор на хемиски науки.

Со нострификацијата на докторската диплома во Министерството за образование на Република С. Македонија се стекнува со титулата Доктор на хемиски науки од областа на биомолекуларна хемија (Решение за признавање и еквиваленција на високообразовна квалификација стекната во странство бр. 24-188 од 25.2.2022 год. од Министерство за образование.

Од јануари до мај 2018 година реализира студиски престој во Центарот за генска терапија, Бекман истражувачки институт (BRI, City of Hope) во Лос Анџелес, Калифорнија.

Од декември 2019 година до јануари 2022 работи како примарен истражувач на Адолф Меркел институтот, Универзитет во Фрибург, Швајцарија, финансиран од Швајцарската национална фондација. Истовремено, кандидатката д-р Марија Таскова работи и како предавач на повеќе предмети при различни универзитети: Хемија на елементите, Органска хемија и Производство и дизајн на лекови при Универзитетот на Јужна Данска, Данска, Биомолекуларна хемија на Техничкиот универзитет во Данска, Биохемија при Универзитетот на Фрибург, Швајцарија. Менторира повеќе помлади истражувачи на додипломски и постдипломски студии.

Активно се служи со англиски и германски јазик.

Во текот на нејзината наставно научна кариера активно учествувала на многу меѓународни конгреси, симпозиуми и едукативни манифестации за што сведочат објавените научни трудови.

Кандидатката е член на Кралското здружение на хемичари (RSC), Американското хемиско здружение (ACS), Здружението на биофизичари (BPS) и Здружението за олигонуклеотидни терапевтици (OTS).

Во 2019 добива независен грант од Националниот центар за компетенција во истражување за биоинспирирани материјали од Швајцарската национална фондација.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент**

Општи и посебни услови кои д-р Марија Таскова ги исполнува за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научно звање на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Општи услови за избор:**

***1. Просечен успех од прв и втор циклус студии.*** Кандидатот д-р. Марија Таскова има завршено интегрирани студии од прв и втор циклус на студии (300 кредити) на

Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (300 кредити) со просечен успех 8,35 и се стекнува со звање магистер по фармација.

***2. Научен степен доктор на науки од областа во која се избира***. Кандидатката има научен степен доктор на хемиски науки од областа на биомолекуларна хемија, со кој се стекнала по одбраната на докторската дисертација со наслов „Нови алатки за ултраспецифично таргетирање на нуклеински киселини“ на Данскиот технички универзитет (DTU) во Копенхаген, Данска.

***3. Објавени најмалку четири научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години***.

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Година на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Roslyn M. Ray, Anders Højgaard Hansen, **Maria Taskova**, Bernhard Jandl, Jonas Hanse, Citra Soemardy, Kevin V. Morris and Kira Astakhova (2021) | Enhanced target cell specificity and uptake of lipid nanoparticles using RNA aptamers and peptides | Beilstein Journal of Organic Chemistry2021, 20217 **(IF 2.88)** | 2005 |
| 2 | Domljanovic I, **Taskova M,** Miranda P, Weber G, Astakhova K (2020) | Optical and theoretical study of strand recognition by nucleic acid probes | Communications Chemistry 2020, 3,111-124. **(IF 6.58)** | 2018 |
| 3 | **Taskova M,** Astakhova K.,(2020) | Solid-Phase Hybridization Assay for Detection of Mutated Cancer DNA by Fluorescence. Methods | Methods Mol Biol, 2020, 37-44 **(IF 1.413)** | 2012 |
| 4 | **Taskova M,** Astakhova K.(2019) | Fluorescent Oligonucleotides with Bis(prop-2-yn-1-yloxy)butane-1,3-diol Scaffold Rapidly Detect Disease-Associated Nucleic Acids. | Bioconjugate Chemistry, 2019, 12, 3007-3012. **(IF 4.77)** | 1990 |
| 5 | Ray RM, Hansen AH, Slott S, **Taskova M**, Astakhova K, Morris KV.(2019) | Control of LDL Uptake in Human Cells by Targeting the LDLR Regulatory Long Non-coding RNA BM450697. | Molecular Therapy Nucleic Acids. 2019, 17, 264-276. **(IF 8.88)** | 2012 |

***4. Сертификат за познавање на англиски јазик.-*** Кандидатката активно го познава англискиот јазик (доставена соодветна потврда)

**Посебни услови:**

1. Препораки од двајца професори од соодветната област;
2. Учество во три меѓународни проекти;
3. Активно партиципира во работилници и има престои во странство, со што го унапредува своето стручно познавање, кое понатаму го пренесува на своите соработници и колеги,

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Својата наставно-образовна дејност д-р Марија Таскова ја започнува во 2013 како асистент по биохемија на Фармацевтскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ - Скопје. Во 2016 година работи како асистент на предметот Хемија на елементи при Универзитетот во Јужна Данска. Во периодот од 2017-2019 година држи практична настава по предметот Органска хемија при Универзитетот во Јужна Данска и Биомолекуларна хемија на Техничкиот Универзитет во Данска. Во 2020 до 2021 е ангажирана како предавач по Биохемија на Универзитетот во Фрибург, Швајцарија за теоретска настава наменета за магистранди. Во 2017 година кандидатката менторираше студент во лабораторија во период од 6 месеци при изведување на експериментите за дипломската теза, анализа на резултатите и пишување на научни трудови што резултираше со успешна одбрана и публикација на труд со импакт фактор. Во 2018 година кандидатката Марија Таскова во склоп на проектот „Luminex' флуоресцентни микросфери за детекција на miRNA во серум вршеше обука на студент во период од една година и дополнително менторираше студент за работа во лабораторија во период од една година за одбрана на магистерски труд. Истата година кандидатката изврши обука на двајца студенти за липидни наночестички за испорака на терапевтска РНА што резултираше со публикација на труд со импакт фактор. Во 2020 година кандидатката изврши обука на студент што му помогна при обработка на резултатите за магистерската теза за оптимизација на RCA (Rolling Circle Amplification).

Како резултат на нејзиниот научноистражувачки труд и учеството во бројни меѓународни проекти во последните пет години д-р Марија Таскова има објавено 13 трудови во списание со фактор на влијание (SCI листа, Clarivate analytic/ Thomson Reuters), 1 рецензирана книга/монографија исто така со фактор на влијание и 1 труд во меѓународно списание. Учествува на бројни конгреси, симпозиуми и семинари во странство. Активното учество го реализира со презентација на оригинални трудови и како поканет предавач. Автор и коавтор е на 30 трудови презентирани и публикувани на меѓународни манифестации и списанија.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија и списанија со фактор на влијание во последните 5 години (2017 до 2022 год.)**

Во последните пет години д-р Марија Таскова има објавено 13 трудови во списание со фактор на влијание (SCI листа, Clarivate analytic/ Thomson Reuters), 1 рецензирана монографија исто така со фактор на влијание и 1 труд во меѓународно списание.

1. Roslyn M. Ray, Anders Højgaard Hansen, **Maria Taskova**, Bernhard Jandl, Jonas Hanse, Citra Soemardy, Kevin V. Morris and Kira Astakhova (2021) Enhanced target cell specificity and uptake of lipid nanoparticles using RNA aptamers and peptides Beilstein J. Org. Chem, 2021, 20217. **IF 2.88**

Таргетирање и испорака на липидни наночестички преку крвно-мозочната бариера претставува голем предизвик. Во овој проект ние дизајниравме и синтетизиравме липидни наночестички изградени од јонизирачки катјонски липиди, декорирани на површината со два различни клеточно пенетрирачки пептиди или РНА аптамери. Според добиените резултати, ние заклучивме дека додека РНА аптамерите придонесуваат за зголемена пенетрација и испорака на наночестичките, овој ефект не е видлив со декорација со пептидите. Исто така, ние докажавме дека нашите липидни наночестички покажуваат ниска имуногеност и ниски токсични профили.

2. Domljanovic I, **Taskova M,** Miranda P, Weber G, Astakhova K (2020); Optical and theoretical study of strand recognition by nucleic acid probes; Comm. Chemistry, 2020, 3,111-124. **IF 6.58**

Целта на трудот беше да пронајдеме нови трендови за креирање дијагностички алатки за генски мутации кои предизвикуваат канцер. Ние студиравме сет од природни и модифицирани олигонуклеотидни дуплекси со комбинација на оптички и теоретски методи. Овде за првпат ние објавивме и посочивме на големиот ефект на адитивите на дуплексот.

3. **Taskova M,** Astakhova K.(2019) Fluorescent Oligonucleotides with Bis(prop-2-yn-1-yloxy)butane-1,3-diol Scaffold Rapidly Detect Disease-Associated Nucleic Acids. Bioconj Chem, 2019, 12, 3007-3012 **IF 4.77**

Во овој труд успешно синтетизиравме нов скафолд за модификација на нуклеински киселини. Понатаму истиот беше успешно имплементиран во рационално дизајнирани ДНА секвенци и користен за ковалентно врзување на флуоресцентни бои. Конечно, иновативните флуоресцентни ДНА секвенци беа користени за детекција на онкогени. Ние заклучивме дека новите флуоресцентни проби имаат солидна ефикасност за детекција на мутации ин витро.

4. Ray RM, Hansen AH, Slott S, **Taskova M**, Astakhova K, Morris KV (2019) Control of LDL Uptake in Human Cells by Targeting the LDLR Regulatory Long Non-coding RNA BM450697. Mol Ther Nucleic Acids. 2019, 17, 264-276. **IF 8.88**

Целта на трудот е дизајн и карактеризација на две нови потенцијални олигонуклеотидни терапевтици (siRNA) за хиперхолестеролемија. Ние заклучивме дека новите siRNA терапевтици конјугирани со GalNAc лиганд имаат ефикасно тагетирање во црниот дроб и долгорочен ефект.

5. Moss KH, Popova P, Hadrup SR, Astakhova K, **Taskova M** (2019) Lipid Nanoparticles for Delivery of Therapeutic RNA Oligonucleotides., Mol Pharm, 2019, 6, 2265-2277 **IF 4.93**

Овој научен труд е преглед и во истиот ги истраживме липидните наночестички за испорака на терапевтски РНА олигонуклеотиди. Заклучивме дека липидните наночестички се потенцијални кандидати за испорака на терапевтиците. Денес тие се користат за испорака на РНА во вакцините против Ковид.

6. Domljanovic I, Hansen AH, Hansen LH, Klitgaard JK, **Taskova M***, Astakhova K (2018) Studies of Impending Oligonucleotide Therapeutics in Simulated Biofluids Nucleic Acid Ther., 2018, 28, 348-356. **IF 5.48**

Во овој труд ние систематски ја студиравме стабилноста на олигонуклеотидни терапевтици во симулирани биолошки течности. Ние заклучивме дека модифицираните и коњугираните олигонуклеотиди со пептиди имаат поголема 24 часовна стабилност во серум во споредба со природните олигонуклеотиди.

7. Astakhova K, Ray R, **Taskova M**, Uhd J, Carstens A, Morris K. (2018) "Clicking" Gene Therapeutics: A Successful Union of Chemistry and Biomedicine for New Solutions. Mol Pharm., 2018, 8,2882-99. **IF 4.93**

Ова е преглед (review) каде го истраживме процесот и методите на коњугација на генските терапевтици. Заклучивме дека коњугираните олигонуклеотидни терапевтици имаат подобри својства од природните и дека оптимизација на постоечките хемиски методи е потребна.

8. Domljanovic I, Rexen Ulven E, Ulven T, Thomsen RP, Okholm AH, Kjems J, Voss A, **Taskova M**, Astakhova K.(2018) Dihydropyridine Fluorophores Allow for Specific Detection of Human Antibodies in Serum ACS Omega., 2018, 7, 7580-86. **IF 3.51**

Во овој труд развивме нови флуорофори кои формираат комплекси со дуплекс ДНА и со спознавање на антитела за ДНА даваат оптички одговор. Овие нови флуорофори имаат значително подобри својства во споредба со моментално достапните бои и можат да бидат значајни во истражувачка и клиничка дијагностика.

9. **Taskova M**, Madsen CS, Jensen KJ, Hansen LH, Vester B, Astakhova K. (2017) Antisense Oligonucleotides Internally Labeled with Peptides Show Improved Target Recognition and Stability to Enzymatic Degradation Bioconjug Chem., 2017, 3, 768-774. **IF 4.77**

Во овој труд ние успешно синтетизиравме иновативни олигонуклеотидни терапевтици коњугирани со пептиди. Новите терапевтици имаат подобрено таргетирање и покажуваат поголема резистентност против деградација од ензими.

10. **Taskova M,** Uhd J, Miotke L, Kubit M, Bell J, Ji HP, Astakhova K.,(2017) Tandem Oligonucleotide Probe Annealing and Elongation To Discriminate Viral Sequence Anal Chem., 2017, 8, 4363-66. **IF 6.98**

Во овој научен труд ние опишавме иновативен хемиски метод за елонгација на олигонуклеотиди со цел детекција на вирален генетски материјал. Ние демонстриравме дека со овој метод може да се детектира помалку од 2 pM таргет вирална РНА за помалку од 2 часа.

11. **Taskova M,** Barducci MC, Astakhova K.,(2017) Environmentally sensitive molecular probes reveal mutations and epigenetic 5-methyl cytosine in human oncogenes; Org Biomol Chem., 2017, 27, 5680-84. **IF 3.87**

Во овој научен труд ние опишавме едноставен метод за специфична детекција на клинички значајни модификации кај човечки онкогени BRAF и KRAS. Заклучивме дека епигенетски промени можат да се детектираат со примена на ефективен хибридизирачки метод.

12. Westergaard Mulberg M, **Taskova M**, Thomsen PR, Okholm HA, Kjems J, Astakhova K., (2017) Novel fluorescent nanoparticles for ultrasensitive detection of nucleic acids by optical methods ChembioChem., 2017, 16, 1599-1603. **IF 3.16**

Во овој труд ние развивме нови флуоресцентни наночестички за детекција на нуклеински киселини. Заклучивме дека овие флуоресцентни наночестички имаат висока фотостабилност, висока флуоресцентност и со тоа и помал лимит за детекција на таргетот во споредба со индивидуалните органски бои.

13. **Taskova M**, Mantsiou A, Astakhova K. (2017)Synthetic Nucleic Acid Analogues in Gene Therapy: An update for Peptide-Oligonucleotide Conjugates , Chembiochem., 2017, 17, 1676-82. **IF 3.16**

Овој труд претставува преглед (review) во кој направивме истражување за синтетските нуклеински киселини во генска терапија. Посебен осврт беше даден на пептидо-олигонуклеотидните конјугати.

14. J. Uhd, **M. Taskova**, A. Okholm, K. Astakhova.,(2017) Amplification-free liquid biopsy by fluorescence approach TechConnect 2017, Proceedings, chapter 4: Diagnostics and Bioimaging.

Во овој труд ние истражувавме нови флуоресцентни методи за детекција на генски мутации без амплификација на генетскиот материјал.

**Монографија од книга**

15. **Taskova M,** Astakhova K.,(2020) Solid-Phase Hybridization Assay for Detection of Mutated Cancer DNA by Fluorescence. Methods Mol Biol, 2020, 37-44. **IF 1.17**

Во оваа монографија успешно развивме и објавивме хибридизирачки метод за детекција на мутирана канцер ДНА со флуоресценција.

**Издвоени презентации на конференции и стручни собири во периодот од 2017 до 2022 год.**

16. **Taskova M** and Astakhova K (2017); Интраклеточна испорака на генска терапија BIT's 7th Annual Symposium of Drug Delivery Systems, Prague, Czech Republic, **(орална презентација)**
17. **Taskova M** and Astakhova K. (2017) Нови методи за коњугација на ДНА и РНА олигонуклеотиди, Oligonucleotides and Peptides Therapeutics (TIDES), San Diego, USA, **(постер презентација)**
18. M. Westergaard Mulberg, **M. Taskova**, A. Okholm, J. Kjems, K. Astakhova (2017).,Novel fluorescent nanoparticles for ultrasensitive identification of nucleic acids by optical methods, TechConnect 2017, Proceedings, chapter 4: Diagnostics and Bioimaging. **(орална презентација)**
19. Ray M. R, Hansen H. A, **Taskova M**, Astakhova K, Morris K., (2018) Modulation of Ldlr and Cholesterol by Transcriptional Silencing of the Long Non-Coding Rna Bm450697 American Society of Gene and Cell Therapy, Chicago, USA. **(орална презентација)**
20. Villamizar O, Scott T, Grepo N, **Taskova M**, Astakhova K and Morris K.,(2018) Functionally Enhanced cystic fibrosis transmembrane conductance regulator expression by dCas9-VPR and BGas siRNA nanoparticles American Society of Gene and Cell Therapy, Chicago,

USA. **(постер презентација)**

21. Hansen H. A, **Taskova M,** Astakhova K (2018), siRNA-GalNAc conjugation strategy for efficient delivery of LDLR and cholesterol modulating siRNA XXII IRT of Nucleosides, Nucleotides and Nucleic acids, San Diego, USA. **(постер презентација)**
22. **Taskova M** and Astakhova K,(2018) Модифицирани олигонуклоеотидни секвенци како напредни дијагностички алатки; 7th EUCheMS Chemistry Congress, Liverpool, UK,. **(орална презентација)**
23. **Taskova M** and Astakhova K.(2020) Иновативни модифицирани олигонуклеотидни секвенци како терапевтици; 16th Annual meeting of the Oligonucleotide Therapeutic Society, Virtual conference, **(постер презентација)**
24. **Taskova M**, Domljanovic I, Hansen LH and Astakhova K. (2021); Стабилност и ензимска резистенција на модифицирани олигонуклеотидни секвенци Oligonucleotides and Peptides Therapeutics (TIDES), Boston, USA. **(постер презентација)**

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Марија Таскова во периодот од 2017 до 2022 година има реализирано повеќе презентации на научни конференции и стручни собири за континуирана едукација.

25. Курс за одговорно извршување на научно истражувачка работа, SDU Denmark, 2017
26. Работилница за моќни перформанси при научна работа, DTU, Denmark, 2018
27. Семинар за патентирање, Switzerland, 2019
28. Работилница за меѓуколегијални односи, Regard, Switzerland 2020
29. Семинар-кружна маса за родова еднаквост во академија, Switzerland 2020
30. Работилница за Adobe Ilustrator, Switzerland, 2021
31. Семинар-кружна маса за соработка и колаборации во академија, Switzerland, 2021
32. Семинар за персонално презентирање на компании, Switzerland, 2021

Кандидатката д-р Марија Таскова почнувајќи од 2017 година учествува во следниве проекти:

33. Sousa de Almeida M, Rothen-Rutishauser B, Mayer M and **Taskova M** Мулти-модифицирани олигонуклеотидни секвенци за подобрена интрецелуларна испорака, Switzerland, 2019-2022.**(раководител на проектот)**
34. Domljanovic I, Ianiro A, Rueegg C, Mayer M and **Taskova M** Студија за кинетика на хибридизација на природни и модифицирани ДНК и РНК секвенци, Switzerland, 2019-2022. **(раководител на проектот)**
35. **Taskova M** and Astakhova K Алатки за ултра-специфично таргетирање и детекција на нуклеински киселини, Denmark, 2016-2019.
36. **Taskova M,** Domljanovic I, Rexen Ulven E, Ulven T, Thomsen RP, Okholm AH, Kjems J, Voss A and Astakhova K Нови флуорофори за специфична детекција на антитела во серум, Denmark 2017-2018.
37. **Taskova M**, Morris K, Astakhova K ,Олигонуклеотид-пептид биоконјугирани терапевтици за ефикасна клеточна интернализацијаUSA, 2018.
38. **Taskova M**, Ray M. R, Højgaard Hansen A, Jandl B, Hansen J, Soemardy C, Morris K and Astakhova K,Функционализирани липид-siRNA полиплех наночестички за мозочна испорака на siRNA терапевтици; Denmark 2018-2019.
39. **Taskova M**, Morris K, Astakhova K,Биоконјугација на CRISPR Cas9 за интрацелуларна таргетирана испорака и евалуација на активност, USA, 2018.
40. **Taskova M**, Domljanovic I, Miranda P, Weber G and Astakhova K,Оптички и теоретски студии за препознавање на секвенци на нуклеински киселини, Denmark, 2018-2019.
41. **Taskova M**, Ray M. R, Højgaard Hansen A, Jandl B, Hansen J, Soemardy C, Morris K and Astakhova K, Таргетирање на долга некодирачка РНК, Denmark 2018-2019.

**Стручни награди/признанија**

Како млад истражувач во декември 2019 година е добитник на постдокторски грант од Националниот центар за компетенција во истражување за биоинспирирани материјали од Швајцарската национална фондација за наука (SNSF)**.**

42. Грант од Швајцарската национална фондација (NCCR, SNSF) за проект: Мулти-модифицирани олигонуклеотидни секвенци за подобрена интрацелуларна пенетрација

Кандидатката е раководител во лабораторијата за клеточни култури при Институтот „Adolphe Markle" и е одговорна за оперирање и одржување на Expedite ДНК и РНК синтетизер, HPLC и MALDI-TOF системи.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Марија Таскова ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање насловен доцент и за целокупната активност во извештајниот период од 2017 до 2022 година има остварено (НО=, НИ=209.5 и САОР=64) = 273,5 поени.

Од целокупната презентирана досегашна активност може да се заклучи дека кандидатот д-р Марија Таскова поседува исклучителни квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност.

Имајќи ги предвид сите факти што се наведени во овој извештај, како и освоените поени од нејзините активности од наставно - образовната, научно -истражувачката и стручно - апликативната дејност, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет да ја избере кандидатката д-р Марија Таскова во звање насловен доцент за наставно-научната област фармакогенетика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Д-р Елена Дракалска-Серсемова, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Сотирија Дувлис, доцент, член, с.р.**
**Д-р Марија Дарковска-Серафимовска, доцент, член, с.р.**

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Марија Таскова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев”**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Монографија или научна книга (бр.15) | | | | 15 | 15 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор - бр.3, 9, 10, 11 и 13) | / | / | 5 | 15 | 75 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (втор автор - бр.2 и 12 ) | | | 2 | 10 | 20 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (трет автор - бр.1, 4 и 7) | | | 7 | 5 | 35 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (останати автори – бр 5, 6 и 8) (над 5 коавтори во публикација x 0,7) | | | 3 | 5 | 15 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор – бр. 14 | | | 1 | 6 | 6 |
| | Учество на научен собир со реферат (усна презентација) (бр. 16, 18, 19 и 22) | | | 4 | 2 | 8 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер презентација) (бр. 17, 20, 21, 23 и 24) | | | 5 | 1,5 | 7.5 |
| | Одбранета докторска теза | | | 1 | 8 | 8 |
| | Раководител на научен проект (бр. 33 и 34) | | | 2 | 6 | 12 |
| | Студиски престој во странство | | | | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **209.5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Пленарно предавање на стручен собир (бр. 25-32 ) | | | 8 | 4 | **32** |
| | Учесник во научен проект (бр. 35, 36 и 37) (максимум во три проекти) | | | 3 | 8 | **24** |
| | Стручни награди и признанија (бр. 42) | | | 1 | 8 | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **64** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **273,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-128/3 од 26.4.2022 година донесена на 277. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 26.4.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент /насловен вонреден професор за наставно-научната област дерматовенерологија (30201) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

**- д-р Андреј Петров -** вонреден професор за наставно-научната област дерматовенерологија, вработен на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип – претседател (назначена со Решение бр. 2002-128/45 од 26.4.2022 донесено на 277. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип);

**- д-р Весна Бришкоска-Бошковски -** насловен доцент за наставно-научната област дерматовенерологија, вработена во ЈЗУ ГОБ “8-ми Септември” во Скопје - член; (назначена со Решение бр. 2002-128/46 од 26.4.2022 донесено на 277. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип);

**- д-р Милка Здравковска**, редовен професор за наставно-научната област Епидемиологија и здравствена статистика и информатика на Факултет за медицински науки, УГД, вработена на Факултет за медицински на науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – член; (назначена со Решение бр. 2002-128/47 од 26.4.2022 донесено на 277. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 11.4.2022 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

**д-р Мирела Василева**, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на дерматовенерологија.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката д-р Мирела Василева, вра основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:

- Пријава;
- Кратка биографија (4 примероци);
- Диплома за завршени додипломски студии на Медицински факултет (оригинал и заверена кај нотар);
- Уверение за положени испити од додипломски студии на Медицински факултет (оригинал и заверено кај нотар);
- Диплома за завршен втор циклус студии (оригинал и заверена кај нотар)
- Уверение за положени испити од втор циклус студии (оригинал и заверено кај нотар)
- Диплома за одбранета докторска дисертација (оригинал и заверена кај нотар)
- Уверение за положени испити од трет циклус студии (оригинал и заверено кај нотар)
- Примерок од докторската дисертација
- Примерок од магистерски труд
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Примерок од објавените трудови;
- Сертификат за познавање на англиски јазик ;
- Уверение за завршена специјализација
- Уверение за државјанство

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатката **д-р Мирела Василева** е родена на 30 октомври 1989 год. во Штип, Р. Македонија. Средно образование завршува во Штип во Гимназијата „Славчо Стојменски". Дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип во 2014 година, а во 2016 г. го одбранува својот магистерски труд на тема „Квалитет на живот и ризик од депресија кај лица со Psoriasis vulgaris". По дипломирањето започнува да работи како лекар волонтер во Клиничка болница - Штип на Одделението за дерматовенерологија, а потоа продолжува да работи како матичен лекар во ПЗУ „Д-р Василев" во Штип. Од 2016 година работи како лекар на Одделението за дерматовенерологија во Клиничка болница - Штип. Во 2019 година добива стипендија од Европската академија на дерматовенеролози за млад дерматовенеролог, а во 2020 година добива награда од Британската асоцијација на педијатриски дерматолози во конкуренција на повеќе млади лекари од Источна Европа. На почетокот од 2020 година посетува обука за работа со пациенти со Hidradenitis suppurativa во Универзитетската дерматолошка клиника „Andreas Sigros" во Атина, Грција. Во 2020 година го положува специјалистичкиот испит по дерматовенерологија и се стекнува со назив – специјалист по дерматовенерологија. Од 2021 година работи како стручњак од пракса за предметот Дерматовенерологија на Медицинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Од 2021 година е член на бордот на едитори на реномираното интернационално медицинско списание Dermatology and dermatitis, а од 2022 година е член на бордот на едитори на дерматолошко интернационално списание Global journal of cosmetic dermatology.

Во февруари 2022 година ја брани својата докторска дисертација на тема „Прогностички фактори при третман на венски улкуси на долните екстремитети кај пациенти со хронична венска инсуфициенција" под менторство на проф. д-р Елизабета Зисовска и проф. д-р Александар Анчевски.

Активно се служи со англиски, шпански и германски јазик.

Во текот на нејзината наставно научна кариера активно учествувала на многу домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и едукативни манифестации за што сведочат и сите рецензирани трудови како и сите оние кои се во постапка на рецензија.

Кандидатката е член на Лекарска Комора на Македонија, Македонското лекарско друштво, Здружение на дерматовенерolозите на Македонија, Европската академија на дерматовенеролози ЕАДВ, Интернационалната дермоскопска асоцијација, Асоцијација на српската козметска и естетска дерматологија АСКЕД. Основач е и претседател на хуманитарното здружение „Д-р Симон Василев" чија примарна цел е поддршка на студентите по медицина и идни доктори.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент**

**Општи услови за избор**

Кандидатката д-р Мирела Василева ги исполнува сите услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на доцент, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија и тоа:

***1.*** Просечен успех од прв циклус студии 8,06

***2.*** Просечен успех од втор циклус студии 9,6

***3.*** Просечен успех од трет циклус студии 10,00

***4.*** Научен степен доктор на науки од областа во која се избира. Кандидатката има научен степен доктор по медицински науки од областа дерматовеерологија, со кој се стекнала по одбраната на докторската дисертација со наслов „Прогностички фактори при третман на венски улкуси на долните екстремитети кај пациенти со Хронична венска инсуфициенција"

***5.*** Објавени најмалку четири научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Majhosheva M, Vasileva S, Vasilev S, Vasilev B, Drakalska Sersemova E. (2020) | Quality of life in patients with psoriasis vulgaris during the COVID-19 pandemic. | Our Dermatol Online. | 0.74 |
| **2** | **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V. (2020) | Pyoderma gangrenosum associated with ulcerative colitis. Case report and literature review. | Our Dermatol Online. | 0.74 |
| **3** | **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V.  (2020) | Cutaneous side effects of hydroxyurea in a patient with thrombocytosis. | Our Dermatol Online. | 0.74 |
| **4** | **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Vasileva S. (2020) | Dermatology residents and teledermatology education during COVID-19. | Our Dermatol Online. | 0.74 |
| **5** | **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Petrov A, Zisovska E. (2021) | Treatment of venous ulcers in drug addicts: A case report. | Our Dermatol Online. | 0.74 |
| **6** | **Vasileva M**, Mirova Shakleva E, Petrovski D, Lazarova G, Petrovska Noveska B, Brishkoska Boshkovski V, Dimitrovska I.(2020) | Efficiency of 5 fluorouracil solution application using dermaroller in the treatment of vitiligo. | International Journal Of Medical Science in Clinical Research and Review | 5.782 |
| 7 | 1. **Mirela V** and Ljupka L (2022) | Family History of Chronic Venous Insufficiency and Complications in Pregnancy Due To GeneticMutations Case Reports. | Global J Clin Coseme Dermat | 2.6 |
| 8 | Petrov A, **Vasileva M**. (2021) | Effect of platelet rich plasma on a diffuse effluvium in post-COVID-19 infection. | Our Dermatol Online | 0.74 |
| 9 | Brishkoska-Boshkovski V, **Vasileva M**, Baloski M. (2020) | Factors Associated with Longer Length of Stay in Recurrent Cellulitis on Lower Legs | Open Access Maced J Med Sci | 0.73 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Brishkoska-Boshkovski V, **Vasileva M**, Dimitrovska I, Grivcheva-Panovska V. (2020) | Coronavirus Disease-19 Pandemic and Dermatology. What to Expect? | Open Access Maced J Med Sci | 0.73 |
| 11 | Vasilev B, **Vasileva M**, Vasileva S. (2022) | The role of peripheral arterial occlusive disease in the healing of venous ulcers. | Our Dermatol Online | 0.74 |
| 12 | Latkoska S **Mirela V** Petrov A and Boshkovski VB(2022) | Mesotherapy and PRP Treatment in Combination with Hair Loss in Women Case ReporT | Global J Clin Coseme Dermat | 2.6 |

*6.* Сертификат за познавање на англиски јазик.- Кандидатката активно го познава англискиот јазик (доставена соодветна потврда)

*7.* Способност за изведување на високообразовна дејност – Со активното учество во наставата како асистент кандидатката покажа висока способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

***1*. Препораки од двајца професори од соодветната област** – Кандидатката достави две препораки од проф. д-р Нада Петрова и проф. д-р Љубица Павлова, специјалисти по дерматовенерологија, редовни професори во пензија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" - Скопје.

***2*.** – Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Мирела Василева е доктор на медицински науки - клиничка медицина, област – дерматовенерологија. Д-р Василева активно е вклучена и во изведувањето на практичната настава на студентите по медицина. Во текот на својата научноистражувачка дејност има објавено голем број стручни трудови во домашни и меѓународни списанија. Во текот на овие години активно и пасивно учествува на повеќе симпозиуми, конгреси и семинари поврзани со дерматологијата.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија во последните 5 години**

1. Brishkoska-Boshkovski V, **Vasileva M**, Baloski M. Factors Associated with Longer Length of Stay in Recurrent Cellulitis on Lower Legs. Open Access Maced J Med Sci. 2020 May 05; 8(B):490-494 https://doi.org/10.3889/oamjms.2020.4074

Целта на студијата е да се дефинираат коморбидитетите, клиничките и лабораториско-биохемиските фактори асоцирани со подолг болнички престој, кај пациенти со рекурентен целулитис на потколениците. Студијата идентификува неколку независни фактори кои се значително поврзани со подолг болнички престој. Овие независни фактори присутни при приемот можат да го стратифицираат ризикот кај пациентот со цел да се подобри грижата за истиот и да се намалат бројот на релапси и реадмисии во болница.

2. Brishkoska-Boshkovski V, **Vasileva M**, Dimitrovska I, Grivcheva-Panovska V. Coronavirus Disease-19 Pandemic and Dermatology. What to Expect? Open Access Maced J Med Sci. 2020 Sep 25; 8(T1):290-293. https://doi.org/10.3889/oamjms.2020. 5032

Трудот претставува анализа на најчестите психодерматолошки нарушувања и нивни импликации во ерата на пандемијата со КОВИД-19. Пропорцијата на пациенти кои пријавуваат емоционални предизвикувачи, се движи од приближно 50% кај акни до 90% кај розацеа, алопеција ареата, псоријаза, невротични екскоријации, лихен симплекс и може

да биде 100% за пациенти со хиперхидроза. Заклучокот е дека се потребни посеопфатни студии за импликациите на пандемијата КОВИД-19 кај овие пациенти.

3. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V. Pyoderma gangrenosum associated with ulcerative colitis. Case report and literature review. Our Dermatol Online. 2020;11(e):e119.1-e119.3 DOI: 10.7241/ourd.2020e.119

Во овој труд е прикажан случај на 30-годишна пациентка со екстраинтестинални компликации во склоп на инфламаторни болести на цревата, во овој случај потврдениот улцерозен колитис. Пиодерма гагренозум - улцерозни промени на долните екстремитети е најчесто првиот симптом на улцерозниот колит и може да појави кај дури 25% од пациентите со инфламаторна болест на цревата. Овој труд ја потенцира токму ваквата асоцијација, предизвикот за нејзина дијагноза, како и фактот дека ефективен третман на кутаните улцери вклучува третман пред сè на основната болест.

4. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Majhosheva M, Vasileva S, Vasilev S, Vasilev B, Drakalska Sersemova E. Quality of life in patients with psoriasis vulgaris during the COVID-19 pandemic. Our Dermatol Online. 2020;11(Supp. 2):1-5. DOI:10.7241/ ourd.2020S2.1

Ова истражување беше насочено кон утврдување на квалитетот на животот кај пациенти со псоријаза, за време на пандемијата КОВИД-19. Во ова истражување користевме Прашалник DLQI (Дерматолошки индекс за квалитет на живот). Сто испитаници учествуваа активно во ова истражување. Резултатите од оваа студија, се во согласност со други студии извршени во последните години.

5. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V. Cutaneous side effects of hydroxyurea in a patient with thrombocytosis. Our Dermatol Online.2020;11(Supp. 3):10-12. DOI: 10.7241/ ourd.2020S3.3

Овој труд прикажува пациент со есенцијална тромбоцитемија на редовна терапија со хидроксиуреа, препарат чија долготрајната употреба е поврзана со кожни компликации како што се трофични улцери на долни екстремитети и немеланотични карциноми на кожата.

6. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Vasileva S. Dermatology residents and teledermatology education during COVID-19. Our Dermatol Online. 2020;11(Supp. 2):17- 18. DOI: 10.7241/ourd.2020S2.6

Во овој труд се опишуваат предизвиците со кои се соочуваат младите специјализанти по дерматовенерологија во време на пандемија со ковид-19 и улогата на теледерматологијата.

7. **Vasileva M**, Mirova Shakleva E, Petrovski D, Lazarova G, Petrovska Noveska B, Brishkoska Boshkovski V, Dimitrovska Efficiency of 5 fluorouracil solution application using dermaroller in the treatment of vitiligo. Vol 3 No 03 , (2020): l Journal Of Medical Science in Clinical Research and Review

Овој труд сугерира за нова ветувачка терапевтска метода во третманот на витилиго, со употреба на локален 5-флуороурацил (5-FU) и дермаролер. Патохистолошкиот наод сугерира дека 5-флуороурацилот, веројатно ја стимулира репигментацијата кај витилигото, преку директна стимулација на размножување на меланоцитите и зголемување на бројот на меланозоми во кератиноцитите.

8. Petrov A, **Vasileva M**. Effect of platelet rich plasma on a diffuse effluvium in post-COVID-19 infection. Our Dermatol Online.2021

Во овој труд се опишува нова тераписка можност кај пациентите кои страдаат од опаѓање на косата после прележување на КОВИД 19. Употребата на плазма богата на тромбоцити е ветувачки третман за решавање на проблемите со ефлувиум.

9. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Petrov A, Zisovska E. Treatment of venous ulcers in drug addicts: A case report. Our Dermatol Online. 2021;12(4):439-441.

Во овој труд се прикажани два случаи на интравенски зависници со развиени венски улкуси и предизвиците со кои се соочуваат дерматолозите при третирање на истите. Прикажана е важноста од мултидисциплинарен пристап и поддршката која им се дава на зависниците при соочувањето со здравствени проблеми.

10. Latkoska S **Mirela V** Petrov A and Boshkovski VB(2022). Mesotherapy and PRP Treatment in Combination with Hair Loss in Women Case Report Global J Clin Coseme Dermat 3(1): 108

Во овој труд се прикажани нови тераписки можности за пациенти со интензивно проретчување на коса. Употребата на плазма богата со тромбоцити во комбинација со мезотерапија се покажа доста успешна во решавање на овој проблем кај 3 пациентки.

11. **Mirela V** and Ljupka L (2022). Family History of Chronic Venous Insufficiency and Complications in Pregnancy Due To GeneticMutations Case Reports. Global J Clin Coseme Dermat 3(1): 107

Трудот ја прикажува важноста на деталната анамнеза при спроведувањето на клиничките прегледи. Прикажани се два случаи во кои пациентките се соочуваат со спонтани абортуси неколку пати, и немаат никакви знаци на постоење на венска инсуфициенција. Со добивање на анамнестички податок за постоење на ХВИ во блиската фамилија од прв ред, направено е генетско тестирање каде се добиени генетски мутации и е докажана вродена тромбофија. По дијагностицирање на истите двете пациентки се соодветно третирани и успешно ја поминуваат следната бременост.

12. Vasilev B, **Vasileva M**, Vasileva S. The role of peripheral arterial occlusive disease in the healing of venous ulcers. Our Dermatol Online. 2022;13(2):1-3.

Во овој труд се прикажува улогата на Периферната артериска оклузивна болест при заздравувањето на венските улкуси. Во истражувањето се вклучени пациенти со ПАОБ и активен венски улкус и е докажано одложено заздравување на улкусите.

**Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми во последните 5 години:**

1. Pyoderma gangrenosum as the primary clinical manifestation of autoimmune diseases M. Gjufteski, **M. Vasileva**, V. Briskoska Boskovski Book of abstract - Втор конгрес на студенти Факултет за медицински науки Штип – 2019г 14. Во овој труд се разработуваат неколку случаи на автоимуни заболувања, најчесто инфламаторните цревни болести, кај кои Пиодерма гагренозум промените се појавиле како прва манифестација.

2. Treatment of facial angiofibromas B. Dzidrova**, M. Vasileva** , V. Briskoska – Boskovski Book of abstract Втор конгрес на студенти Факултет за медицински науки Штип – 2019 г. Во овој труд е презентиран случај на успешно третирани ангиофиброми на фацијалната регија, кај пациент со туберозна склероза со користење на CO2 ласер.

3. The psychosocial impact of Hidradenitis suppurativa - Vasileva S., Vasilev S., Vasilev B., Brishkoska Boshkovski V., **Vasileva M**. E-poster 29th EADV Congress Vienna, 29th – 31st October, 2020. Овој труд го акцентуира психосоцијалниот ефект на супуративниот хидраденитис на квалитетот на животот кај пациентот. Во нејзиниот третман, покрај биолошката терапија, денес се препорачува интегриран пристап кој вклучува и психосоцијална поддршка.

4. Molluscum contagiosum in a 9 months old baby with Atopic dermatitis **Vasileva M**., Vasileva S., Mirova Shakleva E., Brishkoska Boshkovski V. E-poster 29th EADV Congress Vienna, 29th – 31st October, 2020. Во овој труд се презентира редок случај на екстензивни молуски, кај 9-месечно дете со атописки дерматитис.

**5. Vasileva M**.Vasilev S.Vasilev B.Vasileva S. Bacteriology of venous ulcus.II antiage congress of associacion of dermatovenerologist of Montenegro 01-03 Jun 2017 Budva Montenegro. Во овој случај се презентираат сите изолирани бактерии од венски улкуси кај пациенти кои биле хоспитализирани во Клиничка болница Штип.

6. **Vasileva M**.Vasileva S. Brishkoska-Boshkovski V. Larva migrans cutis. 20th National Conference of the Bulgarian Dermatological Association. September 2019 Albena Bulgaria. Во овој труд се презентира редок случај на кутана ларва мигранс.

7. Zlatanova D. Vasileva S. Vasilev B.Vasilev S. **Vasileva M**. Употреба на антидепресиви кај пациенти со Psoriasis Vulgaris. Втор конгрес на студенти по општа медицина. Мај 2019 Штип. Во овој труд се презентира зачестеноста на употреба на антидепресиви кај пациентите со дијагностицирана Psoriasis Vulgaris.

8. . **Vasileva M**.Vasilev S.Vasilev B.Vasileva S.Ecthyma simplex-case report.Book of abstracts.VI Congress of dermatovenerologists of Macedonia with international participation, Ohrid, 27-30.09.2017. Во овој труд е презентиран случај на успешно и краткотрајно

лекувана Ecthyma simplex.

9. Vasileva S.**Vasileva M.**Vasilev B.Vasilev S. ROZACEA DIFFERENTIAL DIAGNOSIS. II antiage congress of associacion of dermatovenerologist of Montenegro 01-03 Jun 2017 Budva Montenegro. Во овој труд се разработени сите диференцијални дијагнози кои може да водат до погрешно дијагностицирање при Розацеа.

10. Vasilev S, **Vasileva M,** Vasileva S, Vasilev B. KERATOACANTHOMA DORSI – Case report. II antiage congress of associacion of dermatovenerologist of Montenegro 01-03 Jun 2017 Budva Montenegro. Во овој труд се презентира редок случај на кератоакантом на грбот кој е третиран хируршки.

**Приказ на докторската дисертација**

Целта на докторската дисертација е да се дефинираат клиничките, лабораториско-биохемиските и околината на улкусот, локализацијата и големината како прогностички фактори во третманот, и да се утврди влијанието на коморбидитетите врз терапискиот исход. Истражувањето е ретроспективно-проспективна кохортна студија која се изведува на Одделот за дерматовенерологија во ЈЗУ ГОБ „8 Септември“ во Скопје и Одделот за дерматовенерологија при Клиничка болница Штип. Во студијата се анализирани 105 пациенти со Хронична венска инсуфициенција со развиен активен венски улкус на долните екстремитети, кои се поделени во три групи според времетраењето на улкусот. Првата група се пациенти чие времетраење на улкусот е најкратко односно 4 недели, втората група се пациенти чиј улкус затворил во период до 12 недели и во третата група припаѓаат пациентите чиј улкус трае подолго од 12 недели.

Заклучно се идентификувани неколку независни фактори што можат да го предвидат терапискиот исход кај венските улкуси и тоа – Периферна артериска оклузивна болест, Тромбофлебит, големина на улкус >2cm, околина на улкус (еритем и едем, липодерматосклероза), времетраење на улкусот пред третман, комплицирање на улкусот со суперинфекција и возраста на пациентот. Хроничата венска инсуфициенција е едно од најчестите заболувања во нашата држава, а краен стадиум е појавата на венски улкуси. Венските улкуси претставуваат голем проблем како здравствен така и психосоцијален за пациентите кои страдаат поради нивната долготрајност и рецидивност. Дефинирањето на прогностичките фактори за тераписки исход кај овие пациент може значително да го намали периодот на времетраење на улкусот со успешно регулирање на терапијата уште при првиот клинички преглед.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупно наведената наставна, научноистражувачка и стручно-апликативна, како и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Мирела Василева детално е наведено дека кандидатката ги исполнува условите на Законот за високо образование, како и на Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за избор во насловно звање доцент од областа дерматовенерологија. Имајќи го предвид горенаведеното, како и врз база на личното познавање на кандидатката, имаме чест на **Наставно-научниот совет да му предложиме да ја избере д-р Мирела Василева во звање насловен доцент по наставно-научната област дерматовенерологија**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Андреј Петров, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Весна Бришкоска-Бошковски, доцент, член, с.р.**
**Д-р Милка Здравковска, редовен професор, член, с.р.**

**ПРИЛОГ**
**Табела за вреднување на активностите на д-р Мирела Василева, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев"**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | Поени | | број | поени | |
| 1. | Избор во звање помлад асистент | | | | | |
| 2. | Избор во звање асистент | | | | | |
| 3. | Избор во звање асистент докторанд | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор-реден број 3,4,5,6,7,9,11) | | | 7 | 9 | 63 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (коавтор -реден број 1,2,8,10,12) | 2 | 6 | 3 | 6 | 30 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание ( останати автори-реден број 19, 22 и 23) | | | | | |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) земјата и во странство – во земјата (реден број 1,2,7) – во странство (реден број 3,4,5,6,8,9,10) | 3 | 1,5 | 7 | 1.5 | 15 |
| | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **134** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | | | | | |
| | Стручни награди и признанија - Стипендија од Европската академија на дерматолози и венеролози 2019год. | | | 1 | 4 | 4 |
| | Член на институтски орган, комисија | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **6** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **138** |